

01

# ИМАМЕ РЕШЕНИЈА!

# ИМАМЕ РЕШЕНИЈА!

## ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ,

СДСМ има своја историја, своја сегашност и своја иднина. Ние денес сме реформирана партија, со нови идеи, со нови сили, со нова програма и со нов пристап. Остануваме сериозни и стабилни, но сега сме подобри и посилни. Спремни сме да се соочиме со предизвиците. Имаме решенија за надминување на политичката неизвесност и економската стагнација.

СДСМ секогаш ќе биде партија која е сериозна, одмерена, стабилна, прогресивна, пред и над се, посветена на Република Македонија. СДСМ била и останува посветена на дијалогот, толеранцијата и мирниот соживот. СДСМ е обединета околу своите темелни вредности: слободата, еднаквоста и солидарноста.

Слободата е најважна и за неа не се преговара, неа или ја има или ја нема. Со храброст ќе го надминеме стравот и ќе го победиме популизмот. Ќе ги вратиме личните слободи и колективните права што заеднички ќе ги славиме со сите граѓани.

Свесни сме дека решавањето на економските и социјалните проблеми се главните потреби на граѓаните. Најмногу од се ќе се посветиме на намалување на сиромаштијата и подобрување на стандардот на живот на секој поединец. Токму тоа и го предлагаме во новата програма. Имаме решенија кои се јасни, мерливи и остварливи. Решавањето на економските и социјалните проблеми на граѓаните е нашата мисија!

Нашата нова програма е реална стратегија за севкупен развој на државата. Ние ги гледаме работите од перспектива на социјалдемократијата, но нашите главни мотиви и интереси се да ја направиме државата развиена и силна. Потребите на граѓаните се во фокусот на програмата, а основата е во економската и социјалната политика. Нашата политичка платформа и политичка стратегија се дел од новата програма. Програмата е нашата визија за развој на државата!

## *ИМАМЕ РЕШЕНИЈА ЗА НАЈВАЖНИТЕ ПРАШАЊА СО КОИ Е СООЧЕНА МАКЕДОНИЈА:*

***1. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И СПРАВУВАЊЕ СО ТЕШКИТЕ СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ;***

***2. РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈАТА И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ;***

***3. КОНТИНУИРАНО ХАРМОНИЗИРАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ ВО ЗЕМЈАТА;***

***4.ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ЕФИКАСНО ПОЛИТИЧКИ НЕУТРАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ;***

***5. УСПЕШНОСТ НА ЕВРОПСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИ.***

Решенијата кои ги нудиме во секоја од овие области ќе го одржат мирот и стабилноста во државата, а животот на секој граѓанин ќе го направат да биде просперитетен и достоинствен!

## *ПРЕКУ НОВАТА ПРОГРАМА ПОКАЖУВАМЕ ДЕКА СМЕ ПОСВЕТЕНИ НА:*

- ***РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈАТА, ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА И ПРОМОВИРАЊЕ НА ЕДНАКВОСТА,***
- ***РАЗВОЈ НА ЕКОНОМИЈАТА, СТАБИЛЕН ЖИВОТЕН СТАНДАРД И НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И НЕВРАБОТЕНОСТА,***
- ***СОЗДАВАЊЕ НА НОВ СОЦИЈАЛЕН ДОГОВОР, ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ РАЗЛИКИ И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА,***
- ***ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА СИСТЕМОТ ПРЕКУ ВОВЕДУВАЊЕ СТАНДАРДИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И ЕФИКАСНОТ,***
- ***ПРОМОВИРАЊЕ НА МОДЕЛ НА КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ, ВО КРЕИРАЊЕТО И ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ РЕШЕНИЈА, ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЈАВНИОТ И ПРИВАТНИОТ СЕКТОР, ПОГОЛЕМА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ВЛАСТА И ГРАЃАНИТЕ,***
- ***НЕГУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКА КУЛТУРА НА ДИЈАЛОГ И ТОЛЕРАНЦИЈА, КАКО ИНСТРУМЕНТ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ, ВЕРСКИТЕ, ЕТНИЧКИТЕ И СИТЕ ДРУГИ ПОДЕЛБИ КОИ ПОСТОЈАТ ВО МАКЕДОНИЈА,***
- ***ЦЕЛОСНА И УСПЕШНА ИНТЕГРАЦИЈА НА ДРЖАВАТА ВО НАТО И ЕУ.***

Нашите решенија ќе ги реализираме во соработка и партнерство со граѓаните. Нам ни треба сплотеност со народот. Ни треба ново партнерство со сите граѓани. Искрено и чесно им пристапуваме на сите добронамерни личности. Објавуваме дека покрај новата програма ќе имаме и нов политички пристап.

Ќе бидеме најблиску до граѓаните што можеме. Ќе бидеме во секојдневен контакт со нашата реалност, секогаш отворени кон потребите на граѓаните. Секогаш ќе бидеме скромни, чесни, искрени и трудољубиви. Нема да ги изневериме граѓаните. Нема да создаваме лажни слики за реалните проблеми, нема да го храниме популизмот. Секогаш ќе бидеме одговорни, храбро ќе се соочуваме со предизвиците и реално ќе ги решаваме проблемите. Ќе ветуваме само она што може да оствариме. Секогаш ќе си стоиме на зборот!

Ќе ги развиваме и збогатуваме јавните добра. Јавните добра и јавните услуги не служат само да ги уживаат неколкумина, тие не се само за мнозинството, тие се за сите. Ова го знаеме и го потврдуваме. Знаевме дека мирот и безбедноста се добро кое е за сите граѓани во Македонија. Сега велиме дека економскиот развој и решавањето на социјалните проблеми се за доброто на сите. Нема да дозволиме ниту еден поединец да остане сам. Колективно ќе се организираме и солидарно ќе дејствуваме!

Сигурни сме дека ќе не поддржат сите кои сакаат државата да биде економски поразвиена и социјално посигурна. Се обраќаме да не поддржат луѓето кои веруваат дека интеграцијата во НАТО ја помага безбедноста на државата, а процесот на интеграција во ЕУ создава можности за економски развој. Тоа се луѓето кои се радуваат што во Македонија има различни народи и култури, кои мирно живеат и соработуваат едни со други. Тоа сме сите ние кои ја прифаќаме различноста на култури и идентитети кои се карактеристична приказна на секоја Европска држава. Тоа сме сите ние кои не сакаме да бидеме заробеници на минатото. Тоа сме сите ние кои сакаме подобра иднина. Тоа сме сите ние кои ја сакаме Македонија!

На изборите ќе понудиме конкретни проекти кои ќе се базираат на нашата програма. Заложбите ќе ги преведеме во конкретни решенија за реалните и постоечки проблеми. Оваа програма е водич за избирачите. Таа ја нуди ориентацијата на СДСМ. Таа ги запознава гласачите и јавноста со нашите темелни вредности, со нашите заложби, со нашите намери. Таа покажува дека имаме решенија!

Преку новата програмата на СДСМ покажуваме дека имаме поголем капацитет, повисок квалитет и повеќе знаење од нашите политички противници. Ќе покажеме и ќе докажеме дека не сме исти како нив. Ние сме подобри. Нашите резултати не се темелат на

популизам и на рекламни кампањи.

Работевме Македонија да биде мирна и безбедна. Успеавме во тоа. Сега се посветуваме Македонија да биде економски посилна и социјално посигурна. Пак ќе бидеме успешни! Знаеме како. Имаме решенија!

***ПОЧИТУВАНИ ГРАЃАНИ,***

Социјалдемократскиот сојуз е горд на програмата што е пред вас. Во неа ги вградивме и идеите на повеќе од 150 граѓани, експерти, професори, стручњаци во својата област. Им благодариме на трудот и посветеноста.

Нашата програма не завршува денес и тука. Таа е отворена. Може да се менува. Може да се дополнува. Затоа, ајде заедно да ги создаваме и градиме решенијата за Македонија. Иднината е наша, заедничка. Ве повикуваме да дадете свој придонес. Тоа е нашиот заеднички влог во иднината на Македонија. Да имаме подобри решенија за подобар живот на граѓаните на нашата земја.

***РЕШЕНИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА!***

***ВАШ,***
***СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА***

02

# НАШАТА ВИЗИЈА

## НАШАТА ВИЗИЈА

На крајот од 20-тиот век со паѓањето на Берлинскиот ѕид светот се промени, а Европа започна да се обединува. Регионот во кој живееме се промени, претрпе војни и нестабилности, а Република Македонија започна самостојно да се развива. Левицата не остана имуна на сите промени и нови предизвици. Отворени кон промените покажавме дека секогаш сме во чекор со времето. Секогаш со истата идеолошка ориентација, успеваме нашите вредности и визии за иднината да ги приспособиме на потребите на сегашноста.

Основен постулат на СДСМ и на новата левица во Македонија е дека: луѓето се добри, тие сакаат слобода и еднаквост, но потребна им е и солидарност. Секој човек е личност за себе, и е еднакво вреден како и секој друг. Секое човечко суштество, секој од нас, заслужува шанса за да ги реализира своите соништа за подобар живот. Шансите не смеат да бидат шанси само за неколкумина, само за мнозинството, туку за сите.
Затоа, граѓаните заслужуваат политички решенија кои ќе бидат стабилни, развојни и напредни. Решенија кои секогаш ќе ја водат државата во таква насока: за подобро утре, за подобар живот, за посилна економија, за техничка модернизација, за намалување на сиромаштијата, за зголемување на личните слободи, за еднаквост, за стабилно и праведно општество, за професионална администрација, за развиени и самостојни општини, за зачувување на животната средина, за регионална соработка и за целосно интегрирање во меѓународните организации.

Историјата сосема јасно нè учи дека левицата во Македонија секогаш била храбра и прогресивна. Никогаш не бегала од проблемите и од предизвиците. Секогаш се соочувала со бруталната реалност и се фаќала во костец со предизвиците. На првиот Илинден револуционерите инспирирани од левичарските идеи бараа слобода и независност, братска еднаквост помеѓу народите кои живеат во Македонија и општествена солидарност. Врз тие постулати на АСНОМ - вториот Илинден, се изгради современата македонска држава. Токму со тие постулати, а и со огромна почит кон претходниците, се зафативме да ја градиме и независна Македонија. И денес не отстапуваме од нашите идеи. Не бегаме од одговорноста за минатото, но и од одговорноста да се соочиме со предизвиците за да ја градиме државата и да се бориме за подобра иднина. Интересите на државата секогаш ни се на прво место, но не само тие од денес, туку и оние од утре. Наместо популизам ние нудиме прагматични и реални политички решенија. Посветеноста на развојот на

Македонија е нашиот главен мотив, а храброста и прогресивноста се нашите основни белези. Патриотизмот и љубовта кон татковината се нашите ѕвезди водилки.

Програмата на СДСМ е нашата политичка платформа и нашата визија за развој на државата. Во следните 10 години сакаме Македонија да стане поинаква Македонија. Да биде економски развиена, без сиромаштија, со вработени и социјално обезбедени граѓани. Сакаме да има повеќе лични слободи, поголеми колективни права и сите да се еднакви пред институциите, кои ќе функционираат според највисоките професионални стандарди. Сакаме да има еднаквост и рамноправност на сите граѓани, и да имаме еднаква застапеност на жените во сите сфери на општеството. Сакаме да имаме повисока политичка култура, силна и критичка јавна дебата во независни медиуми, толеранција кон разликите и активни граѓани кои лично, или преку нивните здруженија ќе бидат вклучени во донесувањето и спроведувањето на политичките решенија. Сакаме да имаме добри односи и соработка со сите наши соседи. Конечно, сакаме Македонија да стане рамноправна членка во НАТО и во ЕУ.

## *ИДЕОЛОШКИ ПРИНЦИПИ*

### *1. РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈАТА И НА СЛОБОДАТА.*

На сите сакаме да им дадеме јасно на знаење: За слободата не се преговара, неа ја има, или ја нема. Слободата е темел на секое здраво демократско општество. Личните слободи и колективните права не смеат да бидат предмет на заплашување, уценување или политичка манипулација. Ние сме посветени на штитење и развивање на слободите и правата. На тој начин новата левица активно ќе ја гради и развива демократијата во Македонија. Ние промовираме свест и разбирање за принципите на човековите права и ја развиваме културата на почит кон човековите права. Човековите права се основа на граѓанските, културните, економските, политичките и социјалните права. Најостро се спротивставуваме на секоја дискриминација, било да е партиска, родова, етничка или базирана врз личните стилови на живот. Само граѓаните кои се слободни да го живеат својот живот онака како што сакаат, и кои се слободни да ги изразуваат своите колективни припадности можат активно да се грижат за заедничкото добро.

### *2. ЕДНАКВОСТА И СОЛИДАРНОСТА СЕ ТЕМЕЛИТЕ НА ОПШТЕСТВОТО.*

Еднаквоста овозможува реализација на секој поединец, а солидарноста е силата што го развива општеството. Еднаквоста на шанси овозможува еднакви услови во уживањето на јавните добра што е гаранција за личното достоинство. Еднаквоста значи и еднаквост на мажите и жените. Жените не се малцинска група, тие се еднаков и активен дел од нашата заедница, ги имаат истите права како и мажите и треба на рамна нога да учествуваат

во сите економски, политички и општествени случувања. Општествените реформи не се можни без солидарност, а солидарноста подразбира и толеранција и взаемно почитување. Без солидарност општеството пропаѓа во ритамот на разликите и тензиите, секогаш соочувајќи се со опасноста да влезе во спирала на дискриминација, поларизација и сегрегација. Социјално загрозените граѓани заслужуваат помош, а маргинализираните и обесправените активна поддршка за остварувањето на нивните права.

### *3. ПОЧИТУВАЊЕ НА ДИЈАЛОГОТ И ТОЛЕРАНЦИЈАТА.*

Новата левица е отворена за партнерство и бара соработка за заедничка акција. Дијалогот меѓу политичките и социјалните актери или етничките заедници е клучен за развојот на демократијата во Македонија. Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ги почитува постоечките културни разлики и верува дека развојот на различните култури го збогатува општеството. Македонија како комплексно и хетерогено општество мора да биде толерантна кон малцинските групи. Толеранцијата ги помага стабилноста и развојот, а нетолерантноста ги гуши потребните реформски процеси и ги подгрева конфликтите во Македонија. Различните идентитети и стилови на живот се право на личен избор и имаат право на колективно изразување. Нам ни треба нова политичка култура, втемелена на почит кон ставовите на другиот, толеранција во искажувањето на таквите ставови, и спремност за прифаќање на ставот на другиот.

### *4. СЕКОЕ ПРАВО НОСИ ОДГОВОРНОСТ.*

Кохезивноста и силата на едно општество зависи од правата и обврските на различните актери. Владата има право да очекува сите да придонесуваат за јавното добро - не само преку плаќање на даноци и такси, но ја има и одговорноста да им обезбеди на сите пристап до јавните услуги, да ги гарантира правата и слободите и да обезбеди услови за економски развој и социјална вклученост. Приватните фирми имаат право да очекуваат стабилност, фер третман и транспарентна конкуренција, но имаат и одговорност да придонесуваат кон јавните финансии, да ја помагаат реформата на пазарот на труд и да манифестираат корпоративна социјална одговорност. Граѓаните имаат права да учествуваат слободно во сите аспекти на општеството и економијата, но имаат и одговорност да ги користат можностите за квалитетно образование и подобрување на личните капацитети.

### *5. КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ И НОВО ПАРТНЕРСТВО.*

Корпоративното управување е процес на донесување на одлуки во соработка и партнерство со сите засегнати страни. Така владеењето станува транспарентно и одговорно управување. Новата левица е посветена на посилно партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор, поблиска соработка помеѓу институциите и граѓаните. Институциите на системот мора да бидат поблиску и во служба на граѓаните. Силните и развиени институции се темелот на правната држава. Правната држава се гради преку

целосно следење на пропишаните уставни норми и правила. Истите принципи на работа важат и за институциите на локално ниво. Развојот на општините најдобро може да се помогне ако локалната самоуправа има поголема слобода во користењето и менаџирањето на локалните ресурси. Децентрализацијата е во функција на локалната демократија и на економскиот развој. Социјалдемокртскиот сојуз на Македонија е посветен на развивањето на меѓу-општинската соработка и на обезбедување на рамномерен локален развој. За новата левица развојот на локалните средини е можен само преку вклучување на сите локални ресурси, во партнерство со граѓаните и со сите засегнати страни.

### *6. СОЦИЈАЛНО ОДГОВОРНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА.*

За новата левица економијата е основата на општеството. Слободниот пазар има централно место во економијата. Државата треба да нуди јавни услуги, да биде менаџер и да поставува правила во економијата. Економските политики треба да обезбедат одржлив раст и да ги намалат социјалните разлики. Пазарот на труд треба да биде реформиран со нови активни мерки, едукативни и социјални политики. Образованието и квалификациите се темелот на развојот на економијата базирана врз знаење, а со тоа се намалуваат и социјалните разлики и социјалната исклученост. Економијата треба да создава раст и профит, но никако не смее да го експлоатира трудот на работниците или животната средина. Заштитата на животната средина е суштинско прашање за долгорочно и корисно искористување на природните ресурси, но и принцип за да живееме во хармонија со природата.

### *7. МИР И БЕЗБЕДНОСТ ПРЕКУ РЕГИОНАЛНИ ИНТЕГРАЦИИ И МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА.*

Мирот и безбедноста се основа за сигурен и достоинствен живот. Развојот на демократијата е можен само во мир, а безбедноста е основа за развој и уживање на слободата. Мирот и безбедноста се компоненти на вистинската демократија. Тие мораат да бидат гарантирани и да бидат предуслов за развивање на останатите процеси во државата.

Ние не сакаме да живееме во страв. Нам не ни доликува да живееме во страв. Политичките и други разлики се решаваат по мирен пат, без говор на омраза. Регионалната соработка е неопходна за развојот на државата, а односите со соседите треба да се градат на отворен начин без предрасуди. Билатералните проблеми и прашањата од регионално значење може да се надминат преку взаемно разбирање, соработка и меѓусебен компромис. Во денешниот глобален свет Македонија може да го потврди своето присуство и да го зајакне својот развој само преку активна меѓународна соработка со нашите партнери и пријатели, преку активно учество во меѓународните организации, и преку почитување на начелата на меѓународното право. Новата левица ја гледа Македонија како составен дел од големото евро-атлантско семејство на народи. Членството во НАТО го гледаме како гаранција за нашата безбедност, а членството во ЕУ како гаранција за нашиот развој.



03

# ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ ЗА СИЛНА ЕКОНОМИЈА И ПОДОБАР ЖИВОТ ЗА СИТЕ

# ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ ЗА СИЛНА ЕКОНОМИЈА И ПОДОБАР ЖИВОТ ЗА СИТЕ

## НАШИОТ ПРИОД

Граѓаните на нашата земја постојано укажуваат дека економските проблеми се нивната најголема мака. Тие очекуваат оние што добиле одговорност за водење на државата на овие прашања да им даваат најголемо значење. Ги почитуваме ваквите очекувања на граѓаните, на економските прашања им даваме најважно место во нашата програма и имаме решенија.

Формулирањето на економската политика не се прави на механички начин од ден за ден. Таа произлегува од вербата во некои темелни вредности. Затоа, најпрвин треба да си поставиме едно многу едноставно прашање:

## ВО КАКВО ОПШТЕСТВО САКАМЕ ДА ЖИВЕЕМЕ?

Постојат различни општества. Можеме да имаме брз економски раст, но да имаме многу раслоено општество, каде што многу мал дел од населението ќе го поседува речиси целото богатство на земјата. Наместо тоа, можеме да имаме општество каде што распределбата на богатството ќе биде многу порамномерна.

За нас не е доволно само да се има економски раст. Ние сакаме економски раст што истовремено ќе овозможи подобар живот, повисок стандард на живеење и посигурна иднина на колку што е можно повеќе граѓани на нашата земја.

## ПРИНЦИПИТЕ ВРЗ КОИ СЕ ПОТПИРА НАШАТА ЕКОНОМСКА ФИЛОЗОФИЈА СЕ СЛЕДНИТЕ:

• ***ОДРЖЛИВ РАСТ.*** Ништо не сме направиле доколку применуваме економски политики што ќе дадат резултати само на краток рок. Економскиот раст треба да биде одржлив подолг временски период за да се почувствува подобрување на животот. Затоа е многу важно политиките да бидат здрави, а не популистички.

• ***НАСОЧЕНОСТ НА ДОЛГ РОК.*** Нашите економски политики не се насочени од денес за утре и нема да зависат од тоа како ќе се одразат на нашиот краткорочен политички рејтинг. Ние знаеме дека некогаш мора да се преземат чекори што не носат политички

поени на краток рок, но го претставуваат најдоброто решение за нашите граѓани. Затоа ние нема воопшто да се колебаме да ги донесеме и реализираме тешките економски одлуки со долгорочна корист за граѓаните. За разлика од конкурентите, нашите економски политики не се ограничени на давање ефекти во текот на еден политички мандат.

• ***ПОВРЗАНОСТ СО ТЕМЕЛНИТЕ СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ ВРЕДНОСТИ.*** Секаде каде што тоа е можно нашите економски решенија се поврзани и извираат од темелните социјалдемократски вредности, како што се слободата, социјалната правда и солидарноста;

• ***ДОМАЌИНСКИ ПРИСТАП.*** Граѓаните заслужуваат чесен пристап, оние што добиле одговорност за водење на државата домаќински да се однесуваат со народните пари и да нема непродуктивни трошења;

• ***РЕАЛНОСТ – НЕ СПИСОК НА ЖЕЛБИ.*** Нашата економска програма не претставува список на желби. Таа е реално остварлива.

***ЗАТОА, НИЕ СМЕ:***

- ***ЗА СИЛНА ЕКОНОМИЈА СО ОДРЖЛИВ РАСТ И РАЗВОЈ!***
- ***ЗА СИЛНА ЕКОНОМИЈА ВО КОЈА ДОМАЌИНСКИ СЕ УПРАВУВА СО НАРОДНИТЕ ПАРИ И НЕМА НЕПРОДУКТИВНИ ТРОШЕЊА!***
- ***ЗА СИЛНА ЕКОНОМИЈА БЕЗ ЕКСТРЕМНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ!***

Во изминатиот тригодишен период, тоа што беше ветено не беше остварено. Желбата да се произведат резултати на краток рок по секоја цена доведе до таложење на огромни ризици во македонската економија. Тоа стана многу видливо кога почнаа да се влошуваат работите во светската економија. Изгледите за силен пораст на економијата останаа јалови, а економијата остана со загрижувачки недостиг на пари во државната каса, зголемени каматни стапки на кредитите, истиснување на приватниот сектор од кредитирање од банките, фирми што се борат со неликвидност, голем увоз на непродуктивни добра и задолжување по екстремно висока цена што треба да ја плаќаат идните генерации. Управувањето со економијата стана недомаќинско и стана главна грижа за нашата економска иднина. Време е за нов макроекономски концепт!

***НИЕ ЌЕ ГО ПРОМЕНИМЕ ПРИСТАПОТ КОН ПЛАНИРАЊЕТО И ВОДЕЊЕТО НА ЕКОНОМСКИТЕ ТЕКОВИ ВО ЗЕМЈАТА. ТОЈ СЕ ЗАСНОВА НА ТРИ КЛУЧНИ СТОЛБОВИ:***

• ***ЕКОНОМСКИТЕ ИСКУСТВА НА БРЗОРАСТЕЧКИТЕ И РАЗВИЕНИТЕ ЕКОНОМИИ*** во периодите кога во долг период остварувале висок економски раст;

• К***РИТЕРИУМИТЕ НА ЕКОНОМСКОТО ПРИБЛИЖУВАЊЕ КОН ЕУ***, кои произлегуваат од определбите на Република Македонија да му се приклучи на европското семејство, и меѓу другото подразбира и целосна интеграција на нашата економија во европската

економија и заедничкиот европски пазар;

• ***СПЕЦИФИЧНОСТИТЕ НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА***, како мала и отворена економија.

Најпрвин, ќе ги ставиме под контрола моментно наталожените сериозни ризици во економијата. Потоа, ќе водиме макроекономски политики, усогласени во здрава макроекономска рамка, што ќе бидат насочени кон:

• Зголемување на домашното производство и постигнување долгорочно одржлива стапка на економски раст од околу 6%;

• Креирање работни места со динамика којашто ќе соодветствува на отворањето нови производни капацитети во форма на странски инвестиции и поддршка на домашните стопанственици во проширувањето на производните капацитети и

• Производна специјализација на извозно-ориентираните гранки, зголемување на нивната продуктивност и конкурентност и, оттука, зголемување на извозот.

Врз основа на принципите и целите што ги наведовме, изработивме економска програма што се потпира на ***НАШ МАКРОЕКОНОМСКИ КВАНТИТАТИВЕН МОДЕЛ ЗА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА.*** Моделот го изградивме со користење на современи техники, почитувајќи ги принципите на модерната економска теорија и земајќи ги предвид специфичностите на македонската економија. Проекциите за наредните 5 години ни овозможија да создадеме рамка во која соодветно се вклучени поодделните економски политики. Остварувањето на она што е проектирано и вклучено во нашата програма зависи од тоа колку време ќе биде потребно за да се отстранат негативните последици од постојните економски политики и да се стабилизира економијата од ризиците што се наталожија во последните три години.

## *ПОЛИТИКА НА ИНВЕСТИЦИИ*

Основна движечка сила на посакуваниот економски раст се инвестициите. За да оствaруваме високи стапки на раст од околу 6% потребно е учеството на бруто инвестициите во бруто домашниот производ да се зголеми на ниво повисоко од 31%. Притоа, учеството на приватните инвестиции, домашни и странски, во бруто домашниот производ да порасне на ниво од најмалку 25,5%.

## *НИЕ ЌЕ СОЗДАДЕМЕ МОЖНОСТИ ЗА ИНТЕНЗИВИРАН РАСТ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ, ПРЕКУ:*

• Постепено враќање на довербата на инвеститорите во домашната бизнис клима;

• Брза, ефикасна и некорумпирана јавна администрација;

• Независно и ефикасно судство;
• Отворена и пријателски настроена влада;
• Понатамошно вложување во квалитетна работна сила и
• Стимулирање на штедењето како извор за инвестициите.

Конкретните мерки за поттикнување на инвестициите се наведени во делот Бизнис-секторот, двигател на развојот. Притоа, принципиелно ќе ги изедначиме домашните и странските инвеститори. Погодности ќе нудиме на оние што создаваат работни места, без оглед дали се странски или домашни инвеститори.

Во однос на странските директни инвестиции, имајќи ги предвид сите пари што беа потрошени за привлекување на нови инвеститори во изминатите три години, инвестицискиот балон сосема се издиша. Нови странски инвеститори речиси не дојдоа. Некои од постојните странски инвеститори започнаа да пропаѓаат, а некои да се чувствуваат загрозени. Најголемиот број потенцијални странски инвеститори целосно ги откажаа или ги одложија на неодредено време инвестициите.

- ***ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ НЕ Е СТРАНСКА ИНВЕСТИЦИЈА!***
- ***ОД ДОБРА ВОЛЈА И ФОТОГРАФИРАЊЕ ДО ПОЧЕТОК НА ИНВЕСТИЦИИТЕ ТРЕБА МНОГУ РАБОТА!***

Светските искуства покажуваат дека кога странските инвеститори одлучуваат во која земја да го инвестираат својот капитал не се пресудни даночните олеснувања или висината на даноците. Поважна е поволната бизнис-клима и повисоката извесност за планирање на активностите. Под поволна бизнис-клима на една земја се подразбира нејзина политичка стабилност, високо ниво на безбедност, владеење на правото, загарантираност на сопственоста, стабилност на законските решенија и фер конкурентни услови на стопанисување.

Првиот крупен чекор во таа насока е влезот во НАТО. Затоа, зачленувањето во НАТО на новите земји-членки им носи драстичен пораст на странските директни инвестиции. Тоа многу лесно се покажува со примерот на земји од регионот, како што е Бугарија. Во периодот 1990 – 2000 година, во Бугарија просечно годишно имало странски директни инвестиции од 301 милион долари, додека во 2004 година, кога земјата влезе во НАТО изнесуваа 3,4 милијарди долари, а во 2007 година веќе 8,4 милијарди долари. Сличен е примерот на Романија. Затоа, ***ВЛЕЗОТ ВО НАТО Е, ВСУШНОСТ, ВАЖНО ЕКОНОМСКО ПРАШАЊЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ТОА ЗНАЧИ ВЛЕЗ НА МНОГУ СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ, ПОГОЛЕМО ОПШТО НИВО НА ИНВЕСТИЦИИ, НОВИ ТЕХНОЛОГИИ, НОВИ РАБОТНИ МЕСТА, ПОВИСОК ЕКОНОМСКИ РАСТ, ПОДОБАР ЖИВОТ.***

## *НИЕ СМЕ:*

- ***ЗА ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ ШТО ПОТТИКНУВААТ ИНВЕСТИЦИИ!***
- ***ЗА ИНВЕСТИЦИИ ШТО ЌЕ СОЗДАВААТ РАБОТНИ МЕСТА!***

## *ФИСКАЛНА ПОЛИТИКА И БУЏЕТСКО УПРАВУВАЊЕ*

Изминатиот период го обележа неодржливо високо буџетско трошење, главно насочено кон непродуктивни проекти: споменици, театри, музеи, стадиони, скапи маркетиншки кампањи. Со исклучок на маркетиншките кампањи, останатите инвестиции се добри за јакнење на културните вредности и духот само во услови кога буџетот има пари. Во услови на недостиг на пари во буџетот, неопходно е задоволување на основните потреби за функционирање на државата и инвестирање во клучни инфраструктурни проекти коишто ќе го подигнат производниот потенцијал на економијата и нејзиниот среднорочен раст! Фискалната политика има потреба од итна консолидација!

Во основата на нашата програма, ние се залагаме за водење одговорна, дисциплинирана и развојна фискална политика. Тоа ќе се оствари преку:

- Одржување врамнотежен буџет за тековните државни трошења и
- Анулирање на непродуктивните трошоци.

Мора да постои одмереност во зафаќањата од страна на државата. Помалку пари за државата значат повеќе пари за бизнисот и граѓаните. Повеќе пари за бизнисот и за граѓаните значат повеќе инвестиции, нови работни места и подобар животен стандард. Одржливоста и дисциплинираноста на фискалната политика ќе се согледа преку остварување на разумно ниво на буџетски дефицит. Дефицитот во целост ќе се однесува на потребата од јавни инвестиции за финансирање проекти коишто ќе имаат јасно дефинирани цели, рокови и динамика на реализација! Притоа, доследно ќе се почитуваат светските искуства, според кои јавните инвестиции го помагаат економскиот развој во областа на енергетиката, инфраструктурата, образованието и здравството. Нашата цел е јавните инвестиции, што суштински го поддржуваат економскиот раст, да се доведат на ниво повисоко од 5,5% од БДП!

Во делот на ***ЗАЈАКНУВАЊЕ НА БУЏЕТСКАТА ДИСЦИПЛИНА***, ќе ги зајакнеме капацитетите за проектирање на макроекономските и буџетските ставки. Целта ни е да создаваме ***БУЏЕТИ ШТО СЕ ПОТПИРААТ НА РЕАЛНИ ПРЕТПОСТАВКИ***, коишто ќе ја елиминираат потребата за постојани ребаланси и ќе бидат темелот на фискалната дисциплина. Фискалната дисциплина ќе се согледа и преку поставување нивоа за

надворешното задолжување кои што сметаме дека не треба да се надминат. Зајакнувањето на институционалниот капацитет предвидува и повеќегодишно буџетско планирање, како домашна, но и ЕУ обврска, што ќе го одразува среднорочниот развоен карактер на фискалната политика.

Кога се води неодговорна фискална политика со многу непродуктивни трошења, тогаш државата мора да се задолжува во земјата и во странство по висока цена. Тоа значи дека ***ДРЖАВНИОТ ЛУКСУЗ ЗА НЕПРОДУКТИВНО ТРОШЕЊЕ ГО ОТПЛАЌАМЕ СИТЕ, ПА ДУРИ И ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ.***

Ние ќе водиме дисциплинирана фискална политика, што подразбира умерено јавно задолжување, со исклучок на потребата од финансирање големи инфраструктурни проекти. Дури и кај инфраструктурните проекти, целта ќе биде нивна реализација со помош на приватната иницијатива, по принципот на јавно-приватно партнерство. Ваквото однесување на буџетското трошење, треба да овозможи одржување на јавниот долг на ниво од 31% од БДП. Доколку државата се задолжува во странство, тогаш треба многу јасно да се знае точно за кои проекти е задолжувањето, кој одговара за тие проекти, како конкретните проекти ќе помогнат за подобар живот сега и во иднина, како ќе се врати долгот. Како што и претходните генерации се грижеле и дале придонес за развој на нашата земја, така и ние имаме обврска да не ја презадолжиме државата. Многу е важно ***И ГЕНЕРАЦИИТЕ ПОСЛЕ НАС ДА ИМААТ СВОЈА ШАНСА И ИДНИНА***. Го следиме принципот на меѓугенерациска солидарност.

***ЗНАЧИ, НИЕ СМЕ:***

- ***ЗА ОДГОВОРНО И ДИСЦИПЛИНИРАНО ТРОШЕЊЕ НА ПАРИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ШТО***
- ***СЕ СЛЕВААТ ВО БУЏЕТОТ НА ДРЖАВАТА!***
- ***ЗА ФИСКАЛНА ДИСЦИПЛИНА И СРЕДНОРОЧЕН ФИСКАЛЕН ПЛАН!***
- ***ЗА ЈАВНИ ТРОШЕЊА И ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ ШТО СОЗДАВААТ ЕКОНОМСКИ РАСТ – ВО ИНФРАСТРУКТУРА, ОБРАЗОВАНИЕ, ЗДРАВСТВО И ЕНЕРГЕТИКА!***
- ***ЗА ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ПРОЕКТИ СО ЈАСНИ ЦЕЛИ И РОКОВИ И ЈАСНА СРЕДНОРОЧНА ЕКОНОМСКА КОРИСТ!***
- ***ЗА ОЛЕСНЕТ ФИНАНСИСКИ ТОВАР ВРЗ ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ!***

## ***ДАНОЧНА ПОЛИТИКА***

Кај персоналниот данок на доход, во изминатите три години рамниот данок ги изедначи богатите и сиромашните. Тој не води сметка за доходот на луѓето. Сега, богатите и сиромашните плаќаат персонален данок со иста стапка.

Ние мислиме дека ваквиот рамен данок не е праведен. Затоа, ние сме за прогресивно оданочување. Тоа значи дека за луѓе со различни плати треба да има различни стапки на персонален данок. ***НИЕ САКАМЕ ОНИЕ ШТО ИМААТ ПОГОЛЕМА ПЛАТА ДА ПЛАЌААТ ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД ПО ПОВИСОКА СТАПКА.*** Ова е сосема вообичаена работа и во најразвиените капиталистички земји.

Во последните години е предвидено да се оданочува каматата што граѓаните ја добиваат на своите заштеди во банките. Примената на ваквото оданочување е само привремено одложена. Ние тоа нема да го правиме. Ќе ја укинеме одредбата што предвидува оданочување на каматите на депозитите на граѓаните. Нема да ги оданочуваме каматите. Со тоа сакаме да го поттикнеме штедењето на граѓаните, бидејќи тоа е основата за пораст на инвестициите.

## *НЕМА ДА ГИ ОДАНОЧУВАМЕ КАМАТИТЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ!*

Ние даночната политика не ја гледаме како средство за полнење на државната каса, туку како инструмент за развој и стимулирање на инвестициите и бизнисот. Сакаме преку даночната политика да воведеме поттикнувачи, преку намалување на даночните обврски за определени намени, кои ќе влијаат на вработувањето, инвестициите и регионалниот развој. Затоа, по стабилизирањето на македонската економија од ризиците што се наталожија во неа, во последните три години, ќе ги реализираме следните мерки:

• За работодавачот кој на неопределено време ќе вработи нови вработени, пресметаниот данок на добивка ќе се намали во даночниот период за износ кој што е еднаков на одреден процент од придонесите на платите исплатени на новите вработени. Ова даночно ослободување ќе се реализира во првата година од вработувањето, под услов работодавачот да го задржи лицето во работен однос најмалку уште една година.

• На обврзникот кој за прв пат почнува со вршење на дејност, во првата година во која искажува добивка, пресметаниот данок ќе му се намали за 50%;

• На обврзникот кој котира на официјалните пазари на берза ќе му се намали данокот за 10%;

• Ќе воведеме право за ослободување од плаќање на данок на добивка во период од 5 години за даночниот обврзник кој во своите основни средства што ги користи за регистрираната дејност инвестира повеќе од 3 милиони евра, и во периодот на инвестирањето дополнително вработи на неодредено време најмалку 50 лица. Правото на ослободување ќе се остварува сразмерно со инвестицијата.

• Даночниот обврзник кој започнува со дејност во недоволно развиените подрачја ќе го ослободиме од данокот на добивка во траење од 3 години од почетокот на работење;

• Право на даночно ослободување во висина до 10% од извршеното инвестирање

ќе има обврзникот кој ќе изврши инвестирање во основни средства во сопствената регистрирана дејност. Намалувањето не може да биде поголемо од 50% од пресметаниот данок во годината во која е извршено вложувањето.

• Даночниот обврзник – мало претпријатие ќе има право на даночно ослободување во висина до 15% од извршеното инвестирање на основни средства во сопствената дејност, со тоа што даночното ослободување не може да биде поголемо од 70% од пресметаниот данок во годината кога е извршено вложувањето;

• Ќе го ослободиме од обврската за плаќање на данокот на добивка и претпријатието кое врши работно оспособување, професионална рехабилитација и вработување на лица со инвалидитет, сразмерно со учеството на тие лица во вкупниот број на вработени;

• За даночниот обврзник кој ќе прима студенти на практична работа за која има договор со високо образовна институција, ќе воведеме право на намалување на данокот во износ на надоместокот што им се дава на студентите, но ова ослободување не смее да го надминува износот на 30% од просечната плата во Република Македонија;

• Ќе ја разгледаме можноста во подоцнежниот период да ја намалиме стапката на данокот на добивка на 9%, и со тоа Република Македонија да биде помеѓу земјите со најниска стапка на данок на добивка во Европа.

***НИЕ СМЕ:***

- ***ЗА ОДАНОЧУВАЊЕ СПОРЕД ЕКОНОМСКАТА МОЌ И СПОРЕД ГОЛЕМИНАТА НА ЗАРАБОТУВАЧКАТА!***
- ***ЗА ДАНОЧНИ МЕРКИ КОИ СЕ ВИСТИНСКИ ПРИЈАТЕЛ НА БИЗНИСОТ!***
- ***ЗА ДИСЦИПЛИНИРАНО ПЛАЌАЊЕ ДАНОК, АМА БАРАЊЕТО ПОВРАТ НА ДДВ НЕ ГО СМЕТАМЕ ЗА ГРЕВ!***

## ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО - БИЛАНС НА ПЛАЌАЊА

***ОВА Е НАЈРАНЛИВАТА ТОЧКА НА МАКЕДОНСКАТА ЕКОНОМИЈА.*** Сите лоши економски политики на една македонска влада на крајот се одразуваат на способноста земјата да купува стоки и услуги од странство и на девизните резерви.

Видовме како за неколку месеци девизните резерви се стопија за цели 500 милиони евра. Тие девизни резерви се граделе со години и во значаен дел се создадени од продажба на македонски претпријатија на странски субјекти. Бидејќи постојано повеќе увезуваме одошто извезуваме, добро е додека имаме претпријатија за продавање на странци. ***КЛУЧНОТО ПРАШАЊЕ Е ШТО ЌЕ ПРАВИМЕ КАКО ЗЕМЈА КОГА ЌЕ НЕМАМЕ ПОВЕЌЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЗА ПРОДАВАЊЕ ЗА ДА ГИ ДОПОЛНИМЕ ДЕВИЗНИТЕ РЕЗЕРВИ.***

Затоа мораме да внимаваме што се случува со нив. Оние што ја водат макроекономската политика треба да бидат одговорни и навреме да реагираат, да ги коригираат политиките. Ние нема да преземаме неконтролирани ризици и нема да дозволиме нивно прекумерно таложење. Ние одговорно ќе водиме разумни политики!

Живееме во земја со мала и отворена економија. ***КАКО ЗЕМЈА НЕМАМЕ ИЗБОР. БЕЗ ИЗВОЗ ЌЕ ПРОПАДНЕМЕ.*** Подобрената способност да продаваме во странство ќе помогне повеќе да продаваме и на домашниот пазар. Мораме да бидеме конкурентни со она што го продаваме за да преживееме. Затоа, нашите економски политики ќе им дадат посебно значење и ќе им помогнат на извозниците. Тие ја заработуваат онаа скудна работа што се вика девизи, нешто што потоа сите други го трошат.

Нашите економски политики ќе бидат насочени кон сведување на дефицитот во тековната сметка на билансот на плаќање на долгорочно одржливо ниво, коешто нема да ги топи девизните резерви и ќе ја осигура финансиската иднина на нашата земја. За таа цел:

• Ќе се премине кон разумно државно трошење, трошење што ќе го поттикнува економскиот раст и елиминирање на непродуктивно трошење за увоз;

• Ќе се стимулира увоз на материјални добра коишто се неопходни за производниот процес (машини, опрема, технологии);

• Ќе се дава поддршка на извозно-ориентираните гранки, за извозниците на повисока додадена вредност. Поддршката ќе биде поголема за оние извозници на кои извозот помалку им зависи од увоз, односно се поголеми нето извозници.

• Ќе се поттикнува кластерското организирање на извозно-ориентираните индустрии, со цел организиран настап на странските пазари и нивно ефективно освојување.

***НИЕ СМЕ:***

- ***ЗА ПОГОЛЕМ УВОЗ НА МАШИНИ И ОПРЕМА ШТО ЌЕ ОТВОРАТ НОВИ РАБОТНИ МЕСТА, А ПОМАЛ УВОЗ НА НЕПРОДУКТИВНИ МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА!***
- ***ЗА ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ, ШТО ЌЕ ГО ПОДДРЖИ ПРОИЗВОДСТВОТО И ЌЕ ЈА ПОДИГНЕ КОНКУРЕНТНОСТА ВО ЕКОНОМИЈАТА!***

Важен елемент на фискалната и на надворешно-трговската политика е царинската политика

Работењето на Царинската управа ќе го подобриме преку:

• Донесување на ново царинско законодавство, како резултат на измените во царинското законодавство на Европската унија кои стапуваат во сила во 2012 година. Новиот царински закон на Република Македонија ќе биде целосно усогласен со модернизираниот царински закон на ЕУ, со што ќе се поедностави царинското законодавство и царинските постапки. Со примената на новото законодавство треба да се постигне намалување на трошоците за царинење (спроведување на царинската постапка) за компаниите во Република Македонија, поедноставување и забрзување на царинските постапки (намалување на времето на царинење на стоките) и исполнување на предизвиците што се појавуваат во трговијата, а се однесуваат на сигурноста и безбедноста, активностите за борба против фалсификатите и пиратеријата, перењето на пари, заштита на здравјето и животната средина. Новото царинско законодавство треба да обезбеди:

- Примена на иницијативата за Е-влада на полето на царинското работење;
- Поедноставување на царинските постапки;
- Зголемување на безбедноста и сигурноста на надворешните граници, преку поголема примена на анализа на ризик и селективност при царинењето на стоките;
- Намалување на ризикот од измами.

• Воведување на Е-царина и целосна безхартиено царинско окружување. Новото царинско окружување и неговата примена ќе бидат целосно базирани на стратегијата за Е-царина. Со новото царинско законодавство ќе има помалку и поедноставни правила приспособени на модерната електронска и бесхартиена царинска околина. Електронска царина (е-царина) ќе биде дел од глобалната стратегија за електронско следење и наплата на царинските давачки и размена на податоците со сите институции во Република Македонија.

• Реорганизација на царинската служба со цел истата да биде способна да го применува новото царинско законодавство. Согласно приоритетите за интегрирано гранично управување, ќе бидат унифицирани царинските и граничните региони и ќе се оствари подобра комуникација и координација со граничните служби. Ќе се промени и царинското законодавство со кое се регулираат правата и обврските на царинските службеници и категоризација на граничните премини со зелени канали за побрзо минување на стоките и патниците. Покрај биометриските пасоши, ќе се воведат и гранични премини каде патниците ќе може да ја поминуваат границата со биометриско препознавање, без присуство на гранична полиција.

• Широка и задолжителна примена на поедноставени, скратени царински постапки

и овластен економски оператор. Компаниите кои ќе добијат одобрение за царински поедноставувања ќе имаат значителни предности за брзо царинење на стоките. Нема да биде потребно тие да поднесуваат царинска декларација, цертификат за потекло, документ за исправност на производите за секој камион. Наместо тоа, стоките ќе ги внесуваат само со фактура или друг транспортен документ, 24 часа во денот, 365 дена во година, без задолжително присуство на царинската управа, а декларација ќе поднесуваат еднаш месечно.

• Зголемување на конкурентноста на македонските производители и извозници, преку примена на мерки за брзо и времено намалување на царинските стапки;

• Целосна примена на мерките на Европската унија за безбедност на производите и нивен надзор;

• Зајакната примена на мерките на трговска политика, пред сè зајакнување на примената на правата од индустриска сопственост, контрола на стоките со двојна намена и материите кои што ја оштетуваат животната средина. Покрај царинските олеснувања ќе се донесе и целокупната законска регулатива за координирано управување со инспекциските контроли и примена на мерките на трговската политика, преку принципот на меѓусебно и заедничко признавање на цертификатите и потврдите за безбедност на производите, со што значително ќе се поедностави и поевтини постапката за царинење на стоки. Документите за безбедност на производите (санитарни, пазарни, еколошки) издадени во која било земја, според принципите и стандардите на Европската унија, задолжително и директно ќе се применуваат во Република Македонија, со истовремено прифаќање на овие документи за македонските извозници во земјите на Европската унија.

## МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

Во однос на монетарната политика во целост ја почитуваме независноста на Народна банка на Република Македонија и нејзината законска надлежност за избор на монетарна стратегија и инструменти за одржување на ценовната стабилност. Со промените во структурните карактеристики на македонската економија, процесите на приближување кон ЕУ и интензивирањето на регионалните и на глобалните финансиски врски, очекуваме дека во иднина Народна банка ќе применува монетарна стратегија којашто ќе ги оптимизира економските ефекти - ***НИСКА И СТАБИЛНА ИНФЛАЦИЈА, СТАБИЛЕН ДЕВИЗЕН КУРС НА ДЕНАРОТ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ВАРИЈАБИЛНОСТА НА РЕАЛНИОТ СЕКТОР НА ЕКОНОМИЈАТА.***

Доколку Народна банка одлучи да користи таргетирање на инфлацијата како монетарна стратегија ние сме подготвени да прифатиме дел од одговорноста поврзан со поставувањето и остварувањето на таргетот на инфлацијата, како што е тоа случај во други земји. Станува збор за тоа фискалната политика да не делува во насока на пораст на инфлацијата и да не предизвикува притисок и зголемена променливост на каматните стапки. Тоа позитивно ќе се одрази на цената на кредитите, односно ќе се намалат каматните стапки на кредитите, правејќи ги подостапни за претпријатијата и населението, и со тоа поддржувајќи го економскиот раст. Оптималноста на монетарната политика, поддржана со соодветно дизајнирана и координирана разумна фискална политика ќе овозможи ***СТАБИЛНО МАКРОЕКОНОМСКО ОКРУЖУВАЊЕ.*** Само во таков амбиент претпријатијата можат подолгорочно да ги планираат своите активности и да инвестираат. Тоа значи нови работни места, силна економија и подобар живот.

***НИЕ СМЕ:***

- ***ЗА НИСКА И СТАБИЛНА СТАПКА НА ИНФЛАЦИЈА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАСТ!***
- ***ЗА НИСКИ КАМАТНИ СТАПКИ КОИ ДАВААТ ПОТТИК ЗА НОВИ ИНВЕСТИЦИИ!***

## ***ЗДРАВИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ЗДРАВА ЕКОНОМИЈА***

Покрај капиталот, работната сила и технолошкиот развој, сè повеќе се смета дека важен фактор, за економскиот раст на една земја, е и квалитетот на нејзините институции. Ние го препознаваме тоа и ќе го преземеме следното:

• Ќе обезбедиме ефикасна координација на монетарната и фискалната политика преку интензивна и ефикасна комуникација помеѓу Министерството за финансии и Народна банка на Република Македонија. Дополнително, ќе се ангажираме за суштинско подобрување на нивната комуникација со јавноста. Така ќе ја јакнеме довербата на граѓаните и претпријатијата во институциите што се одговорни за одржување на макроекономската стабилност и ќе ја намалуваме неизвесноста за економската иднина на земјата.

• Ќе ја забрзаме реформата на судскиот систем, чии институции ги штитат сопственичките права и го осигуруваат извршувањето на договорите. Тоа се институции кои се многу значајни за да имаме функционална пазарна економија.

• Ќе го подобриме работењето на регулаторните институции, како што се регулаторните агенции и комисии. Тие ги ублажуваат ефектите во оние области во кои лошо функционира пазарот. Доколку е потребно дополнително ќе ја зацврстиме нивната независност согласно стандардите на развиените пазарни економии. Ќе обезбедиме политичка департизираност на регулаторните институции. Ќе поттикнеме и продлабочување на нивната соработка со соодветни институции од развиените земји.

• Ќе го подобриме работењето и на другите институции. Притоа, особено внимание ќе посветиме на институциите чија што работа директно се одразува на квалитетот на формулирање на економските политики и на квалитетот на одлуките што се носат во врска со тие политики. Притоа:

• Ќе создадеме услови што ќе овозможат нашите економски политики да се потпираат на најсовремени квантитативни и квалитативни анализи. Во развиените земји веќе одамна е препознаена потребата за користење на софистицирани методи и модели при донесување на одлуки за дизајнирање и водење на економските политики. За таа цел, а водејќи се од искуствата на развиените земји, ќе изградиме институционален капацитет кој ќе дефинира стратешки рамки, ќе создава релевантни макроекономски модели, ќе врши среднорочно планирање, ќе прави секторски анализи и студии.

• Ќе му помогнеме на Државниот завод за статистика дополнително да го подобри квалитетот на работењето за да можеме, како држава, да имаме уште подобра статистичка основа за подобри анализи и одлуки.

***НИЕ СМЕ:***

- ***ЗА КВАЛИТЕТНИ И ЕФИКАСНИ ИНСТИТУЦИИ СО ВИСОК КРЕДИБИЛИТЕТ!***

Без оглед на тоа колку добро се формулирани разновидните реформи, нивната успешна примена зависи од тоа колку е добра јавната администрација. Тоа значи дека за напредок потребен е квалитетен кадар и добра организација. Затоа, придаваме исклучително значење на прашањата поврзани со начинот на кој работи јавната администрација.

***ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА Е НОСЕЧКАТА СИЛА НА РЕФОРМИТЕ ВО ЗЕМЈАТА!***

## НАШИОТ ПРИОД СЕ ПОТПИРА НА НЕКОЛКУ ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ:

### • ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА И ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Ова никако не значи дека на службениците ќе им биде забрането активно членување во која било политичка партија, здружение на граѓани, интересна група и сл. Но, нивното членство во вакви организации, нивната блискост со одредени видни политичари од власта или опозицијата, пријателските или роднинските односи со нив нема да имаат никакво влијание, ниту позитивно, ниту негативно на работењето во јавната администрација. Политиката нема, и не смее да има, никакво влијание кога службеникот одлучува за правата, обврските и правните интереси на граѓаните за чие остварување е надлежна јавната администрација. Ќе ја вратиме довербата на граѓаните во јавните служби, довербата во наставниот, професорскиот, медицинскиот кадар. Ќе ја вратиме довербата во јавната администрација.

### • СИСТЕМ НА КАРИЕРА ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Системот на кариера подразбира службенички систем во кој ќе постои професионална администрација од кариера. Основна цел на секој државен службеник ќе биде да напредува по хиерархиската скала внатре во својата служба, сè додека не го достигне нејзиниот врв. Службеничката кариера и работата во државната администрација ќе претставуваат место за натпревар на најдобрите стручњаци од сите профили. Ќе создадеме услови професионалните и компетентни државни службеници, со својата експертска моќ, да се наметнат над минливите и менливи политичари. Нема да дозволиме на долгогодишен, успешен и стручен државен службеник напредувањето да му зависи од волјата на политичкиот функционер, ниту пак унапредувањето во повисоко звање да му биде загрозено од партиски истакнати членови кои немаат ниту еден ден службенички стаж.

### • ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМСКИ, КОНТИНУИРАНИ И ПЕРМАНЕНТНИ ОБУКИ НА СИТЕ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Обуката на службеничкиот кадар е од исклучително значење за формирање на мала, а сепак ефикасна и професионална јавна администрација. Во рамките на постојните институции, ќе формираме посебен центар за обуки на службеници во кои свое учество ќе земат видни практичари и теоретичари, инструктори од консалтинг компании, невладини организации од земјава и од странство. Обуките ќе бидат континуирани и задолжителни. Нивната посета и верификација на знаењата и вештините здобиени од нив ќе бидат еден од основните критериуми за напредување во службеничката кариера. Обуките ќе бидат

вистински предизвик за стекнување со нови знаења, вештини и способности кои ќе го подигнат општествениот статус на македонскиот јавен службеник, како и неговата улога во креирањето на јавните политики.

### • ТРАНСПАРЕНТНА И ОТЧЕТНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Она што најмногу го фрустрира граѓанинот е затвореноста на јавните служби и начинот на нивната работа, како и резултатите од неа само за одреден „елитен" круг на луѓе. Нашите залагања се состојат во организирање на тркалезни маси, расправи и секаков друг вид на консултации со граѓаните, нивни претставници, претставници на интересни групи, невладиниот сектор, експерти од областа итн., пред да започне процесот на создавање на нов закон или позначаен подзаконски акт, како и после неговото донесување, при имплементацијата на актот. Сите акти на Собранието, Претседателот, Владата, министерствата, фондовите, органите и организациите со јавни овластувања, установите и сл., ќе бидат јавно достапни на сите начини кои ја овозможуваат широката достапност на информациите, пред сѐ, преку објавување на интернет страниците на споменатите институции.



04

# БИЗНИС-СЕКТОРОТ, ДВИГАТЕЛ НА РАЗВОЈОТ

# *БИЗНИС-СЕКТОРОТ, ДВИГАТЕЛ НА РАЗВОЈОТ*

Без оглед колку се добри макроекономските политики на државата, тие не се доволни сами по себе. Животот може да биде подобар само доколку бизнис-секторот повлече напред. Приватниот бизнис-сектор е моторот, тој ја движи економијата и го носи развојот. Ние тоа го разбираме, сакаме да помогнеме и да бидеме пријател на бизнис-секторот, затоа што неговиот напредок носи нови работни места и просперитет за сите.

За да може бизнис-секторот да повлече напред потребно е државата да го растерети колку што е можно повеќе. Тогаш бизнис-секторот има повеќе средства на располагање за инвестиции и нови работни места. Тоа е поинаков концепт од оној каде што прибраните народни пари државата ги троши за непродуктивни цели, како што се разни споменици, реклами итн.

Стратешки, ќе помогнеме производите и услугите на македонските претпријатија квалитативно да се разликуваат од оние на конкуренцијата. Исто така, ќе преземеме активности што би овозможиле македонските производи и услуги да бидат поконкурентни со својата цена.

Активностите во врска со бизнис секторот ќе бидат насочени и кон целосно исполнување на два економски предуслови што директно помага за добивање датум за преговори за полноправно членство во ЕУ. Така, ќе работиме на зајакнување на општата деловна клима и елиминирање на институционалните пречки за создавање на нови работни места.

***НАШИТЕ ЕКОНОМСКИ ПОЛИТИКИ ЗА БИЗНИС-СЕКТОРОТ ПРВЕНСТВЕНО СЕ НАСОЧЕНИ КОН ТРИ ОБЛАСТИ:***

***1. КАЈ СИТЕ ДЕЈНОСТИ И ГРАНКИ ОСОБЕНО ВНИМАНИЕ ПОСВЕТУВАМЕ НА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ, ПОТТИКНУВАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА;***

***2. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТСКАТА СПОСОБНОСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА;***

***3. ДИРЕКТНА ДРЖАВНА ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО ДЕЈНОСТИТЕ И ГРАНКИТЕ ЧИЕ ОПСТОЈУВАЊЕ И РАЗВОЈ Е ОД ПОШИРОК ЈАВЕН И НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС, А КОИ ПАЗАРОТ НЕ Е ВО СОСТОЈБА ЦЕЛОСНО ДА ГИ УРЕДИ.***

Никој не може подобро да ги знае проблемите со кои се соочуваат сите оние што водат мал или голем бизнис од самите нив. Ние тоа го знаеме и го имаме предвид. Затоа, особено внимание ќе посветуваме на здравата и постојана комуникација со бизнис-заедницата.

## *1. МЕРКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ, ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА:*

## *ПОТТИКНУВАЊЕ НА ИНВЕСТИЦИИТЕ*

***ИНВЕСТИЦИИТЕ СЕ ОСНОВА НА РАЗВОЈОТ. МОРА ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ СИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ДА СЕ ОХРАБРИ И ОЛЕСНИ ИНВЕСТИРАЊЕТО НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР. НИЕ ЌЕ ГО НАПРАВИМЕ СЛЕДНОТО:***

• ***ДОМАШНИТЕ И СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ ПРИНЦИПИЕЛНО ЌЕ ИМААТ ИСТ ТРЕТМАН.*** Во слободните економски зони ќе нудиме поволности. За да се користат тие поволности ќе треба да се исполнат одредени услови. Со оглед на тоа што тешко можат да ги исполнат условите што сега важат за странските инвеститори, за домашните претпријатија ќе воведеме поинакви услови. Со тоа, странските и домашните инвеститори што ги исполнуваат соодветните услови ќе имаат можност за влез во зоните, ќе бидат рамноправни и ќе користат исти поволности. Оние инвеститори, без оглед дали домашни или странски, што не ги исполнуваат условите за влез во зоните, ќе бидат рамноправни надвор од нив. Значи, бенефиции даваме на оној што отвора работни места, без оглед дали е странски или домашен инвеститор.

• Ослободување, делумно или целосно, од плаќање на давачките за увоз на опрема која е наменета за green field инвестиции, за проекти што ангажираат работна сила во недоволно развиени општини, како и за дејностите кои се обединети во Кластери на конкурентска предност;

• Обединување на активностите на постојните државни агенции за инвестиции, во единствена Агенција за претприемништво и странски инвестиции. Тоа ќе ги обедини активностите, ќе ги намали трошоците и ќе овозможи полесно поврзување на странските инвеститори со домашните претприемачи;

• Креирање на Национална стратегија за пристап кон инвеститорите, домашни и странски, во дејности од национален интерес, низ заеднички вложувања со државата, стратегии на спојувања, припојувања и преземања на постојни претпријатија, со минимално сопственичко учество на државата од 20%;

• Бесплатна советодавна техничко-технолошка и менаџерска помош, за новоотворените инвестиции, од страна на Агенцијата за претприемништво и странски

инвестиции;

• Креирање на Национална програма за трансформација на државните и јавните претпријатија, со нивна трансформација во акционерски друштва во државна или јавна сопственост со минимум државно учество од 51%, а овозможување акционерски удели на заинтересирани домашни или странски инвеститори.

## *ПОДДРШКА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И НА ИЗВОЗНО ОРИЕНТИРАНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА*

Малите и средните претпријатија заслужуваат посебно внимание. Тие вработуваат голем дел од населението, флексибилни се и имаат огромен потенцијал за напредок. Затоа, ние сакаме да им помогнеме на малите и средните претпријатија. Некои од предвидените активности се:

•Обезбедување на меѓународна акредитација на Националната платежна агенција, како и на системот на мониторинг на подготвувањето и спроведувањето на проектите од сегментот на претпристапната помош на Европската унија за развој на мали и средни претпријати, како и заокружување на националната акредитација во преостанатите две области;

• Намалување на нивото на царинските стапки до 50% за увоз на суровини и репроматеријали за мали и средни претпријатија, кога тие целосно се наменети за извоз на финалниот производ;

• Субвенционирање во висина до 25% на каматата за кредитите и ослободување до 50% од таксите кај извозните царински декларации за малите и средни претпријатија, кај кои вредноста на извезеното е најмалку 50% повисока од вредноста на увезеното;

• Ослободување од обврската по основ на данок од добивка во висина до 20%, кај извозно ориентираните мали и средни претпријатија во чија работа, учеството на трошоците за енергија во структурата на вкупните трошоци не надминува 20%;

• Намалување на обврската за ДДВ до 50% за малите и средни претпријатија што од алтернативни извори на енергија, како што се соларна, термална и ветерна енергија, задоволуваат повеќе од половина од својата потрошувачка на енергија;

• Субвенционирање во висина до 25% на трошоците за отворање на нови 10 бизнис-инкубатори или центри за почеток на мали или средни бизниси, во кои сите нови идеи ќе се развиваат и кадровски и финансиски заокружуваат;

• Олеснување на работењето на малите и средни претпријатија, особено на оние кои функционираат во руралните средини, преку активна улога на државата во финансирање на инфраструктурни проекти;

• Купување на удели од страна на државата исклучиво во мали и средни претпријатија,

со подоцнежно продавање на истите и влегување во поддршка на развојот на други мали и средни претпријатија, со што ќе се обезбеди рамномерна државна секторска поддршка;

• Воведување на Национален фонд за финансиска поддршка на употребата на специфични финансиски инструменти, како што се факторингот и форфетингот кај извозните аранжмани на малите и средни претпријатија, со државно учество во висина до 50%, преку МБПР;

• Финансирање на воведување на последипломски студии на државните универзитети, од областа на менаџмент на малиот бизнис и претприемништвото и целосно покривање на трошоците за финансирање до 50 студенти секоја академска година;

• Финансирање на отворање на технолошко-развоен истражувачки центар, посветен на научно согледување на предностите на македонските мали и средни претпријатија во однос на европските, но и на елиминирање на сегментите во кои тие заостануваат, како што се амбалажата, маркетингот, почитување на роковите за испорака, нивото на квалитетот, конзистентни менаџмент техники итн.;

• Согласно искажаните потреби на малите и средните претпријатија, по извршена анкета, ќе се идентификуваат приоритетни области за кои постои потреба од обука на вработените во државната и јавна администрација. Ние би ја финансирала таквата обука на централно ниво и би ја субвенционирале на локално ниво.

## 2. МЕРКИ И ИНСТРУМЕНТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТСКАТА СПОСОБНОСТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ВО НЕКОИ ОД ПООДДЕЛНИТЕ ДЕЈНОСТИ И ГРАНКИ

Покрај она што сакаме да го направиме, а би му помогнало на целиот бизнис-сектор, предвидуваме и активности што се насочени кон некои од поодделните дејности. Тука наведуваме само некои од секторите.

### ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

Туризмот е една од најперспективните дејности на Република Македонија. Неговиот развој е добар од повеќе причини:

• Република Македонија е убава земја, со топли и гостопримливи луѓе, богата историја, природни убавини, одлична храна, солидна инфраструктура, и ги има сите предуслови за развој на туризмот;

• Придонесува за поголем прилив на девизи без притоа извозот да се потпира на голема потрошувачка на енергија, која што на краток рок ја немаме доволно;

• Го олеснува пласманот на домашните земјоделски и други прехранбени производи;

• Овозможува запознавање на странските туристи со македонските производи (вино, текстилни производи итн.) и го олеснува потоа нивниот извоз на странските пазари;

• Генерално придонесува за развој на секторот услуги, кој што се очекува забрзано да се развива како што ќе се приближуваме до Европската унија;

### *ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ЌЕ ГО НАПРАВИМЕ НАЈМАЛКУ СЛЕДНОТО:*

• Формирање на Национален туристички центар, кој ќе ја обедини и интегрира понудата на сите македонски туристички дестинации, според видовите на туризам на кој му припаѓаат и нивното ниво на квалитет што го нудат. Истиот ќе претставува централен државен орган во планирање и спроведување на туристичката промоција на Македонија на меѓународните саеми за туризам, со користење на средствата за туристичка пропаганда и ќе се грижи за континуирано снабдување со пропаганден материјал во сите туристички информативни центри. Во работата на Националниот туристички центар на соодветен начин ќе биде вклучена и бизнис заедницата од областа на туризмот и угостителството;

• Намалување на стапката на ДДВ за туристичките услуги на 5%;

• Намалување на туристичките такси до 50%;

• Изработка на единствен тарифник на туристички услуги;

• Активна улога на државата во обезбедување на авионски превоз од странство до Република Македонија, по цени кои ја засилуваат конкурентноста на домашните туристички центри во однос на странските;

• Активна улога на државата за олеснување на привлекувањето на туристи од странство;

• Активна улога на државата за промовирање на заеднички настап со останатите земји во регионот за привлекување туристи од странство;

• Категоризација и годишна проверка на критериумите за нивоата на квалитет (број на ѕвезди) на македонските хотели, според критериумите за квалитет на хотелско-угостителските капацитети на Европската унија;

• Изработка на Национална карта на геотермални води и нудење на истите за отворање на спа-центри, според моделот на јавно-приватно партнерство;

• Примена на современа форма на работно ангажирање и евидентирање на работниците кои повремено се ангажирани во туризмот.

### *МЕТАЛОПРЕРАБОТУВАЧКА ИНДУСТРИЈА*

• Целосно почитување на обврските од Протоколот бр.2, како дел од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, од април 2001 год., за усогласување на Националната програма за реструктуирање и преобразба на македонската челична индустрија со

условите за извршување на бизнисот кои ги поседуваат европските компании од оваа област;

• Овозможување даночни олеснувања за металопреработувачките капацитети кои низ моделот на јавно приватно партнерство во изградба на нови електро-енергетски капацитети инвестираат најмалку 20% од вредноста на електро-енергетскиот капацитет;

• Намалување на периодот на поврат на ДДВ по основ на извоз на 15 дена, а продолжување на рокот на плаќање на ДДВ за увоз на суровини, репроматеријали и опрема кои не се произведуваат во нашата држава за дополнителни 15 дена;

• Субвенционирање на дел од трошоците за достигнување на еколошките стандарди, како и за проектите од оваа област за техничко-технолошки иновации наменети за извоз;

• Целосно отстранување на административните проблеми во поглед на приватизација на државното земјиште на кое функционираат метало-преработувачките капацитети, со понуда за отплата на вредноста на земјиштето во период од најмалку 10 години;

• Намалување на трошоците и времетраењето на издавањето на разните дозволи, согласности за транспорт, царинење и шпедирање на нивните производи, поедноставување на процедурите во односите со државните органи, особено оние кои се однесуваат на постапката за извоз на сопствените производи.

## *РУДАРСТВО И ЕКСТРАКТИВНА ИНДУСТРИЈА*

• Скратување на рокот за добивање на административен одговор за добивање на определен рудник под концесија на максимум 1 месец, со вклучување на обврска концесионерот да вработи одреден број лица на неопределено време. Бројот на лица ќе биде утврден според видот на договорот за концесионерство;

• Воведување на клаузула за флексибилност во сите концесионерски договори во поглед на висината на концесијата. При пораст на светската цена на рудата да расте и вредноста на концесијата и обратно;

• Ослободување во висина до 20% од даночните и царинските обврски за набавена технолошка опрема за современи методи на експлоатација, за набавка на ХТЗ опрема и опрема за заштита на животната средина;

• Субвенционирање во висина до 25% на транспортните трошоци за извоз на нивните производи кои се со висок степен на финализација.

## *ТЕКСТИЛНА И ЧЕВЛАРСКА ИНДУСТРИЈА*

• Приоритетна државна посветеност кон текстилната индустрија, со доминантна стратегиска цел производство на сопствени високо квалитетни и ценовно вредни производи, а намалување на учеството на ценовно најниските текстилни производи;

• Целосно ослободување од обврската за плаќање на ДДВ за одреден временски период за нови капацитети кои вработуваат минимум 100 вработени на неопределено време. Дополнително, бројот на вработени лица на определено време не смее да биде поголем од една третина од вкупниот број на вработени лица;

• Субвенционирање на дел од трошоците за создавање и промовирање на македонски текстилен бренд-производ наменет за извоз;

• Субвенционирање во висина до 50% на трошоците за учество на меѓународните саеми за промоција на сопствените текстилни брендови со висок степен на квалитет;

• Субвенционирање до 50% на трошоците за заеднички транспорт на текстилните и чевларските компании, чие производство е наменето за извоз, не вклучувајќи ги компаниите кои работат според лон-системот;

• Доделување под наем на најмалку една локација по цена од 60 денари за метар квадратен, на секоја општина во која текстилот или чевларската индустрија се најзначајна индустриска гранка за вработување на локалното население, со обврска за вработување на најмалку 100 вработени на неопределено време;

• Креирање на Државен фонд за финансирање на предвремената наплата на првите извозни побарувања во определена држава, преку МБПР, со можност за користење на средствата од овој фонд најмногу до 3 пати во текот на годината, за побарувања од најмалку 2 земји;

• Дотација за компаниите кои потребите од поддржувачките индустрии кон текстилот, како на пример закачалки, најлон, амбалажа итн., ќе го обезбедуваат од македонски претпријатија кои ги исполнуваат стандардите за квалитет што се бараат на странските пазари.

## ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ

• Креирање на Национална стратегија за уредување на животниот и работниот простор, на целата територија на државата, со целосно почитување на критериумите од европското законодавство кои го третираат градежништото и урбанизмот, во насока на спојување на Законот за градежно земјиште со сите законски и подзаконски акти од оваа област;

• Законски измени кон целосно почитување на меѓународните критериуми за максимално дозволените висина и ширина на градежните објекти за станбена изградба кои се лоцирани во централното градско подрачје;

• Делумно субвенционирање на трошоците за целосно достигнување и унапредување на еколошките стандарди од страна на индустриските капацитети кои се големи загадувачи, а се сместени во рамките на општините, како и редовна контрола секои три месеци на почитувањето на воспоставените еколошки стандарди;

• Донесување на Закон за легализација на бесправно изградените градежни објекти,

кои според својата местоположба, висина и ширина не отстапуваат од меѓународните критериуми за станбена изградба и доколку не се коси со планска документација или предвидени магистрални инфраструктурни објекти (патишта, улици, инфраструктурни водови итн.). По целосно подмирување на обврските кон соодветната општина, во период не подолг од една година, тие објекти би биле внесени во Деталните урбанистички планови во период не подолг од три години;

• Бесплатно доделување на 3 државни градежни парцели на секоја општина, со обврска општината да организира јавен повик за заинтересираните претпријатија за изградба на индустриски капацитет кој ќе биде ослободен од плаќање на комуналните обврски, со обврска за вработување на најмалку 150 лица во секој од нив и обврска за нивно задржување во работен однос во определен временски период;

• Покривање на територијата на целата држава со Дигитален регистар на катастарските планови и финализација на сите топографски карти во државата.

## *МАЛОПРОДАЖБА И ДИСТРИБУЦИЈА*

• Субвенционирање во висина до 50% на трошоците за стекнување на меѓународниот стандард за квалитет HACCP, со обврска во период од 3 год. најмалку 50% од производите кои се продаваат во тој објект да бидат од производители кои го поседуваат овој стандард за квалитет;

• Воведување на казни во висина до 200.000 ден. и забрана за вршење на дејност во период од 3 месеци за малопродажните објекти во кои ќе се пронајдат производи што се продаваат, а се со изминат рок на употреба. Потрошувачите заслужуваат да бидат заштитени;

• Контрола на целосното почитување на правилата за безбедност на исхраната во контролата со какви возила се доставуваат прехранбените производи и нивно јасно разграничување од доставните возила за хемиски производи;

• Одредување на посебни пристапни места за достава на малопродажната стока до големите малопродажни објекти, со прецизирање на времето на достава и ограничување на времетраењето на достава до 15 мин. Со тоа ќе се олесни функционирањето на сообраќајот во градовите;

• Оневозможување на продавање на ист производ во иста категорија на сопствени малопродажни објекти по цени кои се разликуваат повеќе од 10%, во кој случај се активира заштитата на потрошувачите. Истовремено, ова ќе ги заштити и малите дуќанџии од нефер ценовната конкуренција на големите синџири на малопродажни објекти.

## *ИНФОРМАТИЧКИ И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ*

• Користење на моделот на јавно-приватно партнерство за заедничко вложување

со големите телекомуникациски оператори, во изградба на мрежа со оптички кабел, на целата територија на државата, со учество на централната и локалната власт од минимум 51%;

• Поттикнување на средните и големите претпријатија да изградат сопствени менаџмент информациони системи во период од најмногу 3 години, со можност за одредено државно субвенционирање на трошоците;

• Изградба на Национална информатичка бизнис-мрежа која бесплатно ќе ги презема податоците од менаџмент информационите системи и ќе ги доставува до сите меѓуродни стопански комори, трговски асоцијации, индивидуално заинтересирани деловни субјекти итн.;

• Одредување на висината на надоместот за нудење на телевизиски, интернет и телефонски услуги од страна на кабелските оператори, со утврдување на различни нивоа на ДДВ за секоја од 3-те категории на нивни услуги (18% за телевизијата и телефонијата, а 5% за интернетот);

• Воведување на интегриран информатички систем на сите органи и тела кои припаѓаат во рамките на секое министерство, со цел воведување на единствен систем за дневно информирање за текот и резултатите од секој преземен проект кој се остварува кај нив;

• Прецизирање на правната основа на изградените базни станици и дефинирање на посебен надомест кон државата за нивно легализирање во поглед на одобрение за градба и решение за локација;

• Завршување на процесите на трансформација на локалните јавни електронски медиуми.

## ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Финансискиот сектор е специфичен и исклучително важен за една економија. Искуството од последната светска економска криза, која што започна во финансискиот сектор, покажува дека треба да се преземаат сите потребни активности финансискиот сектор да биде сигурен и стабилен. Ние тоа ќе го направиме. Истовремено, ќе вложиме напори да ја зголемиме ефикасноста на финансискиот сектор затоа што тоа е многу важно за развојот на целата економија. Ефикасен финансиски сектор овозможува парите брзо да стигнат од оние што ги штедат до оние на кои им се потребни за да финансираат некоја своја потреба или проект. Ќе го направиме најмалку следното:

## БАНКАРСКИ СЕКТОР

Банкарскиот сектор е најважниот дел, на кој отпаѓаат 90% од средствата на финансискиот сектор. Стабилниот банкарски сектор придонесува за стабилни очекувања

и јакнење на довербата на претпријатијата. Ние разбираме дека обезбедувањето на стабилност на банкарскиот систем е јавно добро, прашање од јавен интерес, затоа што кога има финансиски кризи општествата плаќаат голема економска и социјална цена.

## ЗАТОА, СО НАШИТЕ ПОЛИТИКИ Е ПРЕДВИДЕНО ДЕКА:

• Ќе извршиме целосно усогласување на Законот за банките со најновите европски директиви. Со тоа дополнително ќе ги зајакнеме прудентните стандарди и стандардите за управување со ризици по кои работат банките за да бидат тие постабилни;

• Ќе го регулираме статусот на штедилниците. Нивниот статус сега не е најсоодветно регулиран, што влијае неповолно на финансиското посредување;

• Ќе направиме измени во начинот на осигурување на депозитите. Притоа, ќе ги вклучиме депозитите на малите трговци во системот на осигурување на депозити. Ќе воведеме премија за осигурување на депозитите базирана на ризикот, така што Фондот за осигурување на депозити ќе наплаќа повисока премија за осигурување на депозити во банки што презеле поголем ризик. Ќе ја испитаме можноста за вклучување на Фондот за осигурување на депозити во постапките на администрација на банка кои ги презема Народна банка. Со тоа, Фондот за осигурување на депозити суштински би станал дел од сигурносната мрежа за заштита на банкарскиот систем од системски кризи. Ќе ја испитаме можноста на банките да им се ослободат финансиски средства што ќе можат да ги пласираат во приватниот сектор. Поголемата понуда на кредити ќе влијае во насока на намалување на каматните стапки на кредитите.

• Ќе ја зајакнеме институционалната рамка и капацитетот за справување со финансиски кризи. Во соработка со Народна банка ќе донесеме детално разработен План за управување со кризи и ќе формираме инфраструктура за негова примена. Притоа, ќе формираме Комитет за финансиска стабилност, во чија работа покрај Министерството за финансии и Народна банка би учествувале и супервизорски органи што вршат надзор над други делови од финансискиот систем.

## ПАЗАР НА КАПИТАЛ

За да го постигнеме посакуваниот економски развој важно е да постои функционален и ефикасен пазар на капитал. За таа цел:

• Ќе ја подобриме организациската и институционалната поставеност и регулативата на домашниот пазар на капитал. За таа цел ќе формираме обединет регулатор за супервизија на небанкарските финансиски институции. Тоа ќе овозможи подобра комуникација при регулирањето на поодделни видови на небанкарски финансиски институции, а ќе ги намали и трошоците на регулацијата. Ќе подготовиме Стратегија за развој на националниот пазар на капитал, а ќе формираме и посебен Комитет за имплементација на европската

регулатива на македонскиот пазар на капитал.

• Ќе го стимулираме развојот на примарниот пазар на капитал. Тоа ќе го направиме преку креирање на соодветен систем за техничка помош при прво издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда. Ќе извршиме и ревидирање на законската регулатива поврзана со нови емисии на хартии од вредност и активности: кај постапката за приватен пласман во насока на либерализација и примена на решенијата од ЕУ директивите, кај правото на првенствен откуп во насока на повторно воведување, итн.

• Ќе влијаеме во насока на подобрување на транспарентноста и корпоративното управување во компаниите. Ќе иницираме создавање на современа и централизирана електронска база на податоци за сите јавно поседувани акционерски друштва и други издавачи на хартии од вредност, којашто ќе се полни автоматски и унифицирано, и ќе воведеме стандардизирани протоколи за финансиско известување. Ќе обезбедиме правно изедначување на начинот на известување (во печатените медиуми и преку интернет) на сите трговски друштва кои имаат обврски за обелоденување согласно Законот за хартии од вредност и Законот за трговски друштва. Тоа ќе ги намали трошоците на бизнисот. Понатаму, ќе преземеме активности за создавање на Национален кодекс за корпоративно управување за сите јавно поседувани друштва. Ќе направиме промени на законски утврдените услови за декотација од берза.

• Ќе влијаеме во насока на зголемување на ликвидноста на домашниот пазар на капитал. Ќе го укинеме данокот на капитална добивка за капитални добивки до одредено ниво. Со тоа, ќе ги  поттикнеме т.н. мали инвеститори да тргуваат на пазарот на капитал. Ќе ја испитаме можноста за намалување на даночната стапка за капиталната добивка. Ќе овозможиме интензивирање на едукацијата на населението за функционирање на пазарот на капитал, вклучително и воведување на факултативен наставен предмет во средното образование.

• Ќе влијаеме во насока на бројот и опфатот на финансиските инструменти на пазарот. За таа цел, ќе дадеме даночни ослободувања или олеснувања за новокотирани компании на берзата. Ќе ја разгледаме можноста државата да ја зголеми понудата на пазарот на капитал.

• Ќе преземеме активности за постигнување меѓународна присутност и препознатливост на домашниот пазар на капитал. Притоа, ќе создадеме законски предуслови за интеграција на институциите на пазарот на капитал во пошироки регионални и/или меѓународни целини. Понатаму, во рамките на општите кампањи за привлекување на странски инвестиции од страна на државните институции ќе го промовираме и македонскиот пазар на капитал.

• Ќе влијаеме во насока на зголемување на присутноста на странски портфолио инвеститори и финансиски посредници на македонскиот пазар на капитал. За таа цел ќе воведеме  современ концепт за функционирање на т.н. старателски сметки на хартии од вредност.

• Подобро ќе го организираме извршувањето на супервизорската функција на финансискиот сектор. Ќе извршиме постепено обединување на супервизорските органи кои вршат надзор над небанкарските супервизорски институции и на пазарот на капитал. Имајќи предвид дека финансиските услуги секојдневно стануваат посложени и поврзаноста поголема, се наметнува потребата од обединување на небанкарските супервизори во едно супервизорско тело. Дополнително ќе го разгледаме прашањето дали ваквиот обединет небанкарски супервизорски орган би бил во или надвор од Народна банка. Во секој случај, супервизијата на банките би останала во Народна банка.

• Ќе го покренеме воведувањето на концептот на супервизија ориентирана кон ризиците и кај супервизорските органи што вршат надзор над небанкарските делови на финансискиот сектор. Со тоа ќе се зајакне капацитетот на овие супервизорски органи за навремено препознавање на ризиците, а со тоа и јакнење на финансиската стабилност во земјата.

• Донесување на закон за небанкарски финансиски институции. Со тоа ќе се постигнат најмалку две цели. Прво, ќе се овозможи финансискиот сектор да има повеќе институции одошто досега и ќе се знае со какви активности можат тие да се занимаваат. Второ, ќе се овозможи населението и претпријатијата да имаат можност да користат зголемена понуда на финансиски инструменти. Со тоа ќе се олесни финансирањето на потребите на населението и претпријатијата за финансиски средства.

## *3. МЕРКИ И ИНСТРУМЕНТИ КОИ СЕ НАСОЧЕНИ КОН НЕПОСРЕДНА ДРЖАВНА ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО ДЕЈНОСТИТЕ И ГРАНКИТЕ ЧИЕ ОПСТОЈУВАЊЕ И РАЗВОЈ ПОСЕДУВА И ПОШИРОК ЈАВЕН И НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС, А КОИ ПАЗАРОТ НЕ Е ВО СОСТОЈБА ЦЕЛОСНО ДА ГИ УРЕДИ:*

### *ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЈАВНИ РАБОТИ*

• Испитување на можноста за ангажирање во инфраструктурни проекти на невработени лица со низок степен на квалификации и вештини и низок социјален статус;

• Задолжително вклучување на обврска на сите концесионери, како концесионерот на аеродромите во Скопје и во Охрид, од користење на најмалку 30% македонски граѓани, од вкупно ангажираните лица за модернизација и осовременување;

• Интензивирање на јавните работи за изградба, ревитализација и дооформување на градежните објекти од основното, средното и високото образование, објектите за сместување на средношколци и студенти, со ослободување во висина до 20% на обврските по основ на ДДВ поради користењето на квалификувани, а дотогаш невработени или малку вработени лица;

• Субвенционирање на вклучувањето на невработени лица, со Договори на определено време од минимум 6 месеци, при изведување на обемните јавни катастарски теренски активности, со цел ефикасна обработка на сите достасани катастарски барања во краток период;

• Создавање на посебна Национална кредитна програма за поддршка на јавните работи во недоволно развиените општини, која ќе се реализира под водство на МБПР, преку комерцијалните банки, со доделување на кредити со 0,5% камата, на период од 5 год., за локални проекти за самовработување и вработување на најмалку 3 лица во следните 3 год., со целосно ослободување од обврската за плаќање на ДДВ во првите 3 години;

• Финансирање на пошумување и зазеленување на делови од планини и голини, со приоритет за учество на невработени или лица со краток работен стаж од тие средини, со месечен надомест од 4.000 денари, за период не подолг од 6 месеци;

• Субвенционирање на трошоците за промовирање во земјата и во странство на производите кои припаѓаат на категоријата домашни занаети, изработките со традиционални македонски рецептури во областа на прехранбената, металската, текстилната и чевларската индустрија. Ова е еден начин да им помогнеме на домашните занаетчии.



05

# ЗЕМЈАТА НА ВИСТИНСКИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ

# *ЗЕМЈАТА НА ВИСТИНСКИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ*

Битието на нашата земја е нераскинливо поврзано со земјоделството. И секогаш било така низ историјата, земјоделството било извор на опстанок. Според последниот земјоделски попис, 200.000 лица директно, а дополнителни 250.000 лица индиректно се ангажирани во земјоделството, ловството и шумарството. Животите на многу семејства зависат од тоа што се случува во земјоделството. Затоа, на земјоделството му посветуваме особено внимание.

Развојот на земјоделството не значи само опстанок и надеж за илјадниците невработени лица. Тоа значи опстанок и за нашите села, за руралните средини. Мораме да ги вратиме животот, надежта, огнот во старите напуштени огништа.

***НАПРЕДОК ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ, ПОСИЛНА ЕКОНОМИЈА!!!***

Сведоци сме дека земјоделците и производителите на храна се судираат со многу проблеми. Секојдневно се јавуваат вишоци на земјоделски производи, многу млади лица од руралните средини се приморани да се селат во урбаните средини.

Во исто време драстично е продлабочен дефицитот во размената на прехранбени производи со странство. Во 2005 година од странство сме увезле прехранбени производи за 176 милиони американски долари повеќе одошто сме извезле. Во 2008 година тој дефицит изнесува дури 312 милиони американски долари, односно во споредба со 2005 година дефицитот е поголем за цели 77%. Тоа покажува дека во последните три години политиките поврзани со земјоделството и производството на храна не ја подобрија конкурентноста на македонските прехранбени производи. Не се искористи потенцијалот што го имаме за производство на храна. Политиките не ги дадоа очекуваните резултати.
Гледаме дека се прават напори да му се помогне финансиски на земјоделството. Се даваат државни субвенции и тоа е добро. Но, од друга страна, се прави илузија дека со тоа ќе се решат проблемите на земјоделците. Тие нема да се решат, само делумно ќе се ублажат.

- ***ДРЖАВНИТЕ СУБВЕНЦИИ ГИ УБЛАЖУВААТ, НО НЕ ГИ РЕШАВААТ ПРОБЛЕМИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ!!!***
- ***НИЕ СМЕ ЗА СУШТИНСКИ РЕШЕНИЈА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ!!!***

## *ЕВРОПСКА ПЕРСПЕКТИВА НА МАКЕДОНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО*

Земјоделството и производството на храна се наша шанса за успех на странските пазари. Имаме предуслови да произведеме добри, квалитетни производи, ова поднебје тоа го раѓа. Најважно е добро да го организираме земјоделството така што тоа ќе се вклучи полесно и побезболно на европскиот пазар, ќе ги применува европските правила и политики, но ќе ги користи и бенефициите. Со тоа на земјоделците ќе им се олесни пристапот до фондовите на Европската унија. Тоа е најважниот потфат што мораме да го оствариме заедно во партнерство со земјоделците. Со заеднички сили до поголеми финансиски средства за земјоделството, до поголемо производство, до поквалитетни и поконкурентни производи, до подобар живот на земјоделците и доближување на македонскиот земјоделец до европскиот!

## *ЕВРОПСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО Е ВИСТИНСКОТО РЕШЕНИЕ ЗА НАШИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ!!! КАКВИ СЕ ФИНАНСИСКИТЕ МОЖНОСТИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ОД ИНТЕГРИРАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА?*

Искуствата од земјите кои станаа членки на ЕУ, како за време на кандидатскиот статус, а уште повеќе откако станаа членки, покажуваат дека најголемите средства кои доаѓаат од ЕУ се во земјоделството и руралниот развој. Оваа шанса Република Македонија не смее да ја пропушти затоа што тоа е можеби најважната реална основа за развој на земјоделството, а индиректно и за целата држава. За ова се потребни стратегија, знаење, европски државни институции и како најважно - партнерство и директна соработка со земјоделците. Имаме капацитет, кадри, знаење и визија како да го оствариме тоа.

## *МОЖНОСТИ КАКО ЗЕМЈА-КАНДИДАТ*

Од европските ИПА фондови, за периодот 2007-2013 година на нашата земја ѝ стојат на располагање неповратни средства во износ од 82 милиони евра. Тие средства се наменети за финансирање на инвестиции во земјоделското производство, во преработувачката индустрија и за диверзификација на руралната економија. За да се користат овие средства за проекти од областа на земјоделството и руралниот развој, неопходно е во финансирањето да учествува и државата. Со тоа, вкупниот износ на инвестиции во земјоделството, кои се поврзани со европските фондови, за периодот 2007 - 2013 година достигнува 200 милиони евра. Обврската за учество во финансирањето од страна на државата се покрива со обезбедување на поволни кредити за земјоделците и преработувачката индустрија од Европската инвестициона банка.

## *ЗА ПРИБЛИЖУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ДО ЕВРОПСКОТО, НЕОПХОДНО Е:*

• Воведување на ефикасна програма за поддршка/поттикнување на регистрацијата на земјоделците;

• Воведување на програма за поддршка во исполнување на техничките предуслови (на пример големина на земјоделско земјиште, број на грла, засади...);

• Едукација на земјоделците за користење на програмите (аплицирање, обезбедување на ко-финансирање...);

• Обезбедување на поволни кредитни линии за финансирање на обврската за национално учество (ко-финансирање) во проектите за земјоделците и преработувачите;

• Воведување на финансирање на инвестиции во рурален развој, како дел од ИПАРД програмата.

## *СВЕДОЦИ СМЕ ДЕКА ОВИЕ АКТИВНОСТИ ДЕЛУМНО СЕ ЗАПОЧНАТИ И СЕ ПРЕЗЕМААТ, НО НИВНИОТ ЕФЕКТ ЗАСЕГА ИЗОСТАНУВА.*

Европската приказна е остварлива и за земјоделците во Република Македонија. Тоа го покажуваат примерите на други земји од регионот. На пример, Бугарија како земја-кандидат за членство во ЕУ во периодот 2000-2006 година искористи близу 500 милиони евра, а вкупниот износ на инвестиции во проектите за земјоделство и рурален развој е 1,3 милијарди евра. Бројот на регистрирани земјоделци е зголемен од 29.000 лица во 2001 година, на 65.000 лица во 2005 година. Извозот на земјоделски производи е зголемен од 550 милиони евра во 2000 година, на преку 850 милиони евра во 2004 година и продолжува да расте и понатаму. Невработеноста во руралните области е намалена од 21% во 2002 година на помалку од 12,9% во 2006 година и продолжува да се намалува.

## *МОЖНОСТИ КАКО ЗЕМЈА-ЧЛЕНКА (ЗАЕДНИЧКА ЗЕМЈОДЕЛСКА ПОЛИТИКА – ЕВРОПСКИ ФОНД ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ)*

За периодот 2007 – 2013 година во буџетот на ЕУ се предвидени средства во износ од 369 милијарди евра. За користење на дел од овие средства земјата треба да е веќе членка на ЕУ. Ако повторно го следиме примерот на Бугарија, како земја од соседството, ќе видиме дека нејзе и припаѓаат 2,3 милијарди евра или речиси пет пати повеќе средства од средствата што ги користела како земја-кандидат. Доколку се следи истиот метод на пресметка на вкупните инвестиции како и за претпристапните фондови како земја-кандидат, бугарските земјоделци за периодот 2007 – 2013 година ќе искористат околу 6

милијарди евра средства.

По истиот принцип, Република Македонија веројатно би можела да очекува околу половина милијарда евра неповратни средства од ЕУ за земјоделство и рурален развој во првите 7 години од стапување во членство. Овие средства би овозможиле вкупно 1,3 милијарди евра за македонското земјоделство во првите 7 години од стапувањето во членство, или нешто под 200 милиони евра годишно.

***СЕРИОЗНА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ВИСТИНСКИ НАПРЕДОК ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО!!!***

## *НАШИ СТРАТЕШКИ ОПРЕДЕЛБИ*

### *НАШИ ТРАЈНИ ОПРЕДЕЛБИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ПРОИЗВОДСТВОТО НА ХРАНА И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ СЕ:*

• Граѓаните на Република Македонија мораат да бидат обезбедени со здрава, безбедна, квалитетна и разновидна храна од домашно производство;

• Земјоделството и производството на храна се од исклучителна важност за Македонија и имаат голем потенцијал за зголемување на производството, а со тоа и супституција на увозот и подобри економски остварувања на нашата земја;

• Земјиштето, пасиштата, шумите и водите се ресурси од витално национално значење. Државното земјоделското земјиште треба да се дава под закуп на поголем временски период со поволни услови на вистинските земјоделци. Тоа треба да се окрупнува како и да се зголеми неговиот бонитет;

• Водните ресурси на Македонија се значителни и затоа не смее земјоделството да трпи штети од сушите и поплавите. Се залагаме за партнерски однос на државата и земјоделците во изградбата, користењето и управувањето со каналската мрежа и акумулациите;

• Правилно и одржливо управување со шумите;

• Изработка и имплементација на законодавство за земјоделство и рурален развој, со јасно дефинирање на четирите фундаментални сегменти: државна помош, стандарди за квалитет на земјоделски производи, организирање на земјоделските производители според типови на култури, и критериуми за пазарна продажба на земјоделските вишоци;

• Животот на село да претставува предност, а не недостаток! Рурален развој по пат на подигање на квалитетот на животот во селата со осигурување на добар амбиент за живеење, особено за младите и можност за работа и заработка во селските подрачја. Враќање на животот на село по пат на зголемување на комуналната инфраструктура, развој на руралниот и винскиот туризам;

• Обезбедување на поволни услови за осигурување на земјоделското производство и лесно достапни, прифатливи услови на земјоделско кредитирање;

• Се залагаме за програми за неформално, континуирано образование за потребите

на земјоделците за нови начини на производство, нови попрофитабилни земјоделски култури и раси добиток, и како да се заработува повеќе со земјоделство;

• Пласманот на земјоделските производи е национален интерес;

• Ја подржуваме стручната и финансиска поддршка на задружните и кооперативните организации на земјоделците и зајакнување на нивната положба во однос на индустријата и трговците со храна;

• Да се стимулира производството и зачувувањето на автохтоните и традиционалните земјоделски производи;

• Промоција на Македонија како винска земја и организирана промоција на производителите на вино, како главни купувачи на винското грозје;

• Промовираме стимулирање на органското и секое земјоделско производство кое води грижа за заштита на животната средина и природните ресурси.

Сето ова ја изразува нашата силна заложба за интегрирање на македонското земјоделство во земјоделскиот пазар и заедничката земјоделска политика на Европската унија и доближување на македонскиот земјоделец до европскиот.

## *ПОЛИТИКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ОПРЕДЕЛБИ*

Нашите стратешки, долгорочни определби ги поддржуваме со повеќе конкретни политики за нивно остварување. Сметаме дека денес земјоделецот се соочува со три клучни прашања:

• Што да произведува?

• Со кои финансиски средства да се поддржи тоа производство?

• Каде да ги пласира своите производи?

Токму затоа, во согласност со нашите стратешки определби, нашите политики во земјоделството се насочени кон тоа да дадеме решенија за овие три прашања.

## *ЗЕМЈАТА НА ВИСТИНСКИТЕ ЗЕМЈОДЕЛЦИ И ОКРУПНУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО*

• Државното земјоделско земјиште мора да се даде на користење на вистинскиот земјоделец, земјоделецот кој работи и опстојува само од земјоделската дејност. Тоа е најдобриот пат. Така, распределбата на земјоделското обработливо земјиште во сопственост на државата, кое се дава под концесија ќе им донесе корист на вистинските земјоделци и на државата.

• Ќе направиме категоризација на земјиштето според квалитетот, од што ќе зависи

големината на доделеното земјиште и висината на концесијата.

• Ќе формираме Агенција за земјоделско земјиште и пасишта. Локалната самоуправа треба да биде вклучена во доделувањето на користење на државното замјоделско земјиште (концесија). Парцелизирање на целокупното државно земјоделско земјиште, на парцели поголеми од 10 хектари и понуда за изнајмување на истите под закуп по симболични цени во случај на склучување на договор од најмалку 5 години и обврска за вработување на најмалку 5 лица.

• Ќе го спречиме пренаменувањето на земјоделското земјиште во градежно и индустриско.

• Ќе го стимулираме окрупнувањето на земјиштето и по примерот на повеќе европски земји ќе го ревидираме наследното законодавство за да не се уситнуваат земјоделските поседи.

• Со агротехнички мерки ќе го подобриме бонитетот на земјоделското земјиште (комасација, арондација, мелиорација). Посебен акцент се става на комасацијата, која ќе добие карактер на комплексно уредување на просторот. За таа цел ќе преземеме активности за ажурирање и модернизација на евиденцијата и регистрацијата на земјоделската евиденција и воведување на земјоделски информативен систем, интегриран земјоделски контролен систем и катастар на земјоделско земјиште.

• Заради целосно технолошко екипирање на потесната аграрна средина ќе го стимулираме заедничкото користење на земјоделската механизација, а не на индивидуалниот одгледувач на култури.

## *РЕШАВАЊЕ НА ПЛАСМАНОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ*

• Приближување на примарниот до секундарниот производител на прехранбени производи. Иако во Република Македонија статистички постои вишок на земјоделски производи во споредба со преработувачките капацитети (приближно 120-130%), сепак експертските истражувања укажуваат на недостаток на репроматеријали (земјоделски производи) за секундарното производство на храна. Тоа е последица на сезонскиот карактер на производството на примарни земјоделски производи. Во оваа насока, ќе го поддржуваме производството кое нема да зависи од сезонскиот карактер односно за кое ќе има континуирана побарувачка, како и за производството на земјоделски производи кои се произведуваат надвор од природните сезони на производство.

• Поддршката на Организациите на производители ќе биде приоритет. Организациите на производители ќе бидат основната клетка за искористување на фондовите од Заедничката земјоделска политика на ЕУ (Common Agriculture Policy CAP) за делот на директната поддршка, поддршката на извозот и руралниот развој.

• Ќе бараме склучување нови билатерални договори со други држави за да се намалат увозните давачки за нашите земјоделски производи. Со тоа ќе се овозможи

полесен влез на странските пазари.

## ВИНАРСТВО И ЛОЗАРСТВО

• Преструктурирање на лозовите насади, со цел промена на сортиментот, подмладување, окрупнување и структура која овозможува примена на најсовремени агротехнички мерки - финансирање на дел од трошоците преку државниот буџет или други расположиви фондови;

• Зачувување на автохтоните сорти трпезното грозје за кое постои пласман на пазарите во Европа;

• Едукација на лозарите поврзана со постигнување висок квалитет наместо трка по поголем квантитет на произведено грозје;

• Подобрување на конкурентноста на македонските лозари и винари, подобрување на имиџот на македонското вино на меѓународните пазари, подобрување на позициите на постојните и отворање нови пазари за македонското вино;

• Создавање амбиент кој ги зачувува најдобрите традиции на производството на грозје и вино, ги засилува социјалните и еколошките елементи во руралните средини;

• Подобрување на продуктивноста и зголемување на конкурентноста на производството преку примена на нови технологии, зголемување на квалитетот според светските стандарди и органско производство.

## ОДРЖЛИВО ШУМАРСТВО

• Ќе формираме Агенција за шумарство и ловство;

• Ќе извршиме трансформација на ЈП "Македонски шуми", Скопје;

• Ќе донесеме Општ план за стопанисување со шумите во Република Македонија и кадровски, технички и финансиски ќе ги зајакнеме Државниот инспекторат за шумарство и ловство и на шумската полиција;

• Ќе извршиме одвојување на секторот за уредувањето на шумите од ЈП и преминување на секторот во Агенцијата за шумарство и ловство, ажурирање на евиденцијата за државните шуми и разграничување на приватните од државните шуми во КО каде е во примена катастарот на недвижности;

• Ќе преземеме активности за формирање на шумарска информативна мрежа и воведување на ГИС технологија;

• Ќе овозможиме постапка во која најдобрите понудувачи ќе го добијат дивечот на користење по пат на концесија и враќање на дел од надоместот на концесионерите за

инвестирање во ловиштата.

## ВОДОСТОПАНСТВО

• Ќе изградиме мали и средни акумулации и системи за наводнување во региони каде што тоа најлесно може да се изведе, а согласно природните услови досега нема акумулации за наводнување на земјоделското земјиште;

• Ќе се формираат водостопанства и водни заедници на територијата на целата држава, со што управувањето со системите за наводнување и одводнување практично ќе помине во рацете на крајните водокорисници и ќе се обезбедуваат максимално ефектни услуги, по европски терк.

## БЕЗБЕДНА И КВАЛИТЕТНА ХРАНА

• Подготвување и спроведување на стандардите за безбедност и квалитет на храна, како и обука на соодветните институции и приватниот сектор;

• Реформи во законската и институционалната рамка: усогласување на законските прописи и воспоставување на административен капацитет во областите на безбедност на храна, ветеринарна, фитосанитарна политика, семе и саден материјал, исхрана на животните, рурален развој, директни плаќања во земјоделство итн.

## ЕДУКАЦИЈА И СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ

• Овозможување на бесплатни педолошки анализи за секој евидентиран земјоделец и советодавни услуги за можностите за унапредување на производството (оптимизација на културите, употреба на ѓубрива...);

• Воспоставување на едукативни центри поддржани од локалните самоуправи, кои би нуделе едукативни програми за интензивно земјоделско производство со практични обуки за најновите агротехнички мерки, имплементација на стандарди, благосостојба на животните, справување со цврстиот и течниот отпад на фарма, водење на матично книговодство, правилно ракување со машини и механизација (практично полагање) итн.;

• Стимулирање на унапредувањена работата на истражувачките и високообразовните институции и преносот на знаење и технологија;

• Зајакнување на советодавната функција на јавниот и невладиниот сектор и организациите на производители со цел унапредување на продуктивноста и конкурентноста, приспособување кон климатските промени и унапредување на безбедноста на храната, како за примарните производители, така и за преработувачите на храна.

## ВРАЌАЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО СЕЛАТА

• Во Македонија е неопходно да се спречи долгогодишната континуирана миграција од село во град. Од социјален аспект ова е приоритетно прашање. Ние се залагаме за создавање услови за достоинствен и модерен живот во селата. Ваквата цел ќе се оствари со правилна политика на руралниот развој каде што освен земјоделските и преработувачките аспекти, во руралните области ќе се воведе и поддршка на неземјоделските економски аспекти; како што се туризмот и трговијата.

• Во соработка со локалната самоуправа и невладиниот сектор, како и со другите можни инволвирани страни, особено внимание ќе се посвети на поддршката на Локалните акциски групи ( ЛАГ-ови) (Local action groups -LAG). Ваквите ЛАГ-ови ќе бидат основни групи за искористување на претпристапните и фондовите за рурален развој на ЕУ;

• Особено внимание ќе посветиме на младите фармери и на жените фармери, а за повозрасното население ќе го изедначиме правото на пензиско осигурување на земјоделецот со работникот, со стаж од 15 години и 64 години старост ќе може да биде корисник на пензија.

## ПРИМЕНА НА ИНФОРМАЦИСКО-КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО АГРАРОТ

• Ќе реализираме проект е-аграр. Тоа ќе значи воведување на посебен сектор, која ќе се грижи за унапредување на земјоделието со помош на информациско-комуникациски технологии. Е-аграр, денес претставува нов, но еден од најрастечките сектори во кои информатичко-комуникациските технологии играат исклучителна улога. Овој сектор, вклучува нови концепти, дизајни, апликации, развој на иновативни начини за вклучување на информациско-комуникациски технологии во рурални средини, особени во доменот на земјоделието. Е-аграр е во согласност со препораките од WSIS и FAO. Главни полиња за интерес се: менаџирање и управување со водите, производство и процесирање на храна, транспорт на продукти, маркетинг на производите.

• Ќе создадеме информациски систем, т.н. инфраструктура на знаење за земјоделството. Информацискиот систем содржи податоци за тоа која земјоделска култура каде успева во Република Македонија. Како надополнување би служеле активностите за следење на светските берзи за земјоделски производи. Тие би овозможиле предвидување на краткорочните и среднорочните трендови на берзите на храна. На тој начин би се добиле информации за тоа кои земјоделски производи се потенцијално најконкурентни во даден момент (а успеваат на одредено подрачје од земјата), обезбедувајќи им на претприемачите од овој сектор нова алатка за помош при донесување на деловните одлуки. Ова може да биде конкурентска предност и за привлекување на странски инвеститори во оваа област.

## *ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА НАШИТЕ ПОЛИТИКИ - ЕФИКАСНА ДРЖАВНА ПОДДРШКА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО*

Остварувањето на нашите стратешки определби преку конкретните политики мора да биде поткрепено со соодветни средства на државна поддршка. Висината на овие средства треба континуирано да се зголемува за да го достигне нивото на земјите-членки на ЕУ и понатаму да овозможи максимално користење на средствата од европските фондови. Затоа поддршката во земјоделството ќе ја водиме во согласност со Заедничката земјоделска политика на ЕУ и правилата на Светската трговска организација. Целта е да се зголеми земјоделското производство и да се направи поквалитетно и поконкурентно, а земјоделците да се приспособат за максимално искористување на бенефициите. Со ваков развој, користејќи ги предностите на климатските услови, човечките ресурси, производствениот потенцијал и близината на пазарите на ЕУ, би ја зголемиле можноста за пласман на земјоделските производи на странските пазари, а македонскиот земјоделец би се приближил до своите европски колеги.

## *ПОДДРШКАТА ЌЕ ВКЛУЧУВА СРЕДСТВА ЗА:*

• Задолжително регистрирање на сите земјоделци и сточари, со субвенционирање на трошоците за регистрација во висина од 100% за првата, 75% за втората и 50% за третата година;

• Финансиска поддршка од државата во висина до 183.000 денари за новоформираните земјоделски задруги и кооперативи како директна стимулација, и со буџетско финансирање до 305 милиони денари годишно на земјоделските задруги и кооперативи за изградба и набавка на опрема на преработувачки капацитети за производство на финални производи од сопствени суровини (за 100 компании поединечно до 3 милиони денари);

• Субвенционирање по грло добиток и по единица површина за секој вид на обработено земјиште согласно моделот на субвенционирање на ЕУ, (а не по единица производ килограм или литар);

• Ќе ги субвенционираме до 20% трошоците за интегрирање на организациите на земјоделци и сточари од Македонија со регионалните откупни центри преку договори за производство на одредени сорти на производи и нивен гарантиран откуп;

• Финансиска поддршка на компаниите извозници на конзервиран зеленчук и овошје за калибрирање на производството и за подобрување и користење на современа, атрактивна и брендирана амбалажа;

• Финансиска подршка на компаниите извозници преку моделот на субвенционирање на дел од трошоците за транспорт;

• Ќе определиме посебни буџетски средства за подобрување на инфраструктурата

во селата;

• Финансиска поддршка преку општините за зачувување на традицијата, културното наследство и обичаите на село;

• Финансиска поддршка за промоција на руралниот и вински туризам;

• Директна државна помош за млади земјоделци или почетници;

• За купување на првото стадо;

• За обезбедување на синхронизирано производство на јагне/јаре во текот на целата година;

• За борба против заразните болести во одгледувањето животни и растенија;

• За рибопроизводство како дефицитарна производствена гранка;

• За финансирање и поддршка за покривање на трошоците за интегриран пристап во производството (вертикална интеграција преку одржливи синџири на понуда) и преку организациите на производители (ЛАГ-ови, друштва, здруженија, кооперативи);

• За зголемување на површините под овоштарници и лозови насади до влезот во ЕУ со сертифициран насад;

• Реструктурирање на површините под лозови насади низ субвенционирање на винските сорти грозје од повисоко ниво на квалитет;

• Техничка и фокусирана финансиска помош при изборот и подигање лозови насади со вински сорти кои се најпогодни согласно географските, почвените, климатските фактори и барањата на пазарот;

• Ослободување во висина до 50% од даночните и царинските обврски за набавка на современа технологија за производство на вино;

• Поттикнување на производството на органско вино;

• Учество во покривање на трошоците за студирање до 10 студенти годишно на последипломски студии во странство, за совладување на современите технологии за производство на вино;

• Субвенионирање на трошоците за маркетиншка промоција на квалитетните сорти вино во македонски бренд;

• За лековити ароматични растенија (имајќи ја предвид рестриктивната политика на ЕУ во производството на тутун);

• Создавање услови за изградба на фабрика за производство на вештачки ѓубрива по пат на јавно-приватно партнерство за да се намалат цените на вештачките ѓубрива;

• За делумно покривање на трошоците за воведување на стандардите за безбедност и квалитет на храна, како што се HACCP, GLOBALGAP, ISO;

• За етикетирање на производи со географско потекло;

• За брендирање на автохтони и домашни производи;

• За извоз на брендиран производ со додадена вредност преку доработка на одреден производ до негова финализација;

• За стимулирање на извозот преку модел на стимулации за покривање на трошоците за

транспорт до крајната дестинација;

• За заеднички настап (промоции) на повеќе преработувачи на странски пазари под национален бренд.

## *ПАРТНЕРСТВО СО ФАРМЕРИТЕ, ПРЕРАБОТУВАЧИТЕ И ГРУПИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФОНДОВИТЕ ЗА РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ*

Можеме да успееме само доколку делуваме заедно. Остварувањето на нашите определби и политики нема да биде можно без директно учество и соработка со земјоделците, преработувачите, научната и стручна јавност, невладиниот сектор и сите заинтересирани страни. Само со ваков партнерски пристап ќе се овозможи правична, соодветна, транспарентна, прецизна имплементација на креираните политики и соодветно постигнување на зацртаните цели: Земјоделството - мотор двигател на македонската економија и македонскиот земјоделец еднаков со европскиот земјоделец.



06

# ЕНЕРГЕТИКАТА, ИНФРАСТРУКТУРАТА И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - СТОЛБОВИ НА ДОЛГОРОЧНИОТ РАЗВОЈ

# ЕНЕРГЕТИКАТА, ИНФРАСТРУКТУРАТА И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА - СТОЛБОВИ НА ДОЛГОРОЧНИОТ РАЗВОЈ

## ЕНЕРГЕТИКА

Во Република Македонија, во 21-виот век, достапноста на енергијата во секојдневниот живот мора да биде гарантирано право на македонските граѓани и компании. Сите реформи во енергетскиот сектор мора да им овозможат на македонските граѓани слободно движење на материјалните добра, слободно давање на услуги и слободен избор на своите снабдувачи со сите видови на енергија.

За да може нашата земја да има економска стабилност и сигурна економска иднина мора да има доволно енергија. Затоа, енергетиката е сектор што има стратешко значење за иднината на Република Македонија. Мораме да го искористиме целиот енергетски потенцијал и да го зголемиме домашното производство на енергија. Мораме да ја намалиме зависноста од купување енергија од странство, затоа што нашата земја тоа не може да го издржи на подолг рок.

Енергетскиот сектор е витален сектор за развојот на целата економија на Република Македонија и создава предуслови за подобрување на нејзините карактеристики. Само вистински поставениот енергетски сектор е генератор за создавање на здрава и предвидлива бизнис-клима за домашните и странските инвеститори, која ќе овозможи зголемување на БДП, зголемување на нивото на директните странските инвестиции, зголемување на конкурентноста на македонската економија, зголемување на извозот и најбитно од сѐ, преку растот на економијата да се обезбеди реално подобрување на животниот стандард на македонските граѓани.

## БЕЗ ЕНЕРГИЈА НЕМА СТАБИЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ!!!

Енергетиката е еден од секторите каде што не смее да има импровизации и каде што мора да се има долгорочна визија. За да се има успех владата мора да мисли на иднината, а не на својот краткорочен политички рејтинг. Мора да се преземаат чекори што се сериозни и кои нема да зависат од еден политички циклус од 4 години. Значи, одговорни политичари ги преземаат ваквите чекори за доброто на државата и идните генерации. Затоа, нашата програма не е ограничена на она што би го оствариле во еден политички циклус од 4 години. Ние го покажуваме патот по кој треба да се движи Република

Македонија во наредните десетина години.

## *ОДГОВОРНИТЕ ПОЛИТИЧАРИ МИСЛАТ НА ДОБРОТО ЗА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ, НЕ НА СВОЈОТ РЕЈТИНГ!!!*

Гледаме дека во последните неколку години електроенергетскиот сектор на нашата земја не се развиваше како што треба:

• Република Македонија мора да купува електрична енергија од странство за да ги задоволи потребите на земјата. Тоа предизвикува огромен одлив на девизи. Во 2007 година за увоз на електрична енергија платени се околу 200 милиони евра, а во 2008 околу 240 милиони евра;

• Производството на електрична енергија во домашните енергетски капацитети во сопственост на АД ЕЛЕМ значајно опадна во 2007 и 2008 година. Произведено е помалку одошто сме произведувале порано. Така, во 2007 и 2008 година произведена е електрична енергија за речиси 14% помалку во споредба со просекот на произведена електрична енергија во периодот 2000-2006 година. Тоа што имаше помало производство на електрична енергија од вообичаеното претставуваше значителен дополнителен финансиски трошок за нашата земја. Мораше да има дополнителен увоз и да се потрошат повеќе девизи.

## *НАШИОТ ПРИОД*

## *НИЕ САКАМЕ ДА ОБЕЗБЕДИМЕ:*

• Сигурно, континуирано и квалитетно снабдување со електрична енергија на сите потрошувачи во нашата земја по економски прифатливи цени;

• Електроенергетскиот сектор да биде еден од столбовите на македонската економија.

## *ЗА ДА УСПЕЕМЕ ДА ГИ ОСТВАРИМЕ ЦЕЛИТЕ ЌЕ ГО НАПРАВИМЕ СЛЕДНОТО:*

• Проектите од енергетскиот сектор ќе бидат поткрепени со економски анализи дека се општествено издржани и остварливи;

• Проектите од енергетскиот сектор ќе бидат предмет на широка јавна дебата и оценка;

• Државата нема да пренасочува средства од енергетскиот во некој друг сектор. Значи, приходите од енергетскиот сектор ќе бидат повторно вложувани во тој сектор;

• Ќе ја отстраниме политиката од креирањето на цената на електричната енергија. Таа ќе биде исклучиво одредувана од Регулаторната комисија за енергетика на Република

Македонија, која е за тоа задолжена;

• Ќе го привлечеме приватниот капитал за влез во енергетскиот сектор, при што кај евентуалната продажба на хидропотенцијалот на нашата земја ќе го промовираме моделот за јавно-приватно партнерство во соодноc 50% - 50%;

• Ќе ги преземеме сите потребни активности за ефикасно интегрирање на енергетскиот сектор на нашата земја во европскиот енергетски сектор.

За да ги оствариме целите мораме да инвестираме. Мораме многу умно да ги инвестираме домашните финансиски средства што и стојат на располагање на државата. Но, тие не се доволни. Затоа, ќе најдеме начин да го привлечеме приватниот сектор од земјата и странство да вложува во добро осмислени енергетски проекти. За средствата што ќе недостасуваат ќе обезбедиме странски финансиски средства по прифатливи услови.

Имаме предвид дека постои интерес кај инвеститорите, но тие гледаат на регионот во целост, а не одделни држави во него. Ова се должи на законската обврска на секоја од државите, преземена со ратификацијата на Договорот за енергетска заедница, да ги приклучат своите пазари на енергија кон заедничкиот регионален пазар до 2015 година. Во таа насока, од особено значење е активното учество на Република Македонија во формирањето на т.н. осми регион, приоритетен проект на Енергетската заедница за формирање на регионален пазар. Инвеститорите ќе донесат одлука за инвестирање врз основа на економската исплатливост на објектот, односно конкурентноста на цената на произведен kWh електрична енергија од потенцијалниот објект, како и можноста за пласман на регионалниот отворен пазар според цената и расположивата енергетска инфраструктура. Одлуката во голема мерка зависи и од општите услови за инвестирање и комерцијално работење во секоја од земјите од регионот. За да привлечеме дел од приватниот капитал кој ќе биде инвестиран во регионот, ќе преземеме правовремени мерки поврзани со подобрување на деловната клима, функционирање на правната држава и усогласување на сопственото законодавство од оваа област со европското.

Предуслов за успех е да имаме добра законска регулатива. Мора во домашното законодавство целосно да се применат обврските коишто произлегуваат од Договорот за енергетска заедница. Нема да дозволиме Република Македонија да биде прва земја од потписничките на Договорот за енергетска заедница на која и се заканува исклучување заради непочитување на меѓународно преземените обврски. Поставувањето на јасна и предвидлива законска рамка ќе прати вистински сигнали до заинтересираните инвеститори во енергетскиот сектор и воопшто до сите компании заинтересирани да инвестираат во Република Македонија. Со законски измени ќе се овозможи:

• Агенцијата за енергетика да ги преземе сите ингеренциии од областа на

енергетиката од Министерството за економија со цел да се обезбеди подобра оперативност, флексибилност и рамноправна достапност во услови на највисока професионализација, специјализираност и кадровски капацитет;

• Постепено либерализирање на пазарот на електрична енергија и пазарот на природен гас со претходно исполнување на сите предуслови за премин од една фаза во друга со однапред утврдени и познати рокови за сите учесници на пазарот, со донесување на целокупната регулатива за што поуспешно функционирање на пазарот со што ќе се обезбеди предвидливост во работата на македонските компании;

• Воведување на социјална заштита од енергетска сиромаштија со што на најранливите категории на граѓани на Република Македонија ќе им се покријат дел од трошоците за задоволување на енергетските потреби со средства обезбедени од буџетот на РМ, со што ќе се одвои социјалниот аспект од пазарниот аспект, што е еден од условите за успешно либерализирање на пазарот со енергија;

• Субвенционирање на потрошувачите за инвестирање во енергетска ефикасност со средства обезбедени од буџетот на РМ, предпристапните фондови на ЕУ и останати извори на финансиски средства со што во краток рок ќе се обезбеди намалување на потрошувачката на енергија, намалување на финансиските средства кои се одлеваат од РМ за увоз на енергенси и енергија, како и растеретување на домашните производни капацитети;

• Поедноставување на постапките и потребните процедури за реализиција на проектите поврзани со обновливите извори со што ќе се намали долгиот временски период кој е потребен за целосна реализација на една инвестиција;

• Субвенционирање на потрошувачите за инвестирање во енергетска ефикасност;

• Уште поголемо зајакнување на независноста на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија и нејзино доопремување и технички и кадровски за да може успешно да го мониторира пазарот;

• Понатамошно подобрување на капацитетите на Преносниот систем оператор и на Операторот на пазарот (во МЕПСО), како и формирање на Дистрибутивниот систем-оператор (во ЕВН Македонија), во согласност со усвоениот Модел на пазарот за електрична енергија;

• Преземање на мерки за оспособување на кадар за работи во обласѕа на енергетиката.

## НОВИ ЕНЕРГЕТСКИ КАПАЦИТЕТИ

Република Македонија мора итно да започне со изградба на крупни производствени електроенергетски објекти. Во тој процес неопходно е државата да ги создаде условите, да ги дефинира насоките и да учествува во финансирањето на изградбата. За стабилна и сигурна енергетска иднина на Република Македонија ќе го направиме следното:

## ДОКАПИТАЛИЗАЦИЈА НА АД ЕЛЕМ ДО 49%

Со докапитализацијата на АД ЕЛЕМ до 49% ќе се добијат финансиски средства што ќе се вложат во зголемување на постоечката инсталирана моќност на компанијата. Така, постоечката моќност од 1370 MW за 6 до 7 години може да се зголеми на 2000 MW. Со тоа ќе се создадат предуслови  домашното производство во целост да ги покрива домашните потреби од електрична енергија. Докапитализацијата преку продажба на 49% од реално проценетиот капитал на компанијата ќе се изврши преку јавен оглас во целосно транспарентна постапка.

## ИНВЕСТИЦИСКИ ЦИКЛУС ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И ПРЕНОСОТ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

- ***ИЗГРАДБА НА ХИДРОЕЛЕКТРАНАТА БОШКОВ МОСТ*** (околу 80 MW снага) според веќе предложените тендерски услови, но не со концесионерство, туку како домашна инвестиција на државата. Станува збор за економски најисплатив проект во моментот и нелогично би било државата да се откаже од профитот неопходен за нејзиниот електроенергетски сектор.

- ***ИЗГРАДБА НА ДВЕ НОВИ ГАСНИ ЕЛЕКТРАНИ ТЕ-ТО ЕНЕРГЕТИКА ВО СКОПЈЕ И ТЕ-ТО ШТИП*** - две нови комбинирани когенеративни електрани (за производство и на електрична енергија и на топлинска енергија), секоја со инсталирана моќност од 190 MW електрична снага и околу 150 MW топлинска снага, секоја со производство на околу 1000 GWh електрична енергија и 600 GWh топлинска енергија, и секоја со потрошувачка на околу 300 милиони м3 гас. За реализација на ТЕ-ТО Штип неопходна е и изградба на нов гасоводен крак Куманово - Штип во должина од околу 50 км. Со изградбата на овие два објекта и со завршувањето на објектот гасна електрана ТЕ-ТО АД Скопје во делумна сопственост на Топлификација АД Скопје, капацитетот на постојниот гасовод во Република Македонија (максимално околу 1200 милиони м3) во целост ќе биде искористен. Прв услов за реализација на овие проекти е решавање на сопственоста на постојниот гасовод во Република Македонија.

- ***РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ТЕЦ БИТОЛА 1-3 И ТЕЦ ОСЛОМЕЈ*** (вкупно околу 700 MW нето снага) со што ќе се обезбеди продолжување на животниот век на овие капацитети и нивна сигурна и безбедна континуирана работа во наредните децении.

- ***ПРОЕКТОТ ВАРДАРСКА ДОЛИНА*** (кој содржи 12 хидроелектрани) бара изместување на постоечката инфраструктура - железничката линија кон Атина, во должина од околу 90 километри. Тоа придонесува за значително зголемување на висината на инвестицијата

потребна за реализација на овој проект, што, пак, на крај истиот го прави економски неисплатив. Односот на потребните средства за вложување (1,2 милијарди евра) и инсталирана моќност (вкупно 325 MW) во сегашната форма претпоставува исклучително долг период на поврат на вложените средства, што ја намалува можноста за негова реализација.

Затоа, предвидуваме нов модел на реализација на овој проект. Во првата фаза би се изградиле 8 од 12-те планирани хидроелектрани. Од првата фаза на реализација би се исклучиле оние електрани кои бараат изместување на железницата во должина поголема од 4 км (ХЕ Велес, ХЕ Криволак, ХЕ Градец и ХЕ Ѓавато). Би се граделе следните хидроелектрани ХЕ Бабуна, ХЕ Згрополци, ХЕ Градско, ХЕ Кукуречани, ХЕ Дуброво, ХЕ Д. Капија, ХЕ Милетково, ХЕ Гевгелија. Предности на ваквиот начин на реализација на проектот Вардарска долина се следните:

• Потребно изместување на железницата во вкупна должина од само 15 километри, со што значително се намалуваат потребните инвестиции за реализација на проектот, а кои не се директно поврзани со самите електро - енергетски објекти (ХЕ);
• Вкупна инсталирана моќност од 122 MW;
• Пократок рок на реализација.

Во втората фаза би се изградиле 4 од 12 планирани хидроелектрани, неопфатени во првата фаза на реализација: ХЕ Велес, ХЕ Криволак, ХЕ Градец и ХЕ Ѓавато. Оваа фаза би се реализирала паралелно со реализацијата на регионалните проекти за инфраструктурно поврзување на Коридор 8 и Коридор 10, меѓу кои е предвидено и изградба на брзи железнички линии кон Србија и кон Грција. Со тоа би се издвоило поместувањето на железницата од проектот Вардарска долина и изградбата на хидро-електраните од втората фаза би станала економски исплатлив проект.

- ***ИЗГРАДБА НА НОВА ТЕЦ НЕГОТИНО*** со јаглен како погонско гориво и со инсталирана моќност од 2x200 MW, со годишно производство од околу 3000 GWh електрична енергија и со годишна потрошувачка од околу 3,2 милиони тони јаглен. Притоа постоечката ТЕЦ Неготино би останала на погонско гориво мазут, и би служела како ладна резерва во електроенергетскиот систем на РМ. Се проценува дека кај месноста Тимјаничка Цуцка кај Неготино има околу 200 милиони тони јаглен, со калорична вредност повисока од јагленот што сега се ископува за РЕК Битола од рудникот Суводол. Овие количества на јаглен се доволни за преку 60 години работа на новата ТЕЦ Неготино.

- ***ИЗГРАДБА НА ХИДРОЕЛЕКТРАНА ЧЕБРЕН И ХИДРОЕЛЕКТРАНА ГАЛИШТЕ***, но со реални параметри и како домашен проект со доминантно учество на државата и со странски кредити! Потребно е да се измени постоечкиот проект кој предвидува брана

висока 192 метри, бидејќи тоа подразбира непотребно ангажирање на мегаломански високи средства кои долго ќе се враќаат и проектот го прават економски тешко исплатлив. За очекување е реалните техно-економски исплатливи ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште да имаат околу 200 MW инсталирана моќност, со просечно годишно производство од околу 300 GWh електрична енергија.

***РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВИЕ ПРОЕКТИ ЌЕ ТРАЕ ПОДОЛГО ОД 4 ГОДИНИ, ЗНАЧИ ПОДОЛГО ОД ЕДЕН ПОЛИТИЧКИ ЦИКЛУС, НО ТОА Е ОНА ШТО МОРА ДА СЕ НАПРАВИ!***

### ПРЕНОСЕН СИСТЕМ

Преносниот систем генерално е во подобра општа состојба во споредба со производните електроенергетски објекти, но исто така бара инвестиции. Приоритет е создавање на енергетски прстен во Република Македонија, што опфаќа:

• Градба на високонапонски 400 kV интерконекциски далекувод Штип - Ниш. АД МЕПСО веќе требаше да почне со овој проект;

• Реконструкција на постојниот далекувод Скопје - Косово Поле од 220 kV на 400 kV;

• Изградба со претходен избор на најповолен модел за финансирање на изградбата на 400 kV далновод кон Албанија и понатаму кабловска врска кон Италија.

Очекуваме средствата за реализација на проекти во преносната мрежа да се обезбедат многу полесно поради интересот на Европската енергетска заедница за завршување на енергетскиот прстен во југоисточна Европа. Овој проект е од витална важност за целосна либерализација на европскиот енергетски пазар, кој треба да профункционира најдоцна до 2020 година.

### ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Со просечна месечна потрошувачка од околу 530 kWh по домаќинство, Република Македонија е една од земјите во Европа со најголема потрошувачка на електрична енергија по домаќинство. Просекот на земјите од Европската унија е речиси двојно помал (360 KWh по семејство месечно). Ваквата исклучително лоша состојба се должи на:

• Ниската цена на електричната енергија;

• Недостапноста на природниот гас во домаќинствата;

• Лошата термичка изолација на станбените објекти;

• Високата цена на уредите за искористување на фотоволтаичната и енергијата од

ветер;

• Високата цена на уредите за домаќинство со висок степен на енергетска ефикасност (штедливи сијалици, енергетски ефикасни машини за перење, бојлери за топла вода, шпорети за готвење);

• Високата цена на изолациони материјали при градбата на станбени објекти;

• Недоволната информираност на населението за значењето на ефикасното искористување на енергијата.

Поради ниската цена и недостапноста на супститути, во државава струјата сѐ уште се троши за загревање на домовите. Тоа е реткост во светски рамки, бидејќи претставува двојно претворање на енергијата, при што загубите се исклучително големи, а трошоците огромни. Оттаму, фактот дека во Македонија една третина од домаќинствата користат електрична енергија како извор за затоплување на нивните домови е слика која итно мора да се смени!

***ШТЕДЕЊЕТО НА ЕНЕРГИЈА ЌЕ ГО ИЗДИГНЕМЕ НА НИВО НА НАЦИОНАЛЕН ПРИОРИТЕТ!!!***

***ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ЌЕ ГО НАПРАВИМЕ СЛЕДНОТО:***

• Ќе ја поттикнеме употребата на природен гас во домаќинствата и во индустријата преку активности за поголема дистрибуција на природниот гас;

• Ќе го поттикнеме користењето на уреди што нудат енергетска ефикасност (соларни колектори, ветерници, производи за домаќинство што се енергетски ефикасни, штедливи сијалици...), како и на материјали за термичка изолација. За таа цел ќе ги олесниме увозот и трговијата, како и домашното производство на вакви уреди и материјали;

• Ќе ја стимулираме употреба на енергетски ефикасни уреди во домаќинствата, материјали за термичка изолација при изградба на станбени објекти;

• Ќе започнеме со инсталација на соларни колектори (фото-термички и фото-волтажни) на објекти во сопственост на разни нивоа на државната власт.

Постепеното спроведување на предложените мерки може да придонесе за намалување на просечната потрошувачка по семејство на долг рок за околу 50%, што, пак, изразено во моментна потрошувачка на ниво на домаќинства изнесува вкупно околу 1567 GWh годишно.

## ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Користењето на обновливите извори на енергија, во што поголема мера, е наша стратешка определба. Тоа не е мотивирано само од аспект на производството на енергија. Многу големо значење придаваме на придонесот што користењето на обновливи извори на енергија го има врз подигањето на еколошката свест кај сите нас.

## СО ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ДО СОЧУВАНА ЖИВОТНА СРЕДИНА!!!

## СОНЧЕВА ЕНЕРГИЈА

Со просечни 4KWh по квадратен метар површина сончева енергија и над 270 сончеви денови во годината, Македонија има огромен потенцијал за искористување на сончевата енергија во индивидуална режија, но и за комерцијални цели (производство на термичка и електрична енергија). За споредба, ваквиот потенцијал, е речиси двојно повисок од земјите од Западна Европа, како што се Германија и Холандија, три до четири пати од скандинавските земји, а сите овие земји имаат далеку поголема искористеност на сончевата енергија. Во просек, 20 отсто од домаќинствата од овие земји имаат сончеви колектори. Кај нас, проценките се дека вкупно околу 3.000 домаќинства имаат сончеви колектори, што претставува помалку од 0,5 отсто од вкупниот број на домаќинства. Уште полошо, во Македонија нема капацитети за искористување на сончевата енергија во индустриското производство на термичка или електрична енергија.
За поголемо користење на сончевата енергија:

• Ќе го поттикнеме користењето на сончевата енергија од страна на семејствата. Притоа, ќе субвенционираме дел од вкупната потребна инвестиција за основен систем;

• Ќе ги испитаме можностите за изградба на соларни фарми за производство на електрична енергија во јужните делови од државата, каде просечното сончево зрачење е над 5KWh по метар квадратен. Го имаме предвид Гевгелиско-Струмичкиот регион. За соларните фарми ќе биде потребна површина од околу 1 хектар земјиште за 1 MW инсталиран капацитет.

## ЕНЕРГИЈА ОД ВЕТЕР

Нашата земја нема толку голем потенцијал за искористување на енергијата од ветер како што е тоа случај со енергијата од сонце. Ќе го испитаме потенцијалот на ридовите по текот на реката Вардар во делот меѓу Кавадарци и Гевгелија, во Југоисточна Македонија, каде претпоставената средна брзина на ветрот достигнува 7-7,5 м/с на 500-800 м.н.в.

## ЕНЕРГИЈА ОД БИОМАСА

Биомасата е специфичен извор на енергија. Притоа, ја разгледуваме можноста од производство на енергија од отпадно дрво, од биогорива и отпад. Кај отпадното дрво, се проценува дека годишно можат да се добијат околу 130.000 тони отпадно дрво. Ако тоа се искористи за енергија, можат да се добијат околу 4.000 гигават-часови топлинска, односно околу 1.200 гигавати електрична енергија. Производството на енергија од биогорива и отпад е привлечно заради олеснетото финансирање на ваков тип на проекти. Поради глобалните тенденции за намалување на емисиите на ЦО2 и заштитата на животната средина, постојат можности за искористување на грантови од програми како што е CarbonFinance на Светската банка.

Ние ќе изработиме студија за можни локации за изградба на термо-електрани на биомаса. Ќе направиме анализа на содржината на отпадот во депониите во нашата земја, корисните количини и потенцијалот за изработка на електро-енергетски објекти.

## ГЕОТЕРМАЛНА ЕНЕРГИЈА

Геотермалните води веќе неколку децении се користат за производство на топлинска енергија (делумно централно греење во Кочани, земјоделски геотермални проекти во Гевгелија и Виница и проект за хотел Цар Самоил во Банско). Геотермалните ресурси можат да имаат потенцијал за зголемена употреба во земјоделското производство, но нивниот економски потенцијал за користење на централно греење е ограничен. Потребни се натамошни истражувања за поцелосно искористување на потенцијалот.

## ТРАНСПОРТНО - КОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Добрата инфраструктура е уште еден од столбовите што нашата земја мора да ги има за да можеме да имаме забрзан и одржлив економски развој. Инфраструктурата го претставува крвотокот на економијата.
За да обезбедиме добра инфраструктура за развој на економијата ќе го преземеме следното:

• Спроведување на насоките за заштита на сиромашните слоеви на население во домашното законодавство, од Спогодбата за стабилизација и асоцијација со ЕУ, за почитување на социјалните димензии на висината на надоместокот за користење на која било форма на национален сообраќај;
• Комплетно доврушување на 40 км од автопатот Е-75, целосно финансирано од државата и на автопатот од коридорот 8, во должина од 195 км., според моделот на јавно-

приватно партнерство;

• Финансирање на реконструкција и модернизација на магистралниот пат М-6, Штип-Радовиш-Струмица, со цел олеснување на транспортот на патниците, земјоделските и сточарските производи од овој крај кон големите индустриски центри;

• Проширување и модернизација на магистралниот пат Кичево-Струга/Охрид-албанска граница, целосно финансирано според моделот на јавно-приватно партнерство;

• Целосна електронска наплата на патарините на сите автопати низ државата, според т.н. затворен систем на наплата, со плаќање само на едно, односно крајното место, во зависност од бројот на поминати километри;

• Поттикнување на реконструкција и ревитализација на 600 км. магистрални и регионални патишта, првенствено на патните правци од и кон граничните премини, како и оние кои водат кон земјоделско-сточарските центри во државата;

• Реконструкција на мостови кои се наоѓаат на магистралните и регионални патни правци кои водат кон Чебрен, Галиште, Бошков мост;

• Воведување на обврска на концесионерот на македонските аеродроми, за подигнување на степенот на категоризација на Скопскиот аеродром на ниво Б, а на Охридскиот аеродром на ниво Ц, во период од 2 години од моментот на нивната финализација;

• Воведување на диференцирана цена за различна услуга во поштенскиот сообраќај, преку 3 нивоа: стандардна цена за стандардна испорака, специјална цена за пратки кои на кое било место во Македонија ќе стигнат истиот ден, а на која било точка во светот за 3 дена, како и повисока цена за испорака на пратки за 1 ден на кое било место во светот.

## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Брзата индустријализација, брзото искористување и уништување на екосистемите кои се основни извори на живот и опстанок на човекот го придружуваат модерното време. Како резултат од нараснатата свест за опасноста за сопствениот опстанок, светот покажува голема загриженост од интензивното уништување на животната средина. Нема долгорочен стопански развој без почитување на нужноста од заштита на животната средина и природните ресурси. Уште повеќе, еколошките стопански дејности (органско земјоделство, еко-туризам, рециклирање на отпад, производство на био-гориво, обновливи извори на енергија) имаат голем потенцијал и за вработување на невработените, особено во руралните делови на нашата земја.

Имаме обврска да ја заштитиме животната средина за да имаат и наредните генерации фер шанса за просперитет. Нашата политика за заштита на животната средина е модерна, проактивна европска политика.

Ние се залагаме за:

• Ефикасно јавно-приватно партнерство во реализација на проектите за заштита на животната средина;

• Едукација и вклучување на јавноста во донесување на одлуки во врска со заштита на животната средина;

• Воведување на систем на единствено управување со заштитените подрачја и изготвување на попис на флората и фауната;

• Решавање на проблемите со отпадот и отпадните води преку изградба на современи капацитети за управување со отпадот и отпадните води;

• Дестимулација на сеидба на ГМО посеви;

• Стратешки развој и поттикнување на органското земјоделство и зголемување на неговото учество во вкупното земјоделско производство и поттикнување на еко-туризмот;

• Зголемено искористување на обновливи извори на енергија;

• Поттикнување на одржливо управување на природните ресурси со контролирани концесии.

## *КАКО ТОА ЌЕ ГО РЕАЛИЗИРАМЕ?*

Проектите за заштита на животната средина, особено во индустријата и енергетиката ќе ги финансираат фабриките што се сопственици на тие капацитети зашто тие остваруваат профит од искористувањето на животната средина. Нивна обврска е технолошките процеси да ги модернизираат така што ќе предизвикуваат што помало штетно влијание врз околината. Праксата "загадувачот плаќа" е утврдена политика на Европската унија.

Македонија е земја која се одликува со голема биолошка разновидност која треба да биде регистрирана и чувана. Потребна е соодветна примена на меѓународните конвенции од областа на заштита на животната средина кои што се ратификувани од страна на нашата земја.

Контролата на напредокот на биотехнологијата позната како генетски инженеринг има несомнени заслуги во медицината. Но состојбата со генетскиот инженеринг во производството на храна е потполно различна. Опасноста од пуштање на ГМО организмите е што тие не произлегуваат од природата и никој не може да знае како ќе се однесуваат на слобода и контролата врз нив не може да биде целосна. Имајќи предвид дека Македонија е исклучително богата со биолошка разновидност, треба да направи сè за да ја зачува. Иако поради законитоста на слободниот пазар, Македонија, како и Европа не може да го забрани увозот на ГМО, ние се залагаме за многу строга и комплексна процедура за добивање на дозволи за пуштање на ГМО од лабораторија во животната средина.

Македонија е една од малкуте земји каде органското земјоделство е слабо заживеано. Нашата земја има одлични предуслови за практикување на овој тип земјоделско производство. Исто така, развојот на еко-туризмот е логична стратешка определба што се

темели врз културната понуда на локалната заедница.



07

# ИНФОРМАТИЧКО -КОМУНИКАЦИСКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ, РАЗВОЈОТ И МЛАДИТЕ

## *ИНФОРМАТИЧКО - КОМУНИКАЦИСКИТЕ ТЕХНОЛОГИИ, РАЗВОЈОТ И МЛАДИТЕ*

Информациско-комуникациските технологии (ИКТ) се алката што ја спојува една земја со светските трендови. Не смееме да заостанеме во однос на она што се случува во светот со ИКТ. Употребата на повисока технологија ни овоможува на светот да му продаваме производи и услуги со повисока вредност. Така, македонската економија ќе заработува повеќе и побрзо ќе се развива.

Со оглед на тоа што информациско-комуникациските технологии ја претставуваат основата на иднината, тие се нераскинливо поврзани со младите. Нема иднина без младите и нема развој на нашите млади луѓе без активна употреба на ИКТ. Затоа, мораме систематски да ги поттикнуваме младите активно да ја користат информатичко - комуникациската технологија. Тоа ќе им овозможи интензивно да ги развијат постојните и да стекнат нови знаења, вештини и способности. Креативноста, иницијативноста и отвореноста кон нови идеи кај младите ќе бидат целосно поддржани и унапредени од наша страна, со цел нивно насочување кон оние области и гранки во кои нивните претприемнички идеи најсилно можат да дојдат до израз и да се реализираат.

***НИЕ СМЕ ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА СВРТЕНА КОН ИДНИНАТА***. Приодите во користењето на информатичко - комуникациската технологија ќе ги потпираме врз европските рамки за ИТ секторот, кои се дефинирани во неколку документи, а основа претставуваат Стратегијата i2010, како и Концептот за дигитална Европа и дигиталност во определување на нејзините приоритети.

### *ОСНОВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТРАТЕГИЈАТА I2010, А КОИ ВО НАШАТА ПРОГРАМА СЕ ТЕМЕЛОТ ЗА РАЗВОЈ НА НАШИОТ ДОМАШЕН ИТ СЕГМЕНТ, СЕ СЛЕДНИВЕ:*

• Воспоставување на единствен европски информатички простор – ќе обезбедиме Македонија да биде рамноправен дел од овој простор низ целосно информирање за перформансите на македонските претпријатија на меѓународните стопански комори, трговски асоцијации, индивидуално заинтересирани деловни субјекти итн., и обратно, информациите за нивните европски партнери ќе ги направиме целосно електронски достапни за нашите претпријатија. Со ова ќе ја воведеме македонската информатичка економија во европски и светски рамки;

• ИКТ како главен двигател во економијата – денес економската соработка не познава граници, оттаму со ИКТ ќе ѝ ги отвориме вратите на македонската економија кон светот,

особено со договори за под-изведување на македонските мали и средни претпријатија за големите транснационални корпорации;

• Инклузивност, повеќе јавни услуги, поквалитетен живот – ќе овозможиме новите информации побргу да стигаат до поголем број на индивидуи во македонските претпријатија, особено до оние кои се менаџирани од млади лица. Користењето на брз пристап до информациите од страна на младите ќе создаде потреба од нивно интензивно поврзување во европските и светските информатички мрежи, со што нивното ниво на знаење од областа на ИКТ ќе расте.

Особеностите на Концептот за дигитална Европа и дигиталност во определување на нејзините приоритети ќе ѝ овозможи на нашата држава:

• Реформа на законите на пазарот на телекомуникации, низ нивно интегрирање – со ова ќе им овозможиме на македонските претпријатија повисок квалитет за пониска цена на телекомуникациските услуги;

• Развивање на свеста на младите за почитување на интелектуалната сопственост, особено на софтверските решенија, со што ќе создадеме правна стабилност и транспарентност во функционирањето на македонските претпријатија, без која влезот на ниту еден меѓународен пазар е невозможен.

### *ВЛОЖУВАЊАТА ВО НОВИ ПРИОДИ ВО УПОТРЕБАТА НА ИНФОРМАТИЧКО - КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА ОД СТРАНА НА МЛАДИТЕ ДЕНЕС СЕ КЛУЧОТ ЗА:*

• Развивање и ефектуирање на сопствените идеи за отворање на нов мал бизнис или унапредување на постојниот, низ креирање на некоја иновација во организацијата на работа, технолошкиот процес или приодот во освојување на нов пазар, кои веќе постојат во светот, а кај нас воопшо ги нема;

• Зголемена продуктивност, економичност и рентабилност во користењето на природните ресурси, особено на нивниот потенцијал од намалување на увозната зависност од суровини и репроматеријали на македонската економија;

• Унапредување на ефикасноста и ефективноста на квалитетот на услугите од јавниот сектор кои граѓаните на локално и државно ниво, ќе ги добиваат од ново отворените бизниси извршувани од млади луѓе. Тие се од доминантно значење за подигнување на квалитетот на животот во секоја средина;

• Креирање на современи информатички решенија за зголемување на енергетската ефикасност, за надзор над зачувувањето на еколошките стандарди за заштита на животната средина, за подобри услуги во здравството, за поквалитетни меѓугенерациски односи.

Генерациите на млади лица го претставуваат столбот на развојот на македонската економија, врската со светот на новите знаења. Остварувањето на овој императив наметнува потреба да му помогнеме на секој млад човек, како основен носител на развојот

на определен бизнис, да го фокусира своето внимание кон:

• Целосно развивање на сопствениот потенцијал во оние области и гранки во кои новосоздадената вредност, поради употребата на ИКТ, е најголема, односно каде за најкраток период ќе ја повратат и оплодат својата инвестиција;

• Намалување на трансакциските трошоци на постојните и новите бизниси на младите, низ најквалитетни електронски услуги за бизнис-заедницата, меѓутоа и за граѓаните воопшто;

• Раст на бројот на млади корисници на интернет мрежата, со едновремено зголемување на квалитетот на проток на информации низ мрежата, со цел достигнување на европскиот просек на корисници;

• Бесплатна компјутерска и интернет обука за сите невработени лица и обединување на нивните податоци во единствен Интернет регистар на понуда на работна сила, целосно јавно достапен и употребуван од страна на сите национални агенции за постојано или привремено вработување;

• Целосно користење на бесплатните информатички системи за електронска поддршка на малите и средни претпријатија, кои ќе се креираат од страна на МАСИТ, а целосно субвенционираат од страна на државата, при развојот на својот ИКТ сегмент. Тие ќе им обезбедат бесплатна електронска поддршка на овие бизниси за достигнување на европските стандарди при извршување на електронскиот бизнис.

## *МЕРКИТЕ И ИНСТРУМЕНТИТЕ ШТО ЌЕ ГИ СПРОВЕДЕМЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКО - КОМУНИКАЦИСКАТА ТЕХНОЛОГИЈА, ЌЕ ОПФАЌААТ 2 СЕГМЕНТА:*

1. Целосно усогласување на правната рамка од оваа област со Европските насоки и препораки, како и

2. Креирање на систем за државна поддршка на користењето на ИКТ за македонските претпријатија.

• Целосното остварување на Стратегијата i2010, како и на Концептот на дигитална Европа, од гледна точка на нашето законодавство од областа на ИКТ ќе го извршиме низ следниве суштински мерки:

• Намалување на 5% на данокот за користење на телекомуникациски ресурси за поврзување на Интернет мрежата;

• Разгледување на можноста за делумен поврат на ДДВ за сите продажби кои се целосно извршени по електронски пат;

• Обезбедување на правна валидност на Договорите за купопродажба кои се склучени по електронски пат, со измени и дополнувања на Законот за облигациони односи;

• Креирање на повисоки нивоа на заштита на потрошувачите при извршување на електронската трговија, со измени и дополнувања на Законот за заштита на потрошувачите;

• Целосно детализирање на сите видови на извршување на електронскиот бизнис, со измени и дополнувања на Законот за електронска трговија;

• Донесување на Закон за далечинско тргување (distance trading).

### *СИСТЕМОТ ЗА ДРЖАВНА ПОДДРШКА ВО ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА СЕГМЕНТОТ НА ИКТ ОД МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЌЕ СОДРЖИ:*

• Креирање на Национална стратегија за целосно електронско интегрирање и извршување на трансакциите на македонските претпријатија во единствена национална бизнис-електронска мрежа на односи;

• Целосно профункционирање на Национален совет за информатичко општество, како врвен државен орган за дефинирање на приоритетните насоки за развој на овој сегмент, според потребите на македонските претпријатија;

• Конституирање на Комисија за стандардизација на информатичките решенија на ниво на влада, владини институции, субјекти од јавната администрација и бизнис-секторот;

• Целосно хармонизирање, поврзување и меѓусебно користење на постојните електронски решенија и платформи од страна на сите државни субјекти во единствен информациски простор согласно Законот за електронски услуги;

• Државно субвенционирање на создавањето на единствена интегрирана електронска мрежа на малите и средни претпријатија за заедничко настапување со понудата на сопствените производи или услуги на регионалните или светски пазари, со што се зголемува нивната конкурентност низ намалување на трошоците по единица производ за обезбедување на странски купувач;

• Воведување на систем за усогласено користење и потпишување на димензиите на електронските стандарди, како на пример кодна страна, форма и содржина на индивидуалните податоци, криптографија, шифрарници итн.;

• Креирање на Национален советодавен центар од областа на ИКТ, според моделот на јавно-приватно партнерство со претпријатијата од оваа област, кој според примерот на британскиот OGC ќе обезбедува услуги или останата форма на помош на сите домашни претпријатија чија примарна дејност не е во областа на ИКТ;

• Субвенционирање во висина до 50% на трошоците за електронско извршување на трансакциите од страна на македонските претпријатија, независно на која индустриска област или гранка тие припаѓаат;

• Доделување до 50 национални стипендии за студирање на електронскиот бизнис, со цел подигнување на нивото на квалитет на извршување на електронските трансакции;

• Стимулирање во висина до 25% на трошоците за електронска промоција на понудата на производите и услугите на претпријатијата;

• Субвенционирање во висина до 50% на трошоците за стекнување на нови знаења од областа на ИКТ, приоритетно наменети за млади луѓе на возраст не поголема од 35

години;

• Редовно годишно информирање на јавноста за водечките претпријатија од секоја индустриска област или гранка, кои предничат во употребата на ИКТ и објавување на нивниот приод во достигнување на таквите резултати, со цел нивно користење од страна на сите други претпријатија од таа област или гранка;

• Бесплатна распределба на користените компјутери од државните или јавните претпријатија на невработените лица, социјално загрозените категории на граѓани, како и на ново основани мали бизниси од млади луѓе.



08

# ОПШТИНИТЕ - ЗНАЧАЕН ФАКТОР ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## *ОПШТИНИТЕ – ЗНАЧАЕН ФАКТОР ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ*

Општините имаат важна улога за економскиот раст во секоја држава па и во Република Македонија. Децентрализацијата на власта создава услови одлуките да се носат поблиску до граѓаните и економските субјекти. Затоа, ние го поддржуваме процесот на децентрализација на власта и ќе продолжиме да се бориме за максимално пренесување на надлежностите од централно на локално ниво. СДСМ е креатор на процесот на децентрализација на власта во Република Македонија и со ангажманите за негово продолжување убедени сме дека ќе создадеме услови за побрзо, поефикасно и поедноставно носење на одлуките, посебно на тие што се однесуваат на новите инвестиции, новите работни места и економскиот развој воопшто.

• Ќе се залагаме за пренесување на надлежностите од централно на локално ниво при управувањето со градежното земјиште.

• Ќе се залагаме за пренесување на управувањето со земјоделското земјиште и со другите природни добра од локално значење (шуми, пасишта, утрини, термални извори, минерални суровини и водни ресурси) заради обезбедување на забрзан економски развој, нови инвестиции и нови работни места.

• Обезбедување услови за порамномерен регионален развој со доследно почитување на законот, обезбедување на 1% од БДП за проекти за рамномерен регионален развој и јакнење и заживување на центрите за развој на планските региони.

• Ќе ги испитаме можностите за зголемување на финасиските средства за општините преку зголемување на процентот од ДДВ за општините, преку зголемување на процентот од персоналниот данок на доход и преку целосно пренесување на данокот на добивка од државно на локално ниво.

• Ќе се залагаме за самостојност на општините во прибирањето на даноците и таксите и управувањето со тие средства за сметка на укинување на дотациите од централната власт. Целта ќе биде да создадеме силни, одговорни, самостојни и перспективни општини, релевантни поттикнувачи на економскиот развој на државата.

• Ќе воведеме промени во организациската поставеност на локалната самоуправа заради создавање предуслови за забрзан економски развој на општините, намалување на разликите во развиеноста и обезбедување на поквалитетни услуги на граѓаните.

## СОЗДАВАЊЕ ПОЗИТИВНА БИЗНИС-КЛИМА НА ЛОКАЛНО НИВО

Република Македонија нема непресушни рудни и минерални богатства преку кои ќе го темели својот иден економски развој. Нема море и пристаништа за развој на туризмот и трговијата. Она што е основен наш ресурс за развој е државното градежно и земјоделско земјиште. Овој огромен ресурс за развој мораме да го искористиме во функција на брзиот раст на економијата во државата. Потребата за максимално ставање на државното земјиште во функција на развојот на економијата е уште повеќе изразена како потреба во време на ваква голема економска криза која е надвисната над нашата економија. Еден од основните механизми преку кои ќе го поттикнеме развојот на еконијата е локалната самоуправа преку локалниот економски развој. Заради тоа, нудиме акционен план за локален економски развој кој треба да биде решение на многу проблеми од економски карактер во државата.

## КРЕИРАЊЕ ПОЗИТИВЕН АМБИЕНТ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ФИРМИ ПРЕКУ:

• Организирање саеми за инвестициски можности

Ќе се создадат услови за зголемување на малите и средни инвестиции, посебно на малите локации (до 1000м2 ) кои досега не се транспарентно дефинирани ниту пристапни на инвеститорите, а чија инвестициона надлежност спаѓа под општината. Се очекуваат инвестиции во услужните дејности и новата технологија (ИТ) . Со овој потег се очекува и отворање на нови работни места и раст на економијата на локално ниво.

• Формирање на  бизнис инфо-центар

Ќе формираме NO STOP SHOP И START UP центри, за новите и веќе постојните мали и средни фирми, каде што ќе им се пружа помош за полесно да ги фокусираат своите целни групи, ќе се даваат квалитетни совети, консултации и други услуги.  Унапредување на условите за работење. Овие центри, исто така, ќе има должност да му помогнат на секој инвеститор во завршување на сите административни работи потребни за функционирање, како и да овозможат подготвеност на фирмите за понуда на целосни и постојани услуги.

• Изработка на каталог на слободни локации

Со тоа ќе создадеме поголема прегледност за инвеститорите со цел зголемување на инвестициите (во малите и средни претпријатија) а ќе резултира со зголемување на бројот на вработени. Ова ќе се работи првенствено во услужните дејности, во новата технологија, а подоцна и  во останатите економски сектори.

• Изработка на информатор со процедури за издавање на дозволи

Информаторот ќе ги содржи сите неопходни информации кои се потребни на корисниците за брзо и успешно добивање на дозволи за локациски услови, за градби, за концесии, за долгорочни закупи и сл.

• Изработка на план за формирање на индустриски зони

Дефинирање на индустриските зони, план за привлекување на инвестиции и зголемување на вработеноста. Во секоја општина ќе уредиме по 3-5 индустриски зони од 5 до 50 хектари со целосно изградена инфраструктура. Секој домашен или странски инвеститор кој има сопствена идеја, а распога со слободни финсиски средства или зад неговиот бизнис-план стои банка, ќе добие можност за бесплатна локација на користење на долг рок со готова инфраструктура. Ова ќе се однесува само за изградба на производствени погони кои ќе вработуваат минимум 50 нови работници. По 5 год. работење, градежното земјиште инветиторите ќе го добијат во трајна сопственост.

• Водич за START UP фирми

Преку ваквиот водич ќе се постигне значајно унапредување на положбата на лицата кои сакаат да основаат фирма или занаетчиско производство. Ќе се постигне заштеда на ресурси, намалување на периодот за основање и зголемување на новорегистрирани трговци - поединци.

## *ПРУЖАЊЕ ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ФИРМИ ЗА ПОЛЕСЕН ПРИСТАП ДО ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПРЕКУ:*

• Изработка на план за финансииска помош на малите и средни фирми (субвенции, финансиски олеснувања и сл.)

Помош на малите и средните фирми при пополнувањето на документацијата за остварување на правата на субвенции и финансиска помош која ја даваат Република Македонија и општината.

• Изработка на план за едуцирање на малите и средни фирми за процедурите потребни за добивање комерцијални кредити

Целосно оспособување на малите и средни фирми за аплицирање и користење на комерцијалните кредити преку создавање на посебна служба во општините која ќе работи исклучиво на таквиот вид едукација на сопствениците на малите и средни претпријатијата.

• Олеснување и помош на малите и средни фирми во процесот на инвестирање во производство и нови градби

Секоја нова инвестиција во производство ќе биде ослободена од плаќање данок на имот и фирмарина во наредните 5 години. Секој инвеститор кој ќе купи земјиште или објект

преку кој ќе се овозможи минимум 5 работни места ќе добие можност за повраток на платениот данок на промет на недвижности. Фирмите ќе добијат посебни поволности за проектите за нови градби во делот на комуналните надоместоци, заради поттикнување на градежништвото како економска гранка, која истовремено е придвижувач на голем број други гранки и дејности од општественото живеење. Со тоа, исто така, ќе се овозможи намалување на невработеноста.

## ЕДУКАЦИЈА И ШКОЛУВАЊЕ НА КАДРИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА НОВИТЕ И ВЕЌЕ ПОСТОЕЧКИТЕ МАЛИ И СРЕДИ ФИРМИ

• Анализа на потребите на потенцијални инвеститори за работна сила
Подобрување на комуникацијата на средните училишта со постоечкото стопанство заради обезбедување на нивните потреби за работна сила. Целосно усогласување на наставните насоки во средните училишта согласно потребите на пазарот на трудот и локалното стопанство.

• Лиценцирање на средни училишта за добивање можност за издање на потврди за преквалификации и доквалификации.
Ќе создадеме законска можност за преквалификација и доквалификација во средните училишта , со цел создавање на услови за  полесно наоѓање работно место во фирмите кои имаат потреба од работна сила преку формирање на тренинг-центри поддржани од државата и општината.

• Стипендирање на кадар за занимања кои се дефицитни на пазарот.
Секоја година општините ќе формират фонд за стипендирање преку кој ќе создадат партнерска можност со приватниот сектор за стипендирање на поголем број млади студенти, со цел вистинско образование на младите за потребите на стопанството и полесно вработување на младите луѓе.

• Организирање саеми за вработување
Двапати во годината ќе организираме ваков вид саеми за директен контакт на фирмите кои бараат работници и лицата кои бараат работа.  Ќе постигнеме реално намалување на бројот на невработени преку олеснување на фирмите да стапат во контакт со расположливата работна сила, но и на невработените со фирмите кои бараат работници.

## РАЗВОЈ НА ЈАВНОТО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО.

• Зголемување на капацитетите и надлежностите на центарот за развој на локалната

економија

Резултат од оваа активност ќе биде зголемување на инвестициите на општинско ниво, посебно во малите и средните фирми. На тоа директно ќе влијае транспарентниот начин на достапност на локациите на градежното земјиште, со дозвола за градење до 1000м2 во сите аспекти (големина, локација, степен на опременост, сопственоста и сл.), како и формирање на бизнис инкубатори, SHOP ROOM објекти и START UP центри. Се очекува и зголемување на приватните инвестиции во малите и средните фирми. Со овие инвестиции би се зголемил степенот на вработеност, за околу 10% во рок од 1-2 години, главно во услужниот сектор и во секторот за нова технологија, каде вработените ќе бидат претежно млади.

• Поттикнување на функционирањето на јавното-приватно партнерство.

Побрз економски локален развој. Со вклучување на општините како партнери на приватниот сектор, ќе се создадат услови за поголемо охрабрување на стопанствениците при носење на одлука за инвестирање. Преку јавното приватно партнерство ќе се сodадат услови за проекти и инвестиции во одредени сектори и дејности во стопанството кои сами приватниот капитал никогаш нема да ги реализира од повеќе причини. Приоритет за реализација на проектите по пат на јавно-приватно партнерство ќе добијат проектите кои ќе овозможат нови работни места.

## *РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ.*

• Изготвување на презентации за промоции на можните туристички локации за привлекување инвестиции

Ќе создаваме студии и презентации на потенцијалните туристички локации кои би послужиле како материјал за потенцијални инвеститори. Комплементарност со останатите проекти кои се поврзани со привлекување на инвестиции во хотелиерството и настапи на саеми. Промоција на населените места и туристичките локации од интерес на општината.

• Изработка на каталог на најголемите манифестации

Информирање на сите заинтересирани трговци, занаетчии и трговци-поединци со плановите за манифестации за секоја наредна година, со цел преку директно информирање да создадеме можност за ваквите фирми да го зголемат својот обем на работа и својот профит.

• Изработка на локации за екстремни спортови

Во урбаните општини ќе настапиме со зголемување на туристичката понуда и организирање на регионални, европски и светски турнири. Овој вид на понуди овозможува зголемување

на туризмот и содавање на можност за самовработување.

• Изработка на планови за можни парцели за хотели од трета и четврта категорија и помали мотелски капацитети

Преку поволности во комуналните даноци и такси ќе поттикнеме зголемување на изградбата на капацитетите за сместување и зголемување на приходите од туристичките активности. Оваа активниост наидува на огромна финасиска поддршка од европските фондови.

• Изработка на планови за давање на земјоделско земјиште под концесија

Доделувањето на земјоделското земјиште под концесија под олеснети услови, ќе придонесе за зголемен приход за државниот и општинските буџети, и намалување на невработеноста во општините. Средствата од концесиите од земјиштата, државата и општините ќе бидат задолжени да ги инвестираат единственоо во тампонирање и асфалтирање на патиштата во населените места, прочистување на канали, електрификација на полето, обезбедување на водоснабдување на нивите и сл., со цел подобра инфраструктура за обработка на земјоделското земјиште.



09

# ГРИЖА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ - СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ И ПРАВДА

## *ГРИЖА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ - СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ И ПРАВДА*

Економскиот развој е најважниот предуслов за намалување на сиромаштијата и подобар живот за граѓаните. Но, тоа не значи дека сите граѓани имаат подобар живот кога една земја остварува економски раст. Затоа ***ГРИЖАТА ЗА ПОСИЛНА ЕКОНОМИЈА И СОЦИЈАЛНАТА ПРАВДА МОРААТ ДА ОДАТ РАКА ПОД РАКА.***

***НИЕ СМЕ НА СТРАНАТА НА ЕКОНОМСКИ НАЈРАНЛИВИТЕ ГРАЃАНИ.*** Мислиме дека државата треба да ги коригира пазарните неправилности и да помага националниот доход и богатство да бидат порамномерно распределени. Наша цел е изградба на социјална држава на благосостојба. Државата треба да ги заштити луѓето од ризиците на сиромаштија, експлоатација, дискриминација, невработеност, болест, старост. Тоа значи да ги заштити граѓаните, кои од различни причини не можат да обезбедат основна егзистенција, или се посебно ранливи, како што се децата, младите, жените, лицата со посебни потреби, старите лица итн. Наша цел е не само да ги заштитиме граѓаните кои се на маргините на општеството, туку истовремено да обезбедиме и еднакви можности за нивно понатамошно вклучување во општествениот живот.

Ние ги темелиме социјалните политики на трајните вредности на социјалдемократијата, како што се слободата, социјалната правда и солидарноста.

### *ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ*

Високата невработеност е најголемиот економски и социјален проблем во нашата земја. Последиците се страшни, бидејќи невработеноста директно придонесува за поголема сиромаштија на населението.

Како држава долго време се мачиме со проблемот со невработеноста, без да има позначајно подобрување. Така, најголем број од невработените бараат работа повеќе од пет години. Неможноста во подолг временски период да се најде работа делумно се должи и на многу неповолната структура на невработените. Голем дел од невработените се неквалификувани или без образование. Проблемот само навидум се ублажува со тоа што има работници кои работат, но не се пријавени. Тие имаат многу мали примања и се социјално неосигурани.

Ние веруваме дека секој има право на работа. Работата овозможува секој да може

да се вклучи во општествениот живот и да го сочува достоинството.

***ПРИОРИТЕНИ ЦЕЛИ НА ПОЛИТИКАТА НА ВРАБОТУВАЊЕ ШТО САКАМЕ ДА ЈА ВОДИМЕ ЌЕ БИДАТ:***

• Зголемување на бројот на нови работни места и поголеми стапки на вработеност;

• Обезбедување на работа која е соодветно и фер платена и која овозможува вклучување на вработените во системите на социјално осигурување (пензиско, здравствено и сл.);

• Обезбедување на работа која обезбедува и гарантира демократско учество во општеството и усогласеност на професионалниот живот со семејниот.

***ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВИЕ ЦЕЛИ, ЌЕ ГИ СТАВИМЕ ВО ФУНКЦИЈА СИТЕ ПОЛИТИЧКИ, ПРАВНИ И ЕКОНОМСКИ ИНСТРУМЕНТИ НА ДРЖАВАТА***, а пред сè ќе обезбедиме координирано дејствување на макроекономските политики со секторските политики (индустриска, аграрна, регионална, политика на поттикнување на малите и средните претпријатија, политика на образование/обука и социјалната политика).

***МЕРКИ И ПОЛИТИКИ НА КОИ ЌЕ СЕ ТЕМЕЛИ ПОЛИТИКАТА НА ВРАБОТУВАЊЕ:***

***ПОЛИТИКА ЗА ПОБРЗ ЕКОНОМСКИ РАСТ***

- Најздравиот и најодржлив начин на создавање на работни места е преку постигнување на забрзан економски раст. Затоа, сите наши политики за забрзување на економскиот раст се, всушност, политики за зголемување на вработеноста.

***ОБРАЗОВАНИЕТО КАКО ПРИОРИТЕТ***

- Ќе го развиваме партнерството помеѓу државата, образовниот систем и приватниот сектор во областа на преквалификација на работната сила, бидејќи е неопходно да се формираат нови образовни профили какви што повеќе бара пазарот на работна сила.
- Организирање на тренинг-курсеви и практична обука за невработени лица без работно искуство.
- Преквалификација, доквалификација и обуки за познат работодавач.
- Ќе го поттикнуваме концептот на доживотното учење (образование), како битен предуслов за поголема вработеност. Со оглед на постојните неповолни состојби во

образовните структури на вработените и невработените доживотното учење претставува императив за зголемување на вработеноста, како на расположливата работна сила, така и на новите генерации. Динамичната нова економија, која се темели на знаење, придонесува за чести промени на работното место, па дури и промена на занимањето. Тоа може да се реализира само со перманентно образование и континуирано унапредување на вештините и способностите на работната сила.

### ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО

- За работодавачот кој на неодредено време ќе вработи нови вработени, пресметаниот данок на добивка ќе се намали во даночниот период за износ кој што е еднаков на одреден процент од придонесите на платите исплатени на новите вработени. Ова даночно ослободување ќе се реализира во првата години од вработувањето, под услов работодавачот да го задржи лицето во работен однос најмалку уште една година.
- Програми за работно ангажирање кои првенствено би ги опфатиле невработените со ниско ниво на образование.
- Креирање на програми за советување, промоција и финансиска поддршка за самовработување, кои ќе овозможат реално започнување на нови бизниси и нивна одржливост.
- Поголема примена на нетрадиционалните и современи форми на вработување. Овие форми денес, а уште повеќе во иднина ќе добиваат различни и нови облици (времено вработување, неполно работно време, договорни форми на работа и сл.).
- Јакнење на капацитетот на Агенцијата за вработување, која од формално биро за евидентирање на невработените треба да се трансформира во вистински сервис за посредување при вработувањето.
- Поддршка и јакнење на улогата на приватните агенции за вработување.
- Континуирано информирање на невработените за новините и очекуваната побарувачка за работна сила од одделни профили на работници (согласно реализацијата на поголемите проекти на државата или инвестициите во одделни области).
- Забрана за работа на пензионери со полно работно време.

### ОТВОРАЊЕ НА ПЕРСПЕКТИВИ НА МЛАДИТЕ

- Ослободување од плаќање на придонес за здравствено осигурување во првата година од вработувањето на кадри на кои им е прво вработување и се помлади од 28 години.
- Континуирано вработување на најдобрите студенти во јавната администрација, како битна претпоставка за подобрување на нејзините капацитети.
- Посебни планови за вработување на млади високо образовани лица, како и

посредување и поддршка во договорите помеѓу факултетите и работодавачите.

## ФЕР И ДОБРО ПЛАТЕНА РАБОТА

- Донесување закон за најниска плата. Со овој закон ќе се заштити економската сигурност на граѓаните со најниски примања.

- Високозаштитени права од работниот однос. Добрата работа ги респектира флексибилноста на работното време и неприкосновеното право на слободно време, како и сигурноста (безбедноста) на вработените. Иако Македонија заостанува во економскиот развој, заштитата на правата од работен однос мора да одговараат на највисоките европски стандарди. Флексибилноста на работното време се должи на брзите промени во знаењето, науката и техничкиот напредок. Работното време сè повеќе е флексибилно и ние ќе ги развиваме тие форми на работа. Притоа, правото на слободно време останува неприкосновено и растечко. Хуманизацијата на работата е наша постојана задача. Лошите работни услови и работните притисоци го загрозуваат самиот процес на работа, но и здравјето на вработените. Во Република Македонија тие мора континуирано да се унапредуваат.

- Враќање на одредбата во Законот за работни односи дека ангажманот во ноќната смена не може да трае без прекин повеќе од една недела.

- Враќање на одредбата во Законот за работни односи за можност за скратено работно време за инвалидизираните лица.

- Кај работните спорови ќе ја намалиме висината на судските такси.

- Кај работните спорови ќе ја намалиме висината на паричниот цензус за да се користи правото на вонреден правен лек.

## СОЦИЈАЛНО ПАРТНЕРСТВО

- Гарантирање на социјалниот дијалог и рамноправно вклучување на социјалните партнери во процесот на донесување одлуки. Заедно со синдикатите застануваме зад потребата за фер учество на работната сила во приносот од општествениот напредок. Работодавците и вработените заедно одлучуваат за платите и работните услови. Ние тој процес го поддржуваме и поттикнуваме.

- Зајакнување на капацитетот на социјалниот дијалог преку ***ПРОМОЦИЈА НА НОВ МОДЕЛ „ТРИПАРТИТЕН ПЛУС“*** - преку задолжително вклучување на претставници на пензионерските асоцијации во Економско-социјалниот совет на Република Македонија.

- Казнување на работодавачите што забрануваат синдикално организирање и вршат притисоци за ставање на дејствување на синдикатот под своја капа, како и членување во повисоки форми на организирање на синдикатот.

- Постоење на обврска на работодавачите за склучување на колективен договор на ниво на работодавач.
- Утврдување на казнена одредба за работодавачот, доколку нема склучен колективен договор или доколку истиот не се применува.

## *УСЛОВИ ЗА ПЕНЗИОНИРАЊЕ*

- Ќе ја разгледаме можноста да воведеме посебни услови за пензионирање за вработени во одделни дејности и одделни работни места, под одредени критериуми што не го нарушуваат принципот на уставна еднаквост.

## *НАМАЛУВАЊЕ НА СИВАТА ЕКОНОМИЈА*

- Воведување решенија што ќе ги мотивираат работодавачите да ги пријавуваат непријавените работници.

## *ПОДОБРУВАЊЕ НА ОФИЦИЈАЛНИТЕ СТАТИСТИКИ*

- Обезбедување на можност податоците да се добиваат на едно место со соодветно објаснување на методолошките разлики кај податоците што ги објавуваат различни институции.

## *ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ*

***ВО РАМКИТЕ НА ПОСТОЈНАТА ПОЛИТИКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЌЕ ПРЕДЛОЖИМЕ И ПРОГРАМИ ЗА ПОСЕБНИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ КАКО:***

• Млади лица без работно искуство;
• Самохрани родители;
• Родители на деца со посебни потреби;
• Програми за вработување на социјални случаи;
• Програми за вработување на социјално-ранливи категории и адолесценти.

Овие програми ќе се изведуваат преку едукација, обуки, доквалификација и субвенционирање на нивните работни места.

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Нашата програма за социјална заштита ќе го опфати секој граѓанин на Република Македонија који се наоѓа во положба на социјален ризик, без разлика на неговата национална, етничка, верска или полова припадност.

Социјалната заштита ќе се темели врз четири клучни столба: превентивна заштита, вонинституционална заштита, поддршка со парична помош и домување во социјални населби.

## ПРЕВЕНТИВНА ЗАШТИТА

На превентивен план ќе се оствари соработка со установите од предучилишното, основното и средното образование, за организирање на стручни предавања на класните часови, од страна на стручни лица што ќе се обезбедат од стручни институции (социјални, здравствени, образовни, Црвениот крст и невладини организации).

## ПРЕВЕНТИВНАТА ЗАШТИТА ЌЕ СЕ ОСТВАРУВА ПРЕКУ:

- Организирање стручни трибини;
- Организирање стручни предавања за заштита од употреба на дрога, алкохол, пушење и други негативни појави, што доведуваат до социјални ризици;
- Организирање предавања за заштита од лица на трговија со луѓе;
- Активности за спречување на семејното насилство;
- Подигање на свеста кај граѓаните за недискриминација на лицата од сите видови на инвалидност, прифаќање во своето семејство, средината и пошироката околина и поддршка и помош на истите и
- Здравствено воспитување.

## ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА

Вонинституционална заштита ќе се остварува со преземање на мерки преку Центрите за социјална работа и невладините организации, при што невладините организации ќе имаат континуиран пристап преку своите сервисни служби во давање на услуги за:

- Помош на стари и изнемоштени лица и тешко инвалидни лица без семејна заштита;
- Организирање на клубови за пензионери и други стари лица за дружење, забава, спортски и рекреативни активности;
- Прифаќање на улични деца и нивно спроведување во соодветни установи;

• Развивање и перманентно отворање на дневни центри за дневно згрижување на лица со инвалидност, заради нивна социјализација - на оние на кои тоа им е потребно;

• Сместување на бездомници;

• Сместување во мали групни домови за лица со инвалидност и

• Сместување во друго семејство.

## ПОДДРШКА СО ПАРИЧНА ПОМОШ

Ќе се преземаат мерки за измена на законските прописи заради подобрување на егзистенцијалната положба на граѓаните, на кои им е неопходна социјална помош преку подигање на нивото на парична заштита. Овие мерки вклучуваат:

***1) ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПАРИЧНА ПОМОШ;***

***2) ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПОСТОЈАНАТА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НЕСПОСОБНИ ЗА РАБОТА И МАТЕРИЈАЛНО НЕОБЕЗБЕДЕНИ;***

***3) НЕГА И ПОМОШ ОД ДРУГО ЛИЦЕ,*** ќе обезбедиме по законски пат да се остварува во два облика и тоа по избор на корисникот: (1) парична помош за нега и помош од друго лице или (2) да користи услуги од персонален асистент. За таа цел:

• Ќе се обезбедат социјални сервисни служби, каде што ќе бидат вработени персоналните асистенти за опслужување на корисниците на помош и нега од друго лице и за нив ќе се плаќаат соодветни придонеси и

• Ќе се обезбедат законски одредби со кои ќе се регулираат меѓусебните односи помеѓу надлежниот орган и здруженијата на граѓани (невладини организации), кои обезбедуваат социјални сервисни служби за реализација на континуирани програмски активности.

***4) СМЕСТУВАЊЕ ВО ЗГРИЖУВАЧКО СЕМЕЈСТВО***

Паричната помош за сместувањето во згрижувачко семејство ќе се зголеми.

Лицата кои ќе згрижат деца во своето семејство, ќе имаат третман на вработен и ќе им се плаќа придонес по сите основи.

***5) ПАРИЧНА ПОМОШ ЌЕ СЕ СЕ ОБЕЗБЕДИ НА ЛИЦЕ КОЕ ДО 18-ГОДИШНА ВОЗРАСТ ИМАЛО СТАТУС НА ДЕТЕ БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА,*** а после тоа до 26-годишна возраст нема приход и имот за издржување.

• Парична помош ќе се обезбеди и на дете и младинец до 18-годишна возраст, кое има статус на дете без родителска грижа и има станбени услови за живеење, а нема други приходи и е ставено под старателство, но ако истото не е сместено во установа или згрижувачко семејство;

• Ќе се настојува децата над 18-годишна возраст да бидат што побрзо вработени.

***6) ЌЕ СОЗДАДЕМЕ ЗАКОНСКИ МОЖНОСТИ ЗА ПОМОШ НА БИОЛОШКО СЕМЕЈСТВО, КОЕ***

***ВО СЕМЕЈСТВОТО ЧУВА ЛИЦЕ СО ПОТЕЖОК ИЛИ НАЈТЕЖОК ОБЛИК НА ИНВАЛИДНОСТ,*** кое не е во можност да се движи заради инвалидноста или оштетување на локомоторниот систем и нервно мускуларни заболувања - кое биолошкото семејство се одлучило да не го сместува во установа, ако не е корисник на социјална или постојана парична помош.

***7) ДРУГИТЕ ОБЛИЦИ И ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА*** согласно Законот за социјална заштита постојано ќе се следат и истите ќе бидат развивани и зголемувани во зависност од можностите и потребите за нивно реализирање.

***8) ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ СО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИТЕ ЗА ДЕИНСТИТУЦИОНАЛИЗАЦИЈА,*** но со претходно согледување на проектите и создавање услови за обука на корисниците за нивно вклучување во мали групни домови.

## *СОЦИЈАЛНИ НАСЕЛБИ*

Решавањето на станбеното прашање е голем проблем за социјално најзагрозените лица. Државата во тоа мора да им помогне доколку сака да обезбеди нормален живот и иднина на оваа земја. Нашиот пристап е насочен кон помагање на колку што е можно поголем број на социјално загрозени лица. Затоа, нашите напори ќе бидат насочени кон создавање на социјални населби, изградени по посебни критериуми, кои посеопфатно ќе им помогнат на социјално најзагрозените лица.

## *ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ*

Сиромаштијата помеѓу старите лица и нивната социјална исклученост бараат грижа од страна на Владата и општеството во целина. ***СЕКОЈ ЧОВЕК ЗАСЛУЖУВА ДОСТОИНСТВЕН ЖИВОТ ВО СТАРОСТА. ПЕНЗИОНЕРИТЕ ЗАСЛУЖУВААТ ПОСЕБНА ГРИЖА.*** Тие се луѓето кои ја градеа оваа земја. Тие се луѓето кои се откажаа од многу работи за сопствена корист за сите ние да имаме подобар живот.

Прашањата поврзани со пензискиот систем во иднина ќе стануваат уште поважни. Во периодот од осамостојувањето до денес, претпријатијата во Република Македонија поминаа низ тешки периоди на трансформација, неизвесност, безбедносна криза... При соочувањето со сите тие проблеми еден од начините што претпријатијата го користеа за да си го олеснат преживувањето беше пријавувањето на голем број од вработените на минимална плата, или плата малку поголема од минималната. Иако заради големата невработеност, голем дел од вработените го прифаќаа тоа, на долг рок ова ќе претставува проблем за тие луѓе. Заради тоа што биле пријавувани на многу ниска основа овие вработени ќе добиваат мала пензија. Пред ова да стане голем проблем, долгорочно гледано, сакаме уште отсега да почнеме со одредено приспособување на системот за постепено овозможување на достоинствена старост. Затоа на пензионерите им посветуваме големо

внимание.

Ние мислиме дека општеството има морална обврска да обезбеди минимално ниво на достоинствен живот за пензионерите, за да покаже почит за сѐ што направиле за изградба на земјата.

Приоритет ни е да обезбедиме социјална сигурност на најранливата категорија на пензионери - корисници на најнизок износ на пензија (минимална пензија), како и финансиска поддршка и згрижување на пензионерите во поодминати години.

Поддршката на оваа категорија на граѓани ќе се остварува во две насоки:

***(1) ПРОШИРУВАЊЕ НА ИНСТУТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ (ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМОВИ) И ЈАКНЕЊЕ НА ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ПОДДРШКА И (2) ПОГОЛЕМА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ПОВОЗРАСНИТЕ КАТЕГОРИИ НА ПЕНЗИОНЕРИ.***

***ПРОШИРУВАЊЕ НА ИНСТУТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ (ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМОВИ) И ЈАКНЕЊЕ НА ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНАТА ПОДДРШКА:***

• Институционалните капацитети ќе се прошират со изградба на нови пензионерски домови со средства од буџетот на Република Македонија;

• Со измена на Законот за локална самоуправа да се пропише обврска на локалните власти да предвидат мерки и форми за згрижување на стари, изнемоштени и сами граѓани на општината;

• Донесување на „Стратегија за социјална заштита на стари, сами и болни граѓани" – во изготвувањето треба да им се овозможи учество на пензионерските асоцијации и инвалидски здруженија, Црвениот крст и други хуманитарни организации и невладини организации што делуваат во оваа област;

• Вонинституционалната поддршка ќе се обавува преку невладините организации кои во себе ќе имаат обучени кадри за поддршка на стари и изнемоштени лица. Ваквата активност невладините организации ќе ја обавуваат преку волонтери, финансиски поткрепени од донатори и од буџетот на Република Македонија.

***ПОГОЛЕМА МАТЕРИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ПОВОЗРАСНИТЕ КАТЕГОРИИ НА ПЕНЗИОНЕРИ (ЛИЦА ПОСТАРИ ОД 70 ГОДИНИ).***

***ЌЕ ОВОЗМОЖИМЕ СЕМЕЈНИОТ МЕСЕЧЕН ПРИХОД НА СЕМЕЈСТВО ПЕНЗИОНЕРИ КОИ ИМААТ НАЈМАЛКУ 70 ГОДИНИ ДА НЕ БИДЕ ПОМАЛ ОД ОПРЕДЕЛЕН ИЗНОС.***

***ОСНОВА ЗА ПОВИСОКИ ПЕНЗИИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ВО ВТОРИОТ СТОЛБ***

Ќе преземеме активности за намалување на трошоците од функционирање на вториот пензиски столб. Со тоа, ќе овозможиме да се зголеми износот што ќе можат да го

инвестираат друштвата за управување со пензиските фондови. На тој начин ќе создадеме предуслови сите оние што се приклучија на вториот пензиски столб да имаат поголеми пензии кога ќе се пензионираат.



10

# МАКЕДОНСКО ОБРАЗОВАНИЕ -ЕВРОПСКИ РАМКИ

# *МАКЕДОНСКО ОБРАЗОВАНИЕ – ЕВРОПСКИ РАМКИ*

## *СО ЈАСНА ВИЗИЈА ДО ОДЛИЧЕН УСПЕХ*

„Знаењето е моќ„- уште во 16-ти век рече големиот филозоф и таткото на модерната наука Френсис Бејкон. Но знаењето е и прогрес, потрага по нови сознанија, продор кон иднината. Тоа не е неразумно враќање во минатото, бесполезна потрага по нови и измислени митови, ревидирање на еволуционата теорија на Дарвин и создавање ненаучни вредности.

Република Македонија е пред сериозен ИСПИТ. Нашиот образовен систем веќе не може и не смее да си дозволи импровизација и менување на целите и приоритети во зависност од дневната политика. Ние мораме да го надминеме постојаниот судир со надворешните и внатрешните предизвици кои силно влијаат врз системот на образование и ги одредуваат правците на неговиот натамошен развој.

Образовниот систем во Република Македонија треба да создава компетентна работна сила според потребите на пазарот на трудот, индивидуалните потреби на граѓаните и потребите на државата. Според тоа учениците и студентите треба преку воспитно – образовниот систем да се стекнат со знаења и вештини кои ќе им бидат неопходни во животот и во кариерата. Знаењето не смее да служи за механичко создавање академски граѓани без неопходниот квалитет. Нам ни требаат силни образовани поединци кои ќе го впрегнат своето знаење и ќе ја повлечат нашата држава напред. Нам не ни требаат армии студенти со дипломи во џебот кои потоа не можат да бидат конкурентни во наоѓањето работа.

***ЗАТОА, НАШАТА ОСНОВНА ПОЈДОВНА ПОЗИЦИЈА Е ДЕКА: НА МАКЕДОНИЈА И ТРЕБА КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ И КВАЛИТЕТНИ ПОЕДИНЦИ. КВАНТИТЕТОТ НЕ ЗНАЧИ СЕКОГАШ КВАЛИТЕТ!***

Изминатиов период бевме сведоци на голем број активности како дел од „реформите" во образовниот систем на Република Македонија. Главната цел на сите овие активности требаше да биде подигање на квалитетот на образованието. За жал, најголем број од интервенциите се спроведуваа во услови на интензивни политичка тензии, слаба компетентност на носителите на образовната политика, нагласена партизација во образовните установи, паушален и нестручен пристап по клучните прашања во образованието…

## МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА ВО ОВАА СФЕРА Е:

• хаотичен концепт на задолжително образование,
• потполно неразбрана суштина на екстерното оценување,
• конфузија во учебникарскиот сектор
• некоординирани и некомплетни наставни планови,
• партизација на раководниот кадар во училиштата и универзитетите,
• демотивиран и застрашен наставен кадар,
• неконтролирано и на "ура" спроведена информатизација на образовните установи со што идејата за "компјутер за секое дете" се претвори во состојба "компјутер пред секое дете" или, уште полошо, компјутери во училишните подруми.

Исто така, мотивирано од популистички мотиви и без било какви анализи и економски и општествено оправдани причини, неконтролирано се основаа факултети низ целата територија на државата со што се потрошија огромни пари директно од џебот на нашите граѓани. Се прашуваме: каква е потребата од факултет во секој помал град кога не се исполнети ни основните услови за квалитетно студирање?

Очекувано, ваквата поставеност на образованието не носи резултати. Крајно лошата образовна структура на населението, малиот опфат и високиот процент на осипување на учениците во редовните степени на образование, ниskиот опфат на учениците во предучилишно образование, големиот диспаритет во компетенциите кај децата пред поаѓање на училиште (голем број на деца го започнуваат школувањето со ниски стартни знаења и способности што подоцна се рефлектира со слаб успех, осипување или апстинирање од понатамошно образование) и потребата од зајакнување на компетенциите за работна и социјална вклученост на населението се клучните предизвици со кои СДСМ сака да се соочи и да изнајде решенија.

## МАКЕДОНСКИ ПРЕДИЗВИЦИ-ЕВРОПСКИ РАМКИ

Стратегиските цели во сферата на образованието ги определивме врз основа на меѓународните и европските документи, кои претходната Влада на СДСМ, во својата четиригодишна работа, успеа да ги вгради во Националната програма за развој на образованието на Република Македонија 2005-2015 година. Овој документ и во иднина ќе биде основа за поставување приоритети во образованието и главна водилка во реформите.

Новата образовна архитектура во Република Македонија која настојуваме да ја поставиме во најголема мера ќе се фокусира во остварувањето на целите пропишани со декларацијата "Образование за сите" на Обединетите нации, како што се:

• рамноправен пристап до образованието за сите,

• зголемување на опфатот и квалитетот на грижата во раното детство,

• зголемување на општообразовната и стручната компетентност на учениците, експанзија на базичното образование и обука во другите суштински вештини кои се бараат од младите и возрасните,

• подготовка на младите за предизвиците на информациското општество и претприемачкото општество,

• развивање на можности за образование и обука кои соодветно одговараат на очекувањата и потребите на различните групи од потенцијалната работна сила, стручна обука на младите и возрасните, поставување на процеси на стручно образование и обука релевантни за потребите на индустријата и трговијата, и дефинирање на квалификациските стандарди.

Исто така, цел на оваа програма се и реперите дефинирани со „Образование и обука 2010" на Европската комисија за образование што треба да се исполнат. И покрај тоа што рокот за исполнување на овие репери е 2010 година нашата држава многу заостанува во тој поглед. Поради тоа, овие репери ќе претставуваат обврска за нашата земја во наредниот период. Тоа се:

• Да нема повеќе од 10% лица кои прерано го напуштаат образованието;

• Намалување за најмалку 20% на ученици со ниски постигнувања во читање со разбирање на Програмата за меѓународно оценување на учениците (ПИСА – тестирање);

• Најмалку 85% од младите треба да имаат завршено средно образование;

• Зголемување за најмалку 15% на бројот на студенти кои ќе дипломираат математика, природни науки и технологија, со истовремено намалување на родовиот дисбаланс;

• 12.5% од возрасното население треба да учествува во доживотно учење.

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, КАКО ДРЖАВА КОЈА ЕДЕН ДЕН ЌЕ СЕ ВКЛУЧИ ВО ЕВРОПСКОТО СЕМЕЈСТВО, НЕМА ДРУГА АЛТЕРНАТИВА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ОСВЕН ДА ГИ ВГРАДИ СВОИТЕ ПОЛИТИКИ ВО ПОСТОЕЧКИТЕ ЕВРОПСКИ РАМКИ.*** Сите други обиди за изнајдување револуционерни решенија во оваа област се осудени на неуспех и можат да бидат плодна почва за коруптивни активности на владеачките структури.
Ние сакаме да ги решаваме македонските предизвици во образованието низ европските рамки. Оттаму, ***МАКЕДОНСКИОТ МОДЕЛ Е ЕВРОПСКИОТ МОДЕЛ.***

## НОВИ И ЦВРСТИ ТЕМЕЛИ ЗА ЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ

## СДСМ, ВО СВОЈАТА ПЛАТФОРМА ЌЕ СЕ ИНСИСТИРА НА 6 ПРИОРИТЕТИ:

- Реструктурирање на задолжителното образование
- Остварување еднакви можности во образованието
- Враќање на дигнитетот на наставничката професија
- Зголемување на квалитетот на образованието
- Високо образование и наука конкурентни на европските стандарди
- Доживотно учење

## 1. РЕСТРУКТУРИРАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**ВОВЕДУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ТРАЕЊЕ ОД 12 ГОДИНИ. ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЌЕ ЗАПОЧНУВА ОД 4 ГОДИШНА ВОЗРАСТ НА ДЕЦАТА И ЌЕ ЗАВРШУВА СО СТЕКНУВАЊЕ НА ПРВАТА КВАЛИФИКАЦИЈА ВО СРЕДНОШКОЛСКАТА ВОЗРАСТ.**

**СПУШТАЊЕ НА ДОЛНАТА ГРАНИЦА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА 4 - ГОДИШНА ВОЗРАСТ.**

Научната јавност постојано истакнува дека периодот од раѓањето до пред поаѓање на училиште има исклучително големо значење за натамошниот развој на личноста. Докажано е дека во периодот од 0-6 години се поставуваат темелите и правците по кои ќе се движи натамошниот развој на младата личност на емоционален, когнитивен, физички и социјален план и дека постои голема опасност од неадекватен пристап и нестручно третирање на детскиот развој, што подоцна може да предизвика низа несакани последици како што е предвременото напуштање на образованието.

Опфатот со институционални форми на децата од предучилишна возраст изнесува само 12,8%, што е многу мал процент со оглед на тоа дека овој сегмент на воспитание и образование не е задолжителен, но е многу важен во развојот на личноста на децата и нивната социјализација и игра значајна улога во нивниот натамошен развој. Поради тоа, долната граница на задолжителното образование мора да се спушти на четиригодишна возраст. Ова е нашата долгорочна визија за македонското европско образование.

***ОВАА МЕРКА ПОДРАЗБИРА:***

• Проширување на мрежата на предучилишни установи во државата со посебен акцент на руралните средини
• Екипирање на предучилишните установи
• Стручна и професионална обука на предучилишниот кадар
• Воведување на бесплатен воспитен опфат на децата од соодветната возраст
• Воведување на екстензивна згрижувачка дејност базирана на кофинансирање

***РЕСТРУКТУРИРАЊЕ НА Т.Н. ДЕВЕТОЛЕТКА И ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕЛЕМЕНТАРНО И НИЖО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ.***

Нашиот план е да создадеме долгорочни предуслови за вградување на македонското образование во европските системи. Изминативе години се покажа дека со образованието нема импровизација, нема револуционерни идеи и нема измислени модели. Моменталната структура на нашето образование е хаотична и непрепознатлива во однос на другите образовни системи во Европа и во светот. Поради тоа, мора да се изврши благо реструктурирање и да се подели на елементарно образование во траење од 5 години и нижо средно образование во траење од 4 години, со што и по суштина и по дизајн ќе биде компатибилно со развиените образовни системи во светот.

***ОВАА МЕРКА ПОДРАЗБИРА:***

• Системски и функционални промени во наставните планови и програми
• Проширување на мрежата на основните училишта со посебен акцент на руралните средини
• Екипирање на образовните установи
• Формирање на медијатеки и воведување на принципот “компјутер достапен за секое дете“
• Стручна и професионална обука на наставниот кадар
• Реафирмирање на целодневната настава
• Формирање на систем на професионална ориентација, следење и развој на кариера во образовните установи.

***РЕСТРУКТУРИРАЊЕ НА КОНЦЕПТОТ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ.***

Реализацијата на задолжителното средно образование во моментов се одвива без јасна програмска основа. Вакво задолжително средно образование не се осмелуваат да постават ниту најразвиените држави во светот. Впрочем неговата реализација го покажа

тоа и очигледно е дека државата нема сила да го спроведе во целост. Поради тоа, нужно е да се постави концепт кој ќе ја постави горната граница на задолжителното образование. Нам ни треба средно образование кое ќе нуди соодветни квалификации за сите. Нам не ни треба задолжително средно образование, туку флексибилно средно образование кое ќе овозможи секој ученик да се најде себеси и да биде конкурентен на пазарот на трудот. Со тоа, системот на задолжителното образование станува подинамичен, порационален и целосно адаптиран на индивидуалните потреби и способности на различните категории млади луѓе.

***ОВАА МЕРКА ПОДРАЗБИРА:***

• Ревизија на стручните профили во средното образование
• Донесување на Национална рамка на квалификации
• Програмско усогласување
• Зајакнување на капацитетите и улогата на Центарот за стручно образование и обука
• Воведување на алтернативни можности за стекнување на ниски нивоа на квалификации (ИСЦЕД 3)

## 2. ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

Образованието нема да биде правично доколку не нуди еднакви можности на учениците. Еднакви можности не само за неколкумина, не за мнозинството, туку за сите! Нееднаков пристап до образованието значи континуирана дискриминација на одредени слоеви на млади луѓе. Ние сакаме да изградиме и оспособиме одлични ученици, но и можност секому да му се даде шанса да биде одличен ученик. Затоа, мораме да создадеме услови за надминување на разликите кои постојат меѓу урбаните и руралните средини, како и меѓу развиените и неразвиените региони. Присутните разлики се особено изразени во доменот на: квалитетот на образованието, условите за учење, инфраструктурата, расположивост со соодветен кадар и достапноста на образовните установи.

***ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ВАКВИТЕ НАМЕРИ ЌЕ СЕ ПРЕЗЕМАТ СЛЕДНИВЕ МЕРКИ:***

• Давање на приоритет на иницијативите за подобрување на условите за учење и инфраструктурата во руралните средини во државата, обезбедување бенефиции на квалификуваниот наставен кадар кој би работел во овие средини, воведување служба за транспорт на учениците во неразвиените региони.

• Ќе бидат изградени системски решенија за остварување на еднакви можности и достапност на образованието за децата со посебни потреби. Тоа подразбира координација

на програмските зафати и создавање на услови (инфраструктурни и кадровски) во воспитно-образовните установи.

• Информациската и комуникациската технологија има клучна улога во воспоставувањето на балансот на регионалниот развој и поврзувањето на неразвиените региони со останатите делови од државата. СДСМ има должност да им овозможи на сите ученици еднаков пристап до овие модерни текови.

• Ќе се гарантира пристап до широк избор на висококвалитетни даватели на образовни услуги во секој дел од земјата. Секој треба да има пристап до образовните можности за сопствено докажување и реализирање. Спортските и младинските институции/сервиси би требало да се на сечиј дофат.

• Од аспект на еднаквите можности за образовен и културен развој на секого важно е да се загарантира/обезбеди статусот и позицијата на народните библиотеки и институциите за образование на возрасните, да се развијат јавните културни институции и да се поддржуваат иницијативите за образовни и културни манифестации.

• Треба да се обезбеди доследно спроведување на дополнителната настава за учениците со ниски постигнувања, предвидена со Законот за основно образование.

• Треба да се обезбеди рано откривање на надарени и талентирани деца и реализација на наставни форми на работа со нив.

• Финансиски ќе се поддржат тие што веќе го напуштиле образованието без минимум вештини за пазарот на трудот, да добијат некакво професионално образование и/или обука.

## *3. ВРАЌАЊЕ НА ДИГНИТЕТОТ НА НАСТАВНИЧКАТА ПРОФЕСИЈА*

Дигнитетот на наставничката професија во сите образовни степени веќе подолго време е нарушен. Наместо задоволство и мотивација за извршување на својата професија, наставниците се оптоваруваат со несигурен работен статус и големи можности за губење на работното место, финансиско понижување, неможност за спроведување на личните иницијативи, работа со огромен број на деца и студенти, постојани притисоци и омаловажувања за нивната работа.

Треба да се стави крај на оваа состојба. ***НАСТАВНИЦИТЕ МОРА ДА ГО ДОБИЈАТ СВОЈОТ СТАТУС, ЗНАЧЕЊЕ И ЗАСЛУЖЕНОТО МЕСТО НА КЛУЧЕН ФАКТОР ВО ОБРАЗОВАНИЕТО.*** Социјалдемократската опција мора да биде носител на овие иницијативи и жестоко ќе се бориме за враќање на дигнитетот на наставничката професија

### *ОВА ПОДРАЗБИРА:*

• Професионализација на наставничката професија во согласност со современите

европски стандарди;

• Можност за напредување во кариера која ќе им овозможи повисока плата на оние кои се истакнуваат со својот квалитет и работење;

• Зголемување на примањата на наставниците во сите степени на образование;

• Можност и достапност за индивидуално и групно професионално усовршување;

Наставниците треба да бидат спремни да одговорат на еволуирачките предизвици на општество базирано на знаење, активно да учествуваат во него и да ги подготват оние што учат да бидат автономни доживотни ученици. Затоа, тие треба да бидат способни да размислат за процесите на учење и на предавање преку континуирана вклученост во предметното знаење, содржината на наставните програми, педагогијата, иновацијата, истражувањето и социјалната и културната димензија на образованието. Образованието на наставниците треба да биде поддржано со силни партнерства меѓу високото образование и институциите каде што ќе се вработуваат наставниците.

Наставниците, исто така, имаат клучна улога во подготвувњето на учениците за нивната улога како граѓани на Република Македонија и ЕУ. Како такви, тие треба да можат да ги признаат и почитуваат различните култури. Учениците сакаат и треба да им веруваат на наставниците. Ние веруваме дека задоволни и стручни наставници се темелот на нашето образование.

## *4. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО*

Квалитетно образование не се постигнува со закани, рестрикции и санкции. За подобар квалитет мора да се вложи сета енергија и да се ангажираат сите расположиви ресурси, со целосна поддршка како од локалната така и од централната власт. Квалитетот е резултат на совесно, професионално и високостручно ангажирање на сите фактори во образованието. Во овој контекст особено значење треба да се стави на развојот на менаџментот во воспитно-образовните институции. Во училиштата и на факултетите нема место за партиски послушници, таму единствениот критериум е професионалноста и квалитетот. СДСМ, како и во другите сфери, ќе се залага за департизација во образованието. За нас партиската книшка не е диплома за знаење и квалитет!

## *СДСМ ЌЕ ГО ЗАЈАКНЕ КВАЛИТЕТОТ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ПРЕКУ:*

• Реализација на концептот на екстерно оценување во функција на подобрување на квалитетот на образовните установи. Резултатите од ова оценување треба да им помогнат на образовните установи да се споредат себе со другите, да ги воочат слабостите и соодветно на тоа да преземат мерки за подобрување на успехот на учениците.

• Воведување на систем за напредување во кариера. Оваа мерка треба да создаде

амбиент на натпревар на квалитет во училиштата и можност за поквалитетните кадри соодветно да бидат наградени за она што го постигнуваат во работата. Исто така, се очекува ова да создаде дополнителен мотив за наставниците перманентно да се усовршуваат во својата професија и да воведуваат современи модели на настава и учење во нивната работа.

• Континуирано спроведување на внатрешна и надворешна евалуација во воспитно - образовните институции.

• Подобрување на условите за учење, инфраструктурата и образовната технологија во воспитно - образовните институции.

• Реформите во средното стручно образование (ВЕТ-реформите) мора да се забрзаат за да се надомести пропуштеното. Треба да се обезбедат соодветни човечки и финансиски ресурси, за да може Центарот за стручно образование и обука (ВЕТ- центар) да се придвижи напред во спроведувањето сеопфатна реформа на наставните програми и во развојот на пост-средното образование.

## *5. ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА*

Високото образование е составен и неодвоив елемент од развојот на секоја земја. Тоа не е само најсилен агенс кој го детерминира општествено-економскиот развој, на внатрешен план, туку и квалитет со кој земјата се легитимира себе си на надворешен план[1]. Препораките за развој на високото образование произлезени од Болоњскиот процес претставуваат основа на која се темели програмата на СДСМ во оваа сфера. Нашата намера е да воспоставиме систем на високо образование кој ќе биде квалитетен и препознатлив во поширокото европско семејство на високо образование и истражување. Нема да настојуваме само да го зголемиме бројот на студенти во државата туку примарна цел ќе ни биде да го зголемиме бројот на студенти што стекнале висококвалитетно образование, на институции кои го негуваат квалитетот и се меѓународно препознатливи. Со други зборови, на Република Македонија не и се потребни голем број на дипломи туку голем број на висококвалитетен кадар. На Македонија по секоја цена и е потребен квалитет, а не квантитет!

## *СДСМ ЌЕ СЕ ЗАЛАГА ЗА:*

• Целосно и доследно спроведување на европскиот трансфер кредит систем во високото образование

• Рационализација на мрежата на високообразовни установи во државата. Оваа мерка треба да ги санира последиците од неконтролираното отворање на високообразовни установи во државата кои често немаат економска оправданост и делуваат ерозивно на

1 Национална програма за развој на образованието – НПРО, 2004

квалитетот во образованието.

• Поттикнување на развојот на приватните универзитети и воведување вистински принципи на конкуренција во поглед на квалитетот, а не само квантитетот.

• Зајакнување на студентскиот стандард, преку подобрување на условите во државните студентски домови и поттикнување за отварање и равој на приватните студентски домови, како и на обезбедување стипендии за студентите, базирани на успехот во учењето, финансискиот статус и оддалеченоста од местото на живеење како основни критериуми за селекција.

• Создавање на услови за изнаоѓање на алтернативни извори за финансирање. Оваа мерка треба да им овозможи стекнување на дополнителни средства на универзитетите за решавање на тековните и развојните проблеми.

• Зголемување на наставниот и истражувачкиот кадар во државните универзитети.

• Поврзување на државните приоритети со научно-истражувачката дејност на универзитетите.

• Ќе ја разгледаме можноста за зголемување на издвојувањето за високо образование до 1% од БДП и за наука од 0.8% од БДП.

• Постоечките насоки и процедури за евалуација и акредитација треба да се прилагодат и ревидираат во согласност со европските стандарди и упатства за обезбедување квалитет, развиени од Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA). Државата мора да ги обезбеди сите предуслови за Одборот за акредитација и Агенцијата за евалуација да бидат целосно независни, непристрасни и целосно оперативни во својата работа. Без сето ова, македонската Агенција за евалуација не може да стане член на ENQA и да биде регистрирана во Европскиот регистер на агенции за обезбедување квалитет;

• Постоечките политики и шеми за поддршка на студентите (стипендии, заеми и сл.) треба да бидат внимателно разгледани и оценети во светло на ЕУ реперите врзани за стапката на запишување и дипломирање на студентите-жени, социјално загрозените и студентите со посебни потреби, постарите студенти, студентите на однапред одредени студиски дисциплини итн., со цел да се одбегнат негативните ефекти од плаќањето;

• Државните универзитети треба да имаат поголема функционална автономија, како основен предуслов за успешни реформи. Автономијата мора да биде придружена со нови системи за спроведување евалуација и со мерки за поголема отчетност.

Зајакнувањето на квалитетот во високообразовните установи ќе се остварува во согласност со заклучоците и препораките на Европската комисија за образование преку:

• Напредок во спроведувањето на третиот циклус на студии и зголемување на бројот на структурирани докторски програми во третиот циклус

• Создавање на можности за флексибилни патишта за учење во високото образование

• Зајакнување на научното истражување

• Усвојување на мерки во националната стратегија и политики за зајакнување на истражувачката соработка меѓу високообразовните институции и истражувачките институти, како и со бизнисот и индустријата

• охрабрување на мобилност меѓу академскиот и индустрискиот свет

• обезбедување на подобности со цел привлекување на најдобрите истражувачи

• зајакнување на трансферот на технологија

• создавање на технолошки паркови

• спојување на истражувачките институти кон универзитетите и создавање на центри на успешност

• воспоставување на спин-оф фирми

• воспоставување и промоција на регионални истражувачки центри

• зголемување на фокусот врз комерцијализацијата и комуникацијата на истражувачките резултати

• субвенционирање на јавно-приватни истражувачки конзорциум

## ШЕМАТСКИ ПРИКАЗ НА НОВИОТ КОНЦЕПТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | I I I степен – тригодишни докторски студии | 3 + 2 + 3 или 4 + 1 + 3 |
| | | I I степен – едногодишно или двогодишно академско ниво | 3 + 2 или 4 + 1 |
| V ниво | Влез на 19 години | I степен – тригодишно или четиригодишно академско ниво / додипломски студии | Академско образование |

| | | | |
|---|---|---|---|
| V ниво | Влез на 19 години | Тригодишно професионално образование | Неакадемско образование |

↑

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| IV ниво | Влез на 15 години | Гимназиско образование | Четиригодишно стручно образование | Тригодишно стручно образование | Гимназиското и четиригодишното стручно образование, и положен матурски испит се задолжителни за запишување на Универзитет |
| IV ниво | Влез на 15 години | Задолжително средно образование – една година | | | Едногодишно стручно образование за оние кои не го продолжуваат своето образование со цел да се стекнат со некоја струка и веднаш да се вклучат на пазарот на трудот |

↑

| | | | |
|---|---|---|---|
| III ниво | Влез на 11 години | Задолжително ниже средно образование – четири години | |

↑

| | | | |
|---|---|---|---|
| II ниво | Влез на 6 години | Задолжително елементарно / основно образование – пет години | |

↑

| | | | |
|---|---|---|---|
| I ниво | Влез на 4 години | Задолжително предучилишно образование | |

## 6. ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Доживотното учење не претставува посебен вид на учење. Тоа е концепт во кој се обединуваат сите видови на учење: формалното, неформалното и информалното. Тоа подразбира ефективна работа на сите субјекти инволвирани во образованието и обуката: образовните установи, локалната самоуправа, бизнис сектрот, поединците и различните видови на групи. За да се овозможи сето тоа луѓето треба да сакаат и да бидат во можност да ги земат животите во свои раце - со други зборови, да станат ***АКТИВНИ ГРАЃАНИ.***

Повеќето луѓе сакаат да го планираат сопствениот живот и очекуваат активно да придонесуваат во општеството, па затоа мора да научат да живеат со културни¬те, етничките и јазичните разлики. Образованието сфате¬но во најширока смисла на зборот е клучот за учење и разбирање со цел да се одговори на овие предизвици.

### СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА КОНЦЕПТОТ НА ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ ЌЕ НАСТОЈУВАМЕ:

• Да изградиме општество кое нуди еднакви можности за пристап кон квалитетно учење за сите луѓе во текот на целиот живот;

• Подеднакво да ги приспособиме начините на кои образованието и обуката се нудат, за луѓето да можат да партиципираат во процесот на учење во текот на целиот живот и самите да планираат како ќе ја креираат својата иднина;

• Да овозможиме луѓето да постигнат повисоки нивоа на едукација и квалификации во сите сектори, овозможувајќи им на знаењето и вештините да соодветствуваат со променливите барања на работните места, професиите, работните организации;

### ВАКВАТА ЦЕЛ ЌЕ ЈА РЕАЛИЗИРАМЕ ПРЕКУ СПРОВЕДУВАЊЕ НА СЛЕДНИВЕ МЕРКИ:

• Зголемување на процентот на учество на возрасните (на возраст од 25 до 64 години) во доживотното учење;

• Изработка на стратегија и акционен план за доживотно учење;

• Зголемување на инвестициите и средствата наменети за доживотното учење и нивно јасно наведување во буџетот;

• Развивање на систем за препознавање и признавање на неформалното и информалното учење;

• Создавање на можности за ослободување од даноци на трошоците што компаниите и индивидуалците ги прават за образование. Ова ќе биде механизам што ќе ја промовира и ќе ја засили културата на доживотно учење во земјата;

• Интерсекторска соработка во Владата преку која ќе се утврдуваат потребите за обука на различните ресорни министерства.

• Поставување на регионални и/или општински центри за развој на човекови

ресурси кои би ја зајакнале врската на локалните власти, образовните установи, бизнис секторот и невладините организации;

• Градење на ефикасна врска со невладиниот сектор и негово промовирање во клучен партнер во развојот на образованието;

• Развој на специјализирани институции кои ќе остварат координација на активностите во сферата на образованието на возрасните и ќе го регулираат пазарот на образовната побарувачка и понуда;

• Поголемо насочување кон знаењата и вештините кои се потребни на претпријатијата и локалната економија;

• Афирмирање на концептот на транснационален пазар на трудот, со краткотрајни работни места кои помагаат да се одржува или врати работоспособноста.



11

# КУЛТУРА -ИНСПИРАЦИЈА ОД ТРАДИЦИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА МОДЕРНОТО И КРЕАТИВНОТО

# ***КУЛТУРА - ИНСПИРАЦИЈА ОД ТРАДИЦИЈАТА ЗА РАЗВОЈ НА МОДЕРНОТО И КРЕАТИВНОТО***

Македонија – скриениот културен трезор на Европа – тоа е нашата визија за развојот и промоцијата на нашата култура во светот. Македонија е земја богата со култура. Нашите прекрасни стари цркви и манастири се надалеку прочуени. Нашите музичари и сликари се признати и ценети низ светот. Археолошките богатства кои лежат скриени во нашата земја се многу вредни. Театарските и филмските уметници ни ги отвораат вратите во големите културни центри низ Европа и светот. Нашата држава мора да развива поголема свест околу важноста на културата во промоцијата на целото наше општество и нашите достигнувања. Културата не познава територијални граници, ниту пак познава строга контрола од страна на државата. Таа е отворена по својата природа, отворена кон другите култури, отворена кон сите граѓани.

***НИЕ ВЕРУВАМЕ ДЕКА КУЛТУРАТА НЕ СМЕЕ ДА СЛУЖИ ЗА ДА ЗАДОВОЛУВА ОДРЕДЕН МАЛ КРУГ НА ЛУЃЕ. ТАА МОРА ДА ИМ СЛУЖИ НА СИТЕ ГРАЃАНИ НА НАШАТА ДРЖАВА.***

Последниве неколку години културата во Република Македонија доживеа големо уназадување. Точно е дека се инвестираа многу средства за изградба на културни институции. Точно е дека археологијата стана доминантна активност на сегашната власт. Ние ги поздравуваме инвестициите во областа на културата, но не можеме да прифатиме култура којашто е во функција на една политичка партија, култура којашто дели по партиска и етничка линија и култура која не гледа подалеку од еден изборен циклус. За нас, партизацијата во културата од корен ја изместува нејзината прогресивна општествена функција: да полемизира, да продлабочува, да критикува, да експериментира, да создава вредности. Таквата култура никогаш нема да може да фати чекор пред сè со европските трендови во културната политика.

Културата сведена на фасада и партиски ритуал е најгрдиот инструмент за политичка манипулација. Последниве години сме сведоци на злоупотреба на културата во функција на менување на националниот и државниот идентитет. Затоа, одеднаш во нашата држава се појавија „антички“ и „словенски“ Македонци, „патриоти“ и „предавници“, верници и неверници. Ваквиот упад во идентитетот на македонската нација го оневозможува суштинското културно позиционирање на Република Македонија во 21. век и во рамките на ЕУ. Нам не ни требаат лажни митови кои го поткопуваат националниот идентитет, туку силна културна политика која ќе овозможи „културен натпревар“ со другите нации во рамките на европското семејство.

Клучните лични и општествени вредности, креативноста, одговорноста, знаењето,

во моментов, кај нас се маргинализирани и игнорирани од страна на носителите на власта. За жал, во Македонија последниве години нема друга култура освен партиска култура.

***ЗА СДСМ, КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ЌЕ БИДЕ ПРОЦЕСОТ НА ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА, ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА И ДЕПАРТИЗАЦИЈА.*** Притоа, оваа цел ќе се постигне преку транспарентна културна политика и принцип на финансирање кој е отворен, јавен и непристрасен.

Се залагаме за воспоставување веродостојни и стабилни вредности во општеството (креативност, одговорност, знаење).

Културата нема да ја користиме во партиски цели! ***КУЛТУРАТА Е ПРЕМНОГУ ВАЖНА РАБОТА ЗА ДА ИМ СЕ ОСТАВИ САМО НА ПОЛИТИЧАРИТЕ!*** Нам не ни треба партизација на културата, нам ни треба македонизација на културата. Тука е темелот на нашиот културен и национален идентитет.

Културната политика мора да биде демократска и за неа треба да одлучуваат што поголем број од граѓаните и уметниците.

Исто така, културата не смее секогаш да биде подложна на правилата на пазарот. Културата не е предмет на размена и пазарење. Таа, понекогаш, нема цена. Затоа, ***КУЛТУРАТА ВО ОДРЕДЕН СТЕПЕН МОРА ДА БИДЕ БЕСПЛАТНА И ЈАВНО ДОСТАПНА.*** Ние сакаме да ја вратиме важноста на јавното, на јавниот интерес и јавната сфера.

Зачувувањето на културното наследство е клучен аспект кој е во функција на создавањето на денешницата. Нашето културно наследство е најдобриот промотор на нашата држава. Тоа е нашиот бренд. По тоа нè препознаваат сите. Културното наследство не смее да биде селективно и ние ќе се трудиме да имаме искрен однос кон овие прашања и во нашата културна политика да ги вградиме достигнувањата на сите етнички заедници во Македонија.

Културата во Република Македонија е сплет на повеќе културни традиции. Таквата испреплетеност ја прави нашата култура уште побогата. ***НИЕ МОРАМЕ ДА ГО НЕГУВАМЕ И ПОЧИТУВАМЕ МУЛТИЕТНИЧКИОТ КАРАКТЕР НА НАШАТА КУЛТУРА.*** Етноцентричната култура ги затвора вратите на нашите сограѓани од другите етнички заедници. Инсистирањето на промовирање на културните вредности само на една етничка заедница ќе доведе до нужна реакција и на останатите етнички заедници. Ние не сакаме Македонија да стане држава во која културите нема да соработуваат. Ние сакаме држава во која културите ќе се надополнуваат и меѓусебно ќе се збогатуваат. Тоа е силата на нашата култура. За СДСМ, ***ВНАТРЕШНИОТ МЕЃУКУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ Е ЕДНАКВО ЗНАЧАЕН КАКО И КУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ СО ОСТАНАТИТЕ ДРЖАВИ ОД СОСЕДСТВОТО И ОД ЕВРОПА.***

Ние нема да создаваме етноцентрична култура, затворена меѓу четири ѕида.

Никогаш нема да ја злоупотребиме културата за да оствариме краткорочни политички поени. Ние ќе ја отвориме културата за сите оние коишто сакаат и можат да придонесат за збогатување на нашите ризници. ***ЌЕ ГРАДИМЕ КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА!***

Нашиот пристап кон религијата и црквата е јасен: ние ја гледаме црквата како клучен историски чинител во развивањето и зацврстувањето на македонскиот национален идентитет. ***НИЕ ЈА ГЛЕДАМЕ УЛОГАТА НА РЕЛИГИЈАТА И НА ЦРКВАТА ВО КОНТЕКСТ НА СОВРЕМИЕТО.*** Затоа, сметаме дека обновувањето и реставрирањето на нашите прекрасни стари цркви и манастири е клучен предизвик за нашата култура. Таквиот однос кон религијата и црквата ќе покаже пред светот колку сме богати.

Конечно, ***ЌЕ ЈА ГРАДИМЕ НАШАТА КУЛТУРА ВРЗ ОСНОВА НА ЕВРОПСКИТЕ ИСКУСТВА.*** Европската Унија и дава посебна важност на локалната култура, на почитувањето и унапредувањето на културните разлики. Со нашето влегување во ЕУ, македонската култура ќе излезе на мегдан со останатите култури. Ние имаме поле за мегдан. Сакаме да ја освоиме Европа со култура. Македонската култура најдобро и целосно ќе се оствари и збогати само како дел од големото европско семејство.

***ЗАТОА, СДСМ ПОСЕБНО ВНИМАНИЕ ЌЕ ПОСВЕТИ НА КУЛТУРАТА, ПРЕКУ ОСТВАРУВАЊЕ НА СЛЕДНИВЕ КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ:***

• ***НЕ – ЗА ПАРТИЗАЦИЈА НА КУЛТУРАТА И НА КУЛТУРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ!*** Ќе воспоставиме ригорозни механизми со кои ќе ја департизираме културата. Културата не смее да се води од приоритетите на една политичка партија или од личните амбиции на одредени луѓе. Во културата мора да има јасни правила на игра, а тоа значи дека таа мора да биде водена од културните приоритети на нашата држава и нашите граѓани.

• Ќе ја разгледаме можноста да воспоставиме ново натпартиско тело – ***НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА КУЛТУРА.*** Советот ќе биде составен од врвни претставници од сите области во културата и тој ќе има подолг мандат (не помалку од 5-6 години). Советот ќе одлучува по клучните стратешки прашања од областа на културата, но и ќе ја донесува, заедно со Министерството за култура, годишната стратегија за култура. Советот ќе има широки овластување за донесување одлуки од областа на културата, како и приоритетите при финансирањето на културните активности и проекти. Советот еднакво ќе ги помага државните институции и независните институции на културата.

• Ќе се залагаме за ***КОМПЛЕТНА ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА ИСКОПУВАЊАТА И СООДВЕТНА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО.*** Стручната и темелна заштита на културното наследство е предуслов за нашето успешно претставување пред светот.

• Ќе воспоставиме прецизен ***СИСТЕМ ЗА ПУБЛИКАЦИЈА НА АРТЕФАКТИТЕ*** и отворање на нашите археолошки откритија кон меѓународната експертска јавност. Релевантни

артефакти се меѓународно верификуваните артефакти! Силна култура е меѓународно призната и почитувана култура!

• Ние ќе му дадеме ***ПРИОРИТЕТ НА КОНЗЕРВИРАЊЕТО И ПРОМОВИРАЊЕТО НА НАШИТЕ СТАРИ ЦРКВИ И МАНАСТИРИ*** (фрескоживопис, иконопис, архитектура на старите цркви и манастири) наспроти дневно-политичката злоупотреба на градење нови цркви. Нашата Македонија е преполна со стари и вредни цркви и манастири. Тие се доказ за нашата историја и нашиот идентитет. Тоа се нашите историски и културни бисери. Затоа, СДСМ ќе се залага за достоинствено претставување на старите цркви и манастири преку развивање на културниот туризам.

• Ќе овозможиме ***СОЗДАВАЊЕ НА Т.Н. „НЕЗАВИСНИ ПРОСТОРИ“,*** за остварување на културните потреби на нашите граѓани и уметници. Ние буџетски ќе го поддржиме градењето на овие простори, но нема да интервенираме во нивната содржина. Културата е слободна по својата природа, таа не познава партиски шинел. Преку независните простори, ќе ги поттикнеме граѓаните да „излезат на улица“ и да ги остваруваат своите културни потреби во една креативна атмосфера.

• ***ЌЕ ЈА ДИСПЕРЗИРАМЕ КУЛТУРАТА НА ЛОКАЛНО НИВО.*** СДСМ ќе се залага за поголема самостојност на домовите на културата, развојот на музеологија на регионално и општинско ниво, поефикасна локална културна политика. Во таа насока, ќе ја засилиме комуникацијата меѓу централната власт и локалните власти во функција на подобро претставување на нашата култура на локално ниво. Притоа, ќе утврдиме критериуми за реални, правични и објективни наменски и блок-дотации за активностите од областа на културата во општините.

• Ќе бидеме ***МАКСИМАЛНО ТРАНСПАРЕНТНИ ВО ОБЛАСТА НА ГРАДЕЊЕТО НА КУЛТУРНИ ОБЈЕКТИ И СПОМЕНИЦИ.*** Ќе го отвориме процесот на одлучување кон граѓаните. Локалното население и сите наши граѓани имаат право да знаат што ќе се гради во нивните градови, општини, предворја. Ние ќе имаме отворен пристап кон јавноста во реализацијата на нашите проекти.

• Негувањето на културниот идентитет е еден од врвните приоритети во Европа. ***НИЕ ЈА ГЛЕДАМЕ КУЛТУРАТА КАКО СТАБИЛИЗАТОР НА НАШИОТ ИДЕНТИТЕТ,*** а не како можност и инструмент за редефинирање на истиот. Убедени сме дека нашиот национален идентитет е изграден и оформен и тоа не е прашање за кое треба да се дебатира. Тој само ќе се збогати со интеграцијата во ЕУ и културните политики што ги овозможува ЕУ, а не со враќање во минатото и создавање лажни митови.

• Ќе ја зголемиме финансиската поддршка за поголема афирмација на нашата култура во Европа и светот.

• Ќе ги засилиме активностите за брендирање на Македонија како лулка на словенската писменост и на цивилизациски уметнички и просветителски достигања.

• Сакаме да обезбедиме континуирано квалитетно претставување на културата преку поинтензивна меѓународна размена и соработка и вклучување во проекти со ЕУ,

УНЕСКО и Советот на Европа.

• Ќе овозможиме обука за користење на претпристапните европски фондови.

• Со даночни олеснувања ќе ги поттикнеме компаниите да финансираат во културата и во унапредување на културниот туризам, како фактор за економски и одржлив развој на целата заедница.

• Ќе се фокусираме кон културната индустрија и кон новата урбана културна политика – сакаме да го спасиме Скопје од културната (архитектонска и урбанистичка) деградација.

• Ќе ја поттикнеме интерресорската соработка – културата, на пример, поврзана со туризмот, со образованието, со информатичкиот сектор, со локалната самоуправа.

• Интензивно ќе работиме на спречување на нелегалната трговија со археолошкото богатство.

• Ќе ги заштитиме авторските и сродните права на ниво на европските стандарди.

• Се залагаме за сузбивање на пиратеријата на уметничкиот труд и поддршка на колективното остварување на заштитата на авторските и сродните права.

За СДСМ, државата не смее да биде медијатор и узурпатор во културата, таа само треба да овозможи услови за културата да се развива независно и непречено. Затоа, ние сакаме да ја затвориме вратата на партиските лажни идеолози во културните институции! ***САКАМЕ ДА ОТВОРИМЕ „СЛОБОДНИ ЗОНИ“ ЗА КУЛТУРАТА!***



12

# КВАЛИТЕТНО ЗДРАВСТВО ЗА СИТЕ

## *КВАЛИТЕТНО ЗДРАВСТВО ЗА СИТЕ*

Здравјето е еден од најбитните фактори за квалитетот на животот и просперитетот на општеството. Здрави граѓани се предуслов за здраво општество, здрави институции, креативна моќ. Слабата здравствена состојба и болеста го намалуваат квалитетот на животот на болниот, болниот не е во состојба да работи и да остварува приходи, што дополнително ја загрозува неговата егзистенција и егзистенцијата на неговото семејство. Наша основна цел е чување и унапредување на здравствената состојба на населението со зголемување на ефективноста и ефикасноста на здравствениот систем особено низ силно ***ЈАКНЕЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА*** и подигнување на свеста на граѓаните за одговорност на сопственото здравје. Пациентот секогаш ќе биде во центарот на внимание на оние кои донесуваат одлуки на политичко, административно и професионално ниво, како и на давателите на услуги.

### *НАШАТА ЗДРАВСТВЕНА ПОЛИТИКА СЕ ЗАСНИВА НА ТРИТЕ ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ:*

• СЕОПФАТНОСТ во здравственото осигурување на сите граѓани на Република Македонија без оглед на нивниот работно-правен статус, вклучувајќи ги и невработените лица и сите социјални категории;

• СОЛИДАРНОСТ преку здравственото осигурување каде средства уплатуваат болните и здравите, сиромашните и богатите, младите и старите, а ги користат солидарно сите кои имаат потреба да користат здравствена заштита, меѓу кои болните, сиромашните, децата, старите. Принципот на солидарност секогаш ќе биде најважен при донесувањето на одлуки и избор на решенија, на сите нивоа.

• ЕДНАКВОСТ во обврските за плаќање на здравственото осигурување, како и во пристапноста за добивање здравствени услуги за сите граѓани независно од финансиските можности, местото на живеење, видот на заболување или временскиот пристап до здравствената служба.

### *ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ ВО НАШАТА ЗЕМЈА СЕ КАРАКТЕРИЗИРА СО:*

• ***ПОЛИТИЗАЦИЈА ВО ЗДРАВСТВОТО*** со прием на нови вработени само по партиска основа и поставување на”политички подобни” и нестручни кадри на клучни позиции.

• ***НЕСООДВЕТЕН НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ*** и намален обем на средства за

финансирање на здравството кое предизвикува недостаок на средства за лекови, плати, медицински потрошен материјал, хигиена, инвестиционо и тековно одржување, набавка на основни средства за работа, следење на иновациите. Тоа ги доведе поголемиот број на здравствените установи во лоша состојба.

• ***ПРЕКУБРОЈНОСТ НА КАДАРОТ*** кој во услови на изразени проблеми во финансирањето и малите заработувачки влијае на ниската професионална сатисфакција на здравствените работници, отуѓен однос помеѓу лекарите и пациентите и ***ОТСУСТВО НА ПРОФЕСИОНАЛНА ОДГОВОРНОСТ ЗА ПАЦИЕНТИТЕ*** , како и примена на разни облици на плаќања надвор од здравственото осигурување, која ја наметнуваат или здравствените установи или самите здравствени работници.

• ***НЕЗАДОВОЛСТВО НА ПАЦИЕНТИТЕ*** поради недостаток на лекови и медицински материјали и плаќање сопствени средства за услуги што се покриени со здравственото осигурување (лекови, лабораториски испитувања, специјалистички прегледи и болничко лекување). Поедини здравствени услуги не се пружаат доколку осигуреникот сам не обезбеди потребен медицински материјал или не ја плати цената на услугата. Има случаи, кога поради високите износи на медицинските материјали, граѓаните да се откажуваат од користење на здравствената заштита.

• ***НАМАЛЕН КВАЛИТЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ.***

• ***НЕРАМНОПРАВНИ УСЛОВИ*** за остварување на здравствената заштита на поедини подрачја на Републиката.

Во последните години во Буџетот на Фондот за здравствено осигурување ***НЕ СЕ ОБЕЗБЕДУВААТ СРЕДСТВА ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ*** (2007 со 1,5%; 2008 со 0,5%; 2009 со 0%) што резултира во целосно искористување на старата амортизирана опрема, чести откажувања на опремата, високо трошоци за одржување на опремаат и низок број и квалитет на здравствени услуги за граѓаните.

Ние ќе ја промениме таквата систуација, така што секоја година во Буџетот на Фондот, за капитални инвестиции ќе обезбедиме најмалку 5% (15 – 20 милиони евра) од вкупите приходи на Фондот и најмалку исти износ од Буџетот на Републиката, како основач на јавните здравствени установи, со кои ќе се набавува високо софистицирана медицинска опрема. Со тоа значајно ќе го унапредиме здравството, ќе се зголеми квалитетот на здравствените услуги, продуктивноста и ефикасноста во здравствениот сектор.

Примената на информатичката технологија во нашиот здравствен систем сеуште се базира на користење само персонални компјутери во дел од здравствените установи, без заокружени информациони системи на ниво на одделенија, служби и установи, а основен метод на записи и комуникација се хартиени документи. Поголем дел од работното време здравствените работници, наместо за пружање здравствени услуги, го користат за пополнување хартиени документи за разни евиденции од областа на здравството и информации за потребите на повеќе установи и институции.

## *НАША СТРАТЕШКА ОПРЕДЕЛБА Е:*

• ***ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМ*** во здравствениот систем, со електронска медицинска документација (електронска картица, здравствен картон, медицинско досие и други медицински податоци) за пациентите.

• ***ФОРМИРАЊЕ ЗДРАВСТВЕНА ИНФОРМАТИВНА МРЕЖА ВО СИСТЕМОТ***, која ќе овозможи размена на информации на установите (здравствени домови, аптеки, заводи за здравствена заштита, Фонд за здравствено осигурување, Министерсвот за здравство) и добивање сигурни, систематични податоци во врска со здравствената состојба, активностите во системот за здравствена заштита, финансирањето, резултатите и исходите во лекувањето, личните, демографските и административните податоци за пациентите и структурата на извршените здравствени услуги.

• ***УСВОЈУВАЊЕ ПОТРЕБНИ ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА***, кои треба да обезбедат приватност, доверливост и сигурност на информациите и обврските за учесниците во создавање, размената и користење на информациите, со цел да ги заштитат основните човекови права.

## *ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНТИВАТА МОРА ДА БИДЕ ОСНОВАТА НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ.*

Во денешни услови здравствената заштита главно се извршува во голем број приванти самостојни задравствени установи (од лекар и медицинска сестра) распоредени по целата територија на Републиката. Независно од големиот број на лекари, примарната здравствена заштита не е еднакво достапна на целокупното население поради регионалните нееднаквости во распоредот на кадарот и тешкотиите во работењето и поради недостатокот лекови и опрема за дијагностичка, терапевтска и информатичка опрема.

Драстично е намален квалитетот на здравствените услуги, а не постои систем на контрола и унапредување на квалитетот на здравствената заштита. Плаќање на лекарите се врши според бројот на запишани граѓани/пациенти што како последица е осиромашена содржината на работата на лекарите во примарната здравствена заштита, се врши пренесување на низа обврски на лекарите во специјалистичката служба, зголемување на бројот на пациенти во секундарно ниво и засилен притисок на дијагностичките капацитети на болничките установи, со последователно зголемување на трошоците во здравствената заштита на населението.

Бројот на превентивните прегледи секоја година повеќекратно се намалува така што постои опасност од уништување на превентивната здравствена заштита. Итната медицинска помош заостанува во својот развој и постои опасност да стане сервис за превоз на пациентите.

## НАШ ПРИОРИТЕТ Е:

• ***ЈАКНЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА.*** Изработка на програми на основа на приоритетите на здравствените проблеми со прецизно дефинирани мерки и активности (кардиоваскуларните заболувања, диабет, болестите на зависност и другите ментални болести, болести од неправилна исхрана, малигните состојби, заразните болести, здравствена заштита на трудниците, раната дијагноза на наследните заболувања и обезбедување на здраво потомство, кариесот и други) и нивно спроведување.

• ***ЗНАЧАЈНО ВЛОЖУВАЊЕ ВО ПРЕВЕНТИВАТА*** и обезбедување поголема достапност за сите граѓани под еднакви услови.

• ***РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СЛУЖБИТЕ*** за промоција на здравјето, опфат на целото население со здравствено промотивни мерки особено во врска со исхраната, пушењето и конзумирањето на алкохолот, физичката активност, грижа за работната и целокупната околина.

Примарната здравствена заштита ќе ја преземе функцијата на „чувар на капијата" за влезот во системот за здравствена заштита. Посебните начини на упатување на повисоко ниво на здравствена заштита ќе бидат преиспитани во целата земја, за да установите на секундарно и терцијално ниво можат да се концентрираат на пружање на оние услуги, за кои се основани. Пациентот секогаш ќе бидат згрижен на првото ниво, кое ќе има задоволителна компетентност и опременост.

## НИЕ СЕ ЗАЛАГАМЕ ЗА:

• Амбулантите во примарна здравствена заштита да станат место за ***ОСТВАРУВАЊЕ СЕОПФАТНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА*** - згрижување на над 80% од здравствените потреби на граѓаните и соодветно поврзување со повисоките нивоа на здравствена заштита.

• Развој на ***РАЦИОНАЛНА МРЕЖА*** на примарната здравствена заштита и прилагодување на работата на здравствените установи на пациентите, со цел подобрување на достапноста на услугите во примарната здравствена заштита за сите граѓани, со посебен нагласок на ранливите групи на населението. Ова ја вклучува како физичката достапност, така и достапноста на соодветна здравствена заштита.

• ***ЈАКНЕЊЕ НА ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА***, воведување модели на ***ГРУПНА ПРАКСА*** (здружување и соработка на тимовите на лекари), обезбедување стимулации за набавка и примена на дијагностичка, тераписка и информатичка опрема.

• ***РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ДОМАШНОТО ЛЕКУВАЊЕ*** и домашната посета (вклучувајќи програми за рехабилитација во домот, фамилијарни советувалишта и патронажа).

• Примена на дефинирани ***ВОДИЧИ НА ДОБРА ПРАКСА*** како ефикасни инструменти за стално унапредување на квалитетот.

• Враќање на дигнитетот на медицинскиот персонал од примарна здравствена заштита и обезбедување ***КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА*** и усовршување.

• Значајна ***ПРОМЕНА НА НАЧИНОТ НА ФИНАНСИРАЊЕТО*** на примарната здравствена заштита, со ***ВОВЕДУВАЊЕ СТИМУЛАЦИЈА*** по извршена услуга за определени превентивни и куративни активности и стимулација за рационално пропишување рецепти и упати на повисоко ниво на здравствена заштита, со што ќе се растовари специјалистичка и болничката служба, а здравствените работници во оваа дејност ќе го зголемат својот приход.

• ***РЕОРГАНИЗАЦИЈА*** и децентрализација на ***ИТНАТА МЕДИЦИНСКА СЛУЖБА*** и домашното лекување, зголемување бројот на вработените, набавка на нова медицинска опрема и нови возила за итна медицинска помош, согласно стандардите на современа медицинска служба и одвојување на санитетскиот превоз од итната медицинска помош.

## *ВО СТОМАТОЛОШКА ДЕЈНОСТ ЌЕ ОБЕЗБЕДИМЕ:*

• ***ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ*** на стоматолошката здравствена заштита во системот, ориентирана кон превенција на болестите и примарната здравствена заштита, со специјален нагласок на излегување во пресрет на потребите на ранливите и сиромашни групи на население.

• ***УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНИТЕ ПРОГРАМИ*** за подобрување на оралното здравје во училиштата, со цел развивање на здрави стилови на живот и едукација за нега и чување на забите од страна на самите деца и младите луѓе.

• ***ПРОМОВИРАЊЕ НА ОРАЛНОТО ЗДРАВЈЕ*** меѓу постарата популација, со цел да се унапреди оралното и општо здравје и на тој начин да го унапреди квалитетот на животот кај старите сограѓани.

• Воведување ***ФИНАНСИСКИ СТИМУЛИ*** за добри резултати во работата врз основа на извршени превентивни и куративни активности, со цел пациентите да добијат квалитетна стоматолошка услуга.

***СЕКУНДАРНАТА И ТЕРЦИЕРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА*** претставуваат еден од најзначајните сегменти на здравствениот систем, затоа што на тоа ниво се решаваат најсложените здравствени проблеми на населението, со ангажирање на бројни високоспецијализирани кадри и користење скапа медицинска опрема. Во последните три години сведоци сме на неадекватна структура на болничките капацитети во која доминира бројот на постели за лекување на акутни состојби, а се запоставува системот на лекување во еднодневните болници, организирање продолжено лекување во социјално-здравствени установи, домашно лекување и други видови вонболничко лекување. Листите на чекање се подолги, како за дијагностички испитувања, така и за оперативни зафати, со цел за вршење на услугите како дополнителна работа надвор од

работното време за кое пациентите плаќаат големи финансиски средства иако тоа веќе го платиле со здравственото осигурување. Плаќањето на здравствените установи се врши преку лимитирани месечни фиксни буџети независно од услугите што ги пружаат, а како последица на тоа е значајно смалување на бројот на операции, посебно на оние кои вклучуваат скапи медицински материјали. Од друга страна, во реорганизацијата на работата на секундарното здравство, која секојдневно се најавува, нема никакво поместување.

***ВАКВАТА СОСТОЈБА ЌЕ ЈА ПРОМЕНИМЕ СО:***

• ***РЕГИОНАЛИЗАЦИЈА НА БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ОПРЕМУВАЊЕ СО ВИСОКО СОФИСТИЦИРАНА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА*** и концентрација на квалитетни стручни кадри, со цел да се зголеми квалитетот на услугите.

• ***РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРИЕМНИТЕ ИТНИ СЛУЖБИ*** во сите болници спрема современите начела за враќање на пациентот во центарот на случување и внимание (итниот медицински прием би бил организиран во посебна организациона единица во секоја болница).

• ***РАЗВИВАЊЕ ДНЕВНИ БОЛНИЦИ*** во кои ќе се овозможи брза и ефикасна еднодневна диајгностика и терапија, без непотребното повеќекратно испраќање на друго одделение во болницата или враќање на болните во примарната здравствена заштита поради поединачна дијагностика.

• ***РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО БОЛНИЦИТЕ*** (развивање акутни одделенија, модел на дневни болници, дневни хирушки болници, болници за сместување на пациенти за кои е потребна подолготрајна здравствена заштита), спроведување на распределба на работата помеѓу болниците и ***ВОВЕДУВАЊЕ МОДЕРНА СТРУКТУРА НА УПРАВУВАЊЕ.***

• ***РЕКОНСТРУКЦИЈА И АДАПТАЦИЈА НА БОЛНИЦИТЕ*** и останатата инфраструктура заради подобрување на квалитетот на здравствените услуги.

• ***ПОДОБРА ОРГАНИЗАЦИЈА НА БОЛНИЦИТЕ*** и прилагодување на потребите на пациентите ќе се ***НАМАЛИ ЛИСТАТА НА ЧЕКАЊЕ*** на дијагностички и оперативни зафати, ќе се створат услови за рамноправност на граѓаните и во здравјето и во болеста, а здравствениот систем ќе постане поефикасен.

• ***ФОРМИРАЊЕ СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ БОЛНИЦИ*** на поедини подрачја во Републиката, нивно опремување и кадровско екипиирање;

• формирање ***НОВ ЦЕНТАР ЗА ДИЈАЛИЗА*** и реконструкција на постоечките.

• Изградба и опремување државна ***КЛИНИКА ЗА КАРДИОХИРУРГИЈА.***

• Завршување на ***КЛИНИКАТА ЗА ГИНЕКОЛОГИЈА*** и набавка на нова опрема.

• Реорганизација на ***ВОЕНАТА БОЛНИЦА КАКО ОПШТА БОЛНИЦА***, во која ќе бидат вклучени и потреби на АРМ за исполнување на НАТО стандардите.

• Организација нов ***УРГЕНТЕН ЦЕНТАР ВО ВОЕНАТА БОЛНИЦА*** во Скопје, кој со

својата инфраструктура, опременост и локациска поставеност во однос на пристапот ќе стане модерен ургентен центар.

• Формирање на ***ЦЕНТАР ЗА ТРАНСПЛАТАЦИЈА НА ОРГАНИ***, усогласување на законските регулативи со регулативите на ЕУ и негово поврзување со сродни центри во странство.

• Ќе се обезбеди ***ЕДИНСТВЕН СТАНДАРД НА МЕДИЦИНСКИ ПРОЦЕДУРИ*** кои ќе се извршуваат во сите здравствени установи.

• Воспоставување ***СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ*** на здравствената заштита на целата територија на Републиката, воведување на ***АКРЕДИТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ПРЕКУ АГЕНЦИЈА*** која ќе ја оценува работата на здравствените установи спрема утврдени стандарди.

• ***ИНФОРМАТИЗАЦИЈАТА*** на здравствениот систем ќе овозможи решавање на непотребната администрација, на здравствениот персонал ќе му овозможува ефикасна работа, како и смалување на можноста за корупција по пат  на транспарентност на постапките.

• Воспоставување ***НОВА ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА ВО КЛИНИКИТЕ*** во Клиничкиот центар со поголема самостојност во одлучувањето за ефикасно и ефективно користење на средствата, планирањето и превземање на активност од свој домен, ќе се изврши замена на амортизираната опрема и набавка нова пософистицирана медицинска опрема за поквалитетна здравствена заштита и обезбедување координација и соработка помеѓу клиниките.

• Јакнење на капацитетот за управување со болниците преку ***КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА***, за сите постоечки и потенцијални раководители, заради зголемување на квалитетот на здравствена заштита.

• Развивање ***МОДЕЛ НА ПЛАЌАЊЕ НА БОЛНИЦИТЕ*** кој обезбедува финансирање на акутната болничка нега врз основа на систем на ДСГ (дијагностички сродни групи). Овој модел на плаќање ќе воспостави поттик кај здравствените работници за ефикасно и ефективно пружање на здравствена заштита и поддршка на финансиската одржливост на системот.

• Развивање ***НОВИ ФОРМИ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА*** - домови за ***НЕГА НА ХРОНИЧНИ ПАЦИЕНТИ*** врзани за постела или во терминална фаза, а за кои домашната нега не е соодветна варијанта, по пониска цена отколку за болничка нега. Развивањето на оваа заштита ќе се врши со искористување на деловите од болниците што повеќе нема да бидат потребни по спроведената реорганизација на болничките установи. Во дел од нив ќе се развијат центри за рехабилитација.

## ФАРМАЦЕВТСКА ДЕЈНОСТ

Недостатокот на лекови и медицински материјали претставува нерешлив проблем за функционирање на здравствената заштита, за оваа Влада. Со се поголемиот број на проблеми кои се наталожуваат во оваа дејност не се формира агенција за лекови, не се создават услови за контролата на лековите, како и за скратување на постапките за регистрација на лековите.

## ВАКВАТА СОСТОЈБА ВО ФАРМАЦЕВТСКА ДЕЈНОСТ ЌЕ ЈА ПРОМЕНИМЕ СО:

• Формирање ефикасна ***АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ*** со основна цел регулирање и надзор на производството, испитувањето и прометот на лековите и медицинските помагала.

• Обезбедување редовна ***КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ*** (во производството, увозот, прометот и користењето) на лекови и медицинските помагала кои треба да ги исполнуваат барањата, потребите и очекувањата на пациентите, барањата на законите и другите нормативни документи.

• ***РАЦИОНАЛИЗИРАЊЕ НА ПОСТАПКАТА*** и подобрување на правната рамка за регистрација на лековите и медицинските помагала.

• Имплементирање систем на ***РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА ЛЕКОВИТЕ*** базиран на групи со иста активна супстанца, форма и јачина во референтни земји, со што ќе се избегне сегашната пракса тендерските цени да се прогласат за референтни, а со тоа да има влез во земјата на неквалитетни лекови по дампинг цени.

• ***РЕДЕФИНИРАЊЕ НА ПОЗИТИВНАТА ЛИСТА*** на лекови и проширување на истата со нови лекови.

•
***ОБЕЗБЕДУВАЊЕ*** доволно квалитетни и сигурни ***ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ*** кои ќе бидат достапни на сите граѓани и на сите нивоа на остварување на здравствената заштита.

• Со ***ИНФОРМАТИЗАЦИЈА*** на здравствениот систем ќе се опфатат: пропишување и издавање на лековите, пратење на потрошувачката и исходот од терапијата, како и елиминација на несаканите ефекти на лековите и медицинските грешки.

***МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО*** е главниот креатор на политиката во рамките на здравствениот сектор во Македонија. Тоа, исто така, е одговорно за надзор на работење на Фондот за здравствено осигурување и здравствените установи како и за обезбедувањето на програма за здравствено осигурување која што ги поддржува целите на здравствениот сектор и значително придонесува за заштитата на здравјето на населението. Високо исполитизираната природа на државната служба влијае врз независноста и раководниот капацитет на Министерството за здравство, Фондот за

здравственото осигурување и здравствените установи (погодувајќи ги стабилноста и приоритетите на системот). Бројот на вработените постојано се зголемува, со прием на партиски кадри со слаб квалитет.

### *РАБОТЕЊЕТО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗДРАВСТВО И ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЌЕ ГО ПОДОБРИМЕ ПРЕКУ:*

• ***ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ*** на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување преку дополнителна едукација на постојниот кадар, изработка на нова организација и систематизација и прием на нови квалитетни кадри.

• Воспоставување соодветен степен ***НЕЗАВИСНОСТ НА ФОНДОТ*** за здравствено осигурување, со кој ќе управуваат осигураниците.

• ***РАЗВИВАЊЕ МЕНАЏЕРСКИ КАПАЦИТЕТИ*** во Фондот за здравствено осигурување.

• ***РАЗВИВАЊЕ*** на систем на ***ДОБРОВОЛНО И ДОПОЛНИТЕЛНО*** здравствено осигурување за здравствени услуги што не се опфатени со основниот пакет на здравствени услуги.

• ***СОЗДАВАЊЕ КАДРИ*** во Фондот за здравствено осигурување, со цел за исполнување на основните функции во примената на здравственото осигурување, ефикасно и ефективно користење на средствата на осигурениците и контрола на наменско и ефикасно користење на средствата во здравствените установи.

• Спроведување ***ФИНАНСИСКА КОНСОЛИДАЦИЈА*** на јавните здравствени установи.

• Трајно ***УСОГЛАСУВАЊЕ НА ОБЕМОТ НА ТРОШОЦИ*** во здравствената заштита со стварните потреби на населението и економските можности на земјата и создавање законска основа за ***УТВРДУВАЊЕ СИГУРНИ ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ*** (придонесите, партиципацијата, буџетот, дел од акцизите и даноците на горивата, тутунот, алкохолот и другите штетните материи за населението).

• ***ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ*** за квалитетот, ефикасноста, протоколите, податоците и приоритетите;



13

# ЕФИКАСНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА И НЕЗАВИСНО СУДСТВО

# ЕФИКАСНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА И НЕЗАВИСНО СУДСТВО

## ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

Сосотојбата во јавната администрација веќе долго време е повеќе од драматична. СДСМ е свесен дека ова е резултат на погрешното водење политика на сите досегашни влади. За жал, степенот на партизација во јавната администрација достигна невидени размери последниве три години. Македонија мора да излезе од овој "мaѓепсан круг„ на партиски вработувања ако сакаме да одиме напред. Со партизирана и нестручна администрација не можеме да влеземе во Европската унија. Едноставно, ако нашата држава не собере сили да се фати во костец со ова прашање, ние нема да бидеме способни до крај да ги истуркаме реформите. ***ЗА НАС, ПАРТИСКАТА КНИШКА НЕ Е НИКАКОВ ДОПОЛНИТЕЛЕН КРИТЕРИУМ ЗА СТРУЧНОСТ.*** Стручноста нема и не смее да има партиска боја. Затоа, СДСМ ќе се бори за нови принципи за решавање на проблемот со јавната администрација. Ние за тоа имаме решенија и спремни сме да ги оствариме нашите заложби.

Актуелните состојби во јавната администрација се лоши и секој граѓанин го знае тоа. Голем број од нашите граѓани се директни или индиректни жртви на овие состојби. Еве ги фактите:

***ЦЕЛОСНА ПАРТИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА*** преку: вработувања во јавниот сектор врз основа на листи изготвени во партиските штабови; напредување на службениците по основ на непотизам и партиска припадност без почитување на законски утврдените критериуми за стручност и професионалност; незаконити, но реваншистички отпуштања и деградација на службениците вработени во државната и јавната администрација без никаков правен основ, без причина, без почитување на правната процедура, само заради нивната неприпадност на владеачката политичка гарнитура.

***ПОСТОЕЊЕ НА СТРАВ, ПОСЛУШНОСТ И АПАТИЈА КАЈ НАЈГОЛЕМ БРОЈ ЈАВНИ И ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ –*** стручноста, знаењето и советите на професионалците во јавната администрација немаат никакво значење. Единствен критериум за утврдување на „стручноста" на службеникот е соодветност на неговите идеи со оние впишани во политичката програма на владеачката партија. Затоа, бројни законски решенија изработени од таквите „стручни" кадри се укинати и поништени од страна на Уставниот суд на Република Македонија, а укажувањата на службениците кои добро ја познаваат својата работа остануваат неслушнати од креаторите на политиките, што во целина фрла грда сенка врз работата и ефикасноста на јавната администрација. Затоа, младите, стручни и професионални кадри од сите струки избегнуваат да работат во јавна администрација. Таа станува неатрактивно место за работа на неквалитетните и неспособните луѓе во državава.

***СИСТЕМ НА РАБОТНИ МЕСТА КОЈ СЕ ЗЛОУПОТРЕБУВА*** и извитоперува во партиски

цели: за секое работно место се распишува јавен оглас на кој може да конкурираат постоечките државни службеници вработени во органот на управата, но и секој граѓанин „од надвор", кој никогаш немал никаква допирна точка со државна или јавна служба. По правило, слободното работно место го добиваат токму таквите – „лица однадвор", кои никогаш не работеле во администрација, но имаат бројни партиски заслуги, роднински и пријателски поврзаности со одлучувачкиот политички фактор. Последните примери на масовни вработувања на јавни и државни службеници укажуваат на немање на овие луѓе допирна точка со било каков вид на служба!

***НЕСТРУЧНА И НЕПРОФЕСИОНАЛНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА:*** претходните две појави водат секако кон нестручност и неефикасност на јавната администрација. Сето ова е зајакнато и со фактот дека во државава немаме законски утврден систем на обуки на државните и јавните службеници. Тие се спроведуваат неконтинуирано, провизорно и неорганизирано. Најчесто служат за остварување на туристички цели на „избраните и од шефовите назначените" службеници. Не постои ниту посебен центар за обуки на државните и јавните службеници во државата.

***ОГРОМЕН БРОЈ ВРАБОТЕНИ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА*** на терет на буџетот на државата, а кои не решаваат административни предмети, не одлучуваат за правата и обврските на граѓаните, не вршат јавна дејност, немаат посебни стручни квалификации, туку извршуваат помошно-технички работи и претставуваат административно-технички персонал. Нивниот број е енормно голем, речиси половина, па дури и повеќе (во образованието и здравството) од бројот на стручниот кадар кој претставува вистинска јавна администрација – професори, наставници, учители, доктори, медицински сестри.

## *НАШИТЕ РЕШЕНИЈА*

СДСМ цврсто ќе опстои на ставот дека Македонија мора да направи крупни, решителни, одговорни и тешки реформи во областа на јавната администрација. Тоа клучен приоритет за нашето општество, и без храбри одлуки нашата држава не може да оди напред.

## *ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА И ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА*

Ова никако не значи дека на службениците ќе им биде забрането активно членување во било која политичка партија, здружение на граѓани, интересна група и сл. Но, нивното членство во вакви организации, нивната блискост со одредени видни политичари од власта или опозицијата, пријателските или роднинските односи со нив нема да имаат никакво влијание, ниту позитивно, ниту негативно при напредување во службата, при новите вработувања во јавниот сектор, ниту при отпуштањата и редуцирањето на јавната администрација. Политиката нема и не смее да има никакво влијание кога службеникот одлучува за правата, обврските и правните интереси на граѓаните за чие остварување е надлежна јавната администрација. Ќе се трудиме да се врати довербата на граѓаните во

јавните служби, довербата во наставниот, професорскиот, медицинскиот кадар. Довербата на обичниот граѓанин во луѓето кои седат зад шалтерите во министерствата, во фондовите, во царината, во полицијата, на патарините, на сите оние места низ кои во текот на животот мора безброј пати да поминеме, а притоа да не се чувтсвуваме фрустрирано, понижено и недостоинствено.

За да нема масовни отпуштања и нови вработувања во државната администрација со секоја смена на политичката власт ***ЌЕ ГИ ЗАОСТРИМЕ КРИТЕРИУМИТЕ ЗА МЕНУВАЊЕ НА АКТИТЕ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА*** и во овој сегмент (вработувања, напредувања, отпуштања) ***ЌЕ ЈА ЗАЈАКНЕМЕ УЛОГАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ***, наспроти улогата на политичките функционери кои раководат со органите.

Највисоките државни службеници – државните и генералните секретари во министерствата, Владата, судовите и другите државни органи и организации ќе бидат професионалци со долгогодишно позитивно искуство во државна служба, перманентни државни службеници, наспроти постојната состојба во која тие се пиони на своите министри и нивните политички партии.

Ќе формираме министерства во кои секој министер ќе има свој кабинет составен од неколку советници блиски до министерот во кои тој има најголема доверба и кои ќе го сочинуваат политичкиот дел во министерството. Сите останати вработени, ќе бидат професионалци, стручњаци, луѓе кои сакаат својата кариера да ја започнат, градат и завршат во рамките на државната служба.

Бројот на министерства и нивната поставеност кој е потполно несоодветен за нашата мала држава ќе го ревидираме и и ќе ја разгледаме можноста за намалување на бројот на министерствата.

***СИСТЕМ НА КАРИЕРА ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА.*** Не се плашиме да кажеме дека за оваа цел најпрво државната администрација треба да се прочисти од непрофесионалните и нестручните кадри. Затоа, ќе организираме испити на кои ќе им претходат општи и специфични обуки за сите државни службеници. Оние административци кои и покрај сите обуки, повеќекратно ќе покажат исклучително слаби резултати на испитите, а кои и во текот на своето работење не покажале никакви позначајни резултати, ќе мораат да ја напуштат државната служба и своето работење да го продолжат во приватниот сектор. Проверката на квалитетот, стручноста и професионалноста на службеничкиот кадар ќе се врши врз основа на строго утврдени законски критериуми, без можност за употреба на дискрециони овластувања на министрите и другите политички функционери. Системот на кариера подразбира службенички систем во кој ќе постои професионална администрација од кариера. Основна цел на секој државен службеник ќе биде да напредува по хиерархиската скала внатре во својата служба, се додека не го достигне нејзиниот врв. ***СЛУЖБЕНИЧКАТА КАРИЕРА И РАБОТАТА ВО ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ЌЕ ПРЕТСТАВУВААТ МЕСТО ЗА НАТПРЕВАР НА НАЈДОБРИТЕ СТРУЧЊАЦИ ОД СИТЕ ПРОФИЛИ. ЌЕ СОЗДАДЕМЕ УСЛОВИ***

***ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ И КОМПЕТЕНТНИ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ СО СВОЈАТА ЕКСПЕРТСКА МОЌ ДА СЕ НАМЕТНАТ НАД МИНЛИВИТЕ И МЕНЛИВИ ПОЛИТИЧАРИ.*** Нема да дозволиме на долгогодишен, успешен и стручен државен службеник напредувањето да му зависи од волјата на политичкиот функционер, ниту пак унапредувањето во повисоко звање да му биде загрозено од партиски истакнати членови кои немаат ниту еден ден службенички стаж. Секој граѓанин заинтересиран за работа во државна служба, ќе треба да ги исполни законските услови и да ја започне својата кариера од самиот почеток, од почетничките службенички звања; влезот во државна администрација ќе подрзабира влез одоздола, а искуството, знењето, образованието и компетенциите ќе овозможат вертикално движење по нагорна линија. За напредување во кариерата ќе бидат потребни соодветно образование, работно искуство, како и позитивни оцени за работењето во определен временски период. Оценувани ќе бидат не само службениците од страна на своите претпоставени, туку и претпоставените од страна на оние со кои раководат, за да се стекне целосна претстава за работењето на службата. Спроведените евалуации ќе се користат како основ за напредување, но и за деградирање кога е тоа потребно.

***ВОВЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМСКИ, КОНТИНУИРАНИ И ПЕРМАНЕНТНИ ОБУКИ НА СИТЕ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ.*** Обуката на службеничкиот кадар е од исклучително значење за формирање на мала, а сепак ефикасна и професионална јавна администрација. Во рамките на постојните институции, ***ЌЕ ФОРМИРАМЕ ПОСЕБЕН ЦЕНТАР ЗА ОБУКИ НА СЛУЖБЕНИЦИ ВО КОИ ЌЕ ЗЕМАТ СВОЕ УЧЕСТВО ВИДНИ ПРАКТИЧАРИ И ТЕОРЕТИЧАРИ, ИНСТРУКТОРИ ОД КОНСАЛТИНГ КОМПАНИИ, НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ЗЕМЈАВА И ОД СТРАНСТВО.*** Обуките ќе бидат континуирани и задолжителни. Нивната посета и верификацијата на знаењата и вештините здобиени од нив ќе бидат еден од основните критериуми за напредување во службеничката кариера. Евалуациите ќе се спроведуваат транспарентно и двонасочно: обучувачите ги оценуваат слушателите, но и слушателите ги оценуваат своите инструктори. Резултатите ќе бидат јавно достапни. Наместо туристички прошетки низ Македонија и Европа, обуките ќе бидат вистински предизвик за стекнување со нови знења, вештини и способности кои ќе го воздигнат општествениот статус на македонскиот јавен службеник, како и неговата улога во креирањето на јавните политики. Само на тој начин ќе се здобиеме со професионални, образовани и слободоумни државни службеници кои ќе умеат да му застанат на пат на секое безаконие или политиканство побарано од нив од страна на политичките функционери. Само на тој начин ќе имаме квалитетна подготовка на закони и подзаконски акти кои нема ниту да бидат напаѓани пред Уставниот суд од страна на незадоволните граѓани и експерстката јавност, ниту пак ќе претставуваат срам за јавната администрација надлежна да ги подготвува.

***ТРАНСПАРЕНТНА И ОТЧЕТНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА.*** Она што најмногу го фрустрира граѓанинот во овој момент е затвореноста на јавните служби и начинот на нивната работа, како и резултатите од неа само за одреден „елитен" круг на луѓе. Така, ниту експертската, уште помалку пошироката јавност знае за законите кои се подготвуваат во владините кабинети и по канцелариите на министерствата, за политиките од кои сме сите

ние засегнати во своето секојдневно живеење и работење, а кои се кројат конспиративно од страна на неколкумина истакнати „политички дејци" зад затворени врати. ***ГРАЃАНИТЕ НИТУ СЕ КОНСУЛТИРАНИ, НИТУ ПАК СЕ ИЗВЕСТЕНИ, ЗА ДОНЕСУВАЊЕТО НА БРОЈНИ МЕРКИ СО КОИ СЕ ЗАФАЌА ВО НИВНИТЕ ОСНОВНИ СЛОБОДИ, ПРАВА И ПРАВНИ ИНТЕРЕСИ.*** Т.н. реформи во здравството кои главно се сведоа на расцепкување и уништување на Клиничкиот центар во Скопје се изведоа во крајно нетранспарентна и неуставна постапка. Реформите во здравственото и пензиското осигурување се тотална непознаница за секој осигуреник во државава. Студентите кои студираат според европскиот кредит трансфер систем немаат ни најмала претстава за тоа кога, каде и како можат да ги користат кредитите добиени во текот на нивното високо образование, како ни зошто тие служат и постојат.

Нашите залагања се состојат во организирање на тркалезни маси, расправи и секаков друг вид на консултации со граѓаните, нивни претставници, претставници на интересни групи, невладиниот сектор, експерти од областа итн., пред да започне процесот на создавање на нов закон или позначаен подзаконски акт, како и после неговото донесување, при имплементацијата на актот. Исто така, сите акти на Собранието, Претседателот, Владата, министерствата, фондовите, органите и организациите со јавни овластувања, установите и сл. ќе бидат јавно достапни на сите начини кои ја овозможуваат широката достапност на информациите, пред се, преку објавување на веб страниците на споменатите институции. ***ОСОБЕНО ЌЕ СЕ ТРУДИМЕ ДА НЕ БИДАТ ТАЈНИ, ТУКУ НАПРОТИВ ЈАВНИ И ТРАНСПАРЕНТНО ПРИКАЖАНИ ПОДАТОЦИТЕ И ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ, КАКО И ЗА ВИДОТ НА ЗВАЊАТА ВО СЕКОЈ ЈАВЕН ОРГАН.*** Ќе ги задолжиме сите јавни органи и организации своите акти за систематизација на работните места да ги истакнат на видливи места на своите веб страници.

***ЌЕ ЈА ЗАЈАКНЕМЕ УЛОГАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР,*** нејзиниот статус и положба во правниот систем. Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер ќе настојуваме да има што поширока примена, а првите институции кои во целост ќе го спроведуваат ќе бидат Владата, министерствата и другите позначајни државни органи и организации.

## ***ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ПРАВНА ДРЖАВА***

Врвен приоритет на СДСМ е воспоставување на владеење на правото и правна држава. За жал, изминативе неколку години сме сведоци на свесен упад од страна на власта во основите на правната држава. Во Македонија деновиве не постои владеење на правото, ниту во неговата најтесна, најформална смисла. Повисоките вредности и правните правила не се почитуваат од страна на актуелната власт. Принципот на правна сигурност и одговорност на државните функционери е безвреден и нема никакво значење во актуелниот македонски политички и правен живот. Во изминатиов период Уставот и законите на Република Македонија беа грубо кршени без да се сноси одговорност за тоа. ***ПОСТОИ "ВЛАДЕЕЊЕ***

***НА ЧОВЕКОТ", А НЕ НА ПРАВОТО.*** Бројни се примерите на незаконско работење на некои државни органи. Присутно е кршење на правните норми од страна на високи функционери, а често пати и примената на уставните и правните правила варира од случај до случај. Со еден збор, во Република Македонија проблематично е и постоењето на принципот на "предвидливост на државните активности" како основно правило на правната држава. Исто така, организираниот криминал и корупцијата се на сцената на политичкиот живот. Еродиран е принципот на неповредливост на правото. Нарушен е и принципот на поделба на власта и создадена е предоминантна извршна власт која целосно ја деградира улогата на Собранието и судството. Не постои контрола на Собранието над работата на извршната власт и најголем број од носителите на власта во Република Македонија немаат смисла за одговорност, ниту волја да ја вршат функцијата во рамките на правните ограничувања

Затоа СДСМ ќе се залага и ќе работи за ***РЕВИТАЛИЗИРАЊЕ НА ИЗУМРЕНАТА ПРАВНА ДРЖАВА И ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО.***

***ЗА ТАА ЦЕЛ, СДСМ :***

- ќе воспостави одговорна власт која ќе работи врз основа на правните правила и принципи

- ќе воспостави правна сигурност за сите граѓани на Република Македонија

- ќе се залага за доследно почитување на начелото на поделба на власта и враќање на дигнитетот на Собранието како претставник на граѓаните на Република Македонија

## ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Република Македонија се наоѓа во ситуација на грубо кршење на човековите права. Не постојат ефикасни инструменти за заштита на човековите права затоа што постоечките институции се под политички притисок првенствено да ги штитат интересите на државата и власта, а не на индивидуите. Затоа воспоставувањето на ефикасни инструменти за заштита на човековите права е приоритет од врвно значење за СДСМ. Без вакви инструменти човековите права се само ветувања без можност за остварување.

Свесни дека степенот на успех на институциите што ги штитат човековите права зависи од бројни правни, политички, финансиски и општествени фактори кои влијаат на овие институции, ***СДСМ ЌЕ РАБОТИ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВИЕ ПРЕДУСЛОВИ:***

- ***ДЕМОКРАТСКА ВЛАСТ;***
- ***НЕЗАВИСНОСТ НА СУДСТВОТО, НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ И УСТАВНИОТ СУД ОД ЗАКОНОДАВНАТА И ИЗВРШНАТА ВЛАСТ И ОДНЕСУВАЊЕ НА ВЛАСТА НА НАЧИН КОЈ ЌЕ ЈА ОВОЗМОЖИ И ЗАЈАКНЕ НИВНАТА ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА;***
- ***ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПОЛОЖБАТА И НАДЛЕЖНОСТА НА ОВИЕ ИНСТИТУЦИИ;***

- ***ДОСТАПНОСТ НА ОВИЕ ИНСТИТУЦИИ ДО ЈАВНОСТА;***
- ***ПОДОБРУВАЊЕ НА СОРАБОТКАТА НА ОВИЕ ИНСТУТУЦИИ СО ОСТАНАТИТЕ ОРГАНИ;***
- ***ЕФИКАСНОСТА НА НИВНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ;***
- ***ОДГОВОРНОСТА НА ИНСТИТУЦИИТЕ;***
- ***ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТОТ И КРЕДИБИЛИТЕТОТ НА ЛИЧНОСТИТЕ КОИ СЕ НА ЧЕЛО НА ОВИЕ ИНСТИТУЦИИ;***
- ***ГРАДЕЊЕ НА КРЕДИБИЛИТЕТ НА ОВИЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ОЧИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ.***

Свесни за потребата од градење свест за човековите права, ***СДСМ ЌЕ БИДЕ ПРОМОТОР НА "СВЕТОСТА" НА ЧОВЕКОТ,*** а не на власта во Република Македонија и ќе ги подобрува техниките за унапредување на човековите права, техники кои имаат потенцијал да создадат зголемен ризик за оние кои се обидуваат да ги кршат човековите права и зголемени можности за да се чуе гласот на оние кои се грижат за човековите права.

## ***ВО ИЗМИНАТИОВ ПЕРИОД ОДРЕДЕНИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА БЕА ГРУБО КРШЕНИ, МЕЃУ КОИ СЕ:***

***1) ПРЕЗУМПЦИЈА НА НЕВИНОСТ*** - МВР приведуваше и "осудуваше". Не се почитуваше правилото дека обвинетиот е невин се додека неговата вина не се докаже со правосилна судска пресуда. Во моментот на приведувањето обвинетите се третираа како нивната вина да е дефинитивно утврдена. Имавме можност да гледаме снимки на приведување без да се заштити идентитетот на приведените.

***2) ПРАВОТО НА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВОТО ДОСТОИНСТВО -*** јавноста имаше можност да гледа полициски снимки на апсења на кои полицијата упаѓа на сред ноќ во домовите на граѓаните. Високи партиски функционери даваа навредливи изјави за поединци вршејќи притисок за нивно замолчување.

***3) ПРАВОТО НА СЛОБОДА -*** притворот се користеше како казна, а не како превентивна мерка. Судот го изрекуваше во случаи во кои беа вмешани лица од опозицијата или други неподобни луѓе за власта, а во ситуации кога немаше реални законски основи за тоа.

***4) ПРАВОТО НА СОБИРАЊЕ*** - власта не го обезбедуваше уставното правото на граѓаните на јавно собирање, кое е основа на демократијата, туку директно беше вмешана во спречување на јавното собирање и вршење притисок и прогон на лицата кои учествуваа на јавни собири на кои се изразуваше мислење поинакво од она на владеачката партија.

***5) ПРАВОТО НА ПРАВНА СИГУРНОСТ -*** честото менување на законите без претходно обмислување на концептот на законско регулирање ја нарушуваше правната сигурност на граѓаните. Исто така правните норми се применуваа поинаку на партиските војници, а поинаку на останатите граѓани.

***6) ИЗБРИРАЧКО ПРАВО -*** после 18 години самостојност Република Македонија сеуште не обезбеди фер и демократски избори на кои граѓаните слободно и непречено ќе си го

остварат избирачкото право. На изборите организирани од актуелната власт врз граѓаните се вршење силен притисок при остварувањето на нивното избирачко право. За жал, присутно беше и семејното гласање и гласањето во име на друг.

***7) СЛОБОДА НА МЕДИУМИ - ПРАВО НА ИНФОРМИРАЊЕ-*** Правото на информирање на граѓаните не се остварува во Република Македонија. Најголемиот број медиуми се под притисок на цензура, рестриктивно, необјективно и навивачко информирање, како и најгруба пропаганда во интерес на владеачката партија. Корупцијата во медиумите и користење на државни пари за партиска кампања и пропаганда се уште еден знак за враќањето на авторитарните практики во Република Македонија.

***ПРАВНАТА ДРЖАВА И ПОЧИТУВАЊЕТО НА ПРАВАТА НА ЧОВЕКОТ СЕ ПРЕМНОГУ ЗНАЧАЈНИ ЗА ДА БИДАТ ОСТАВЕНИ НА ЦЕДИЛО ОД БИЛО КОЈА ВЛАДЕАЧКА СТРУКТУРА. СДСМ ЌЕ ОТВОРИ ШИРОК ФРОНТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИДОБИВКИТЕ ОД ПРАВНАТА ДРЖАВА. ВО ИМЕ НА ПРАВАТА И СЛОБОДИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ, НИЕ ЌЕ НАПРАВИМЕ ИЗМЕНИ ВО ДЕСЕТИНА КЛУЧНИ ЗАКОНИ КОИ ГИ ЗАГРОЗУВААТ ТЕМЕЛИТЕ НА ПРАВНАТА ДРЖАВА. ЗА СЛОБОДАТА НЕ СЕ ПРЕГОВАРА, НЕА ЈА ИМА ИЛИ ЈА НЕМА!***

## *НЕЗАВИСНО СУДСТВО*

Во Република Македонија правото е подредено на политиката, особено во администрацијата и судството, чија улога во правниот поредок и општеството е потценета. Судството во Република Македонија се соочува со невидена партизација и политички притисоци кои го оневозможуваат да се наметне како чувар на човековите права. Затоа ***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВЕЌЕ ДВЕ ГОДИНИ ДОБИВА КАТАСТРОФАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ОД ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ВО ОБЛАСТА НА СУДСТВОТО!***

За жал, само законите, не можат да ја обезбедат независноста на судовите. Реализирањето на правните реформи кои се однесуваат на институционалните гаранции на независноста на судството, не е доволно за постигнување на независноста, туку е потребно градењето на правна држава, владеење на правото и конституционализам во кој судството ќе биде чувар на човековите права, како средство за ограничување на власта. Потребна е и волја на владеачката партија да му овозможи на судството слободно и независно да ја остварува својата функција. Затоа, и покрај уставните и законските реформи, во Република Македонија не постои независно судство. Сегашниот Судски совет, наместо чувар на судската независност, претставува сервис на извршната власт и владеачката партија.

Министерот за правда се наметна над Судскиот совет и го стави овој орган во функција на Владата. За жал, она што не претставува проблем во земји со етаблирани демократски системи, кај нас придонесе за изигрување на декларираните цели на реформата на судството, заради неограничените апетити на извршната власт за доминација во сите

сфери на општеството, од една страна, и нефункционирањето на ефикасни механизми за ограничување на извршната власт.

Партиската доминација во Судскиот совет влијае врз партизацијата на процесот на избор на судии. Познати се и случаи на отворен притисок врз судиите од страна на извршната власт за конкретни судски предмети.

***СДСМ:***

- ***ЌЕ ГО ОСЛОБОДИ СУДСТВОТО ОД ПАРТИСКИ ВЛИЈАНИЈА И ПРИТИСОЦИ;***
- ***ЌЕ ЈА ПРЕИСПИТА УЛОГАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА ВО СУДСКИОТ СОВЕТ***
- ***ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА НА СУДСКИОТ СОВЕТ***
- ***ЌЕ ОБЕЗБЕДИ ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА ЈАСНИ И ПРЕЦИЗНИ КРИТЕРИУМИ И МЕРИЛА ЗА ИЗБОР И НАПРЕДУВАЊЕ НА СУДИИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА НИВНИОТ КВАЛИТЕТ, ЗНАЕЊЕ, ПРОФЕСИОНАЛНОСТ И СТРУЧНОСТ, А НЕ ВРЗ ОСНОВА НА БЛИСКОСТ СО ОДРЕДЕНА ПАРТИЈА ИЛИ ЛИЦА ВО ПАРТИЈАТА***
- ***ЌЕ СЕ ОБЕЗБЕДАТ ПРЕЦИЗНИ ЗАКОНСКИ ОСНОВИ, ОДНОСНО КРИТЕРИУМИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА НЕСОВЕСНИТЕ И НЕСТРУЧНИ СУДИИ***
- ***ЌЕ СОЗДАВА ТЕХНИЧКИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА ЕФИКАСНА И КВАЛИТЕТНА РАБОТА НА СУДСТВОТО***
- ***ЌЕ СОЗДАВА УСЛОВИ ЗА ПОСТОЈАНА ЕДУКАЦИЈА НА СУДИИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА***
- ***ЌЕ ГИ ПОДОБРИ ПРАВНИТЕ ОСНОВИ ЗА ЕФИКАСНО СУДСТВО.***

***ПАРТИЗАЦИЈАТА ВО СУДСТВОТО Е РАК-РАНА НА НАШЕТО ОПШТЕСТВО. ЗАВИСНО СУДСТВО СОЗДАВА НЕСИГУРНИ И УПЛАШЕНИ ГРАЃАНИ, ГИ ОДВРАЌА ДОБРОНАМЕРНИТЕ ИНВЕСТИТОРИ И ГИ КОЧИ СИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ДРЖАВАТА. НИЕ ЌЕ НАПРАВИМЕ ОД СУДСТВОТО СТОЛБ НА МАКЕДОНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА И БЕСКОМПРОМИСНО ЌЕ СЕ БОРИМЕ ЗА РАДИКАЛНО И ТРАЈНО РЕШАВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОВАА СФЕРА. ТОА ЌЕ БИДЕ НАШИОТ ВЛОГ ВО ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ!***



14

# БЕЗБЕДНОСТ И НАТО ИНТЕГРАЦИИ -ДА ЖИВЕЕМЕ ВО СИЛНА И БЕЗБЕДНА МАКЕДОНИЈА!

## *БЕЗБЕДНОСТ И НАТО ИНТЕГРАЦИИ – ДА ЖИВЕЕМЕ ВО СИЛНА И БЕЗБЕДНА МАКЕДОНИЈА!*

Денес кога заканите и ризиците на глобално ниво добиваат на својата универзалност и непредвидливост, а националната, регионалната и глобалната безбедност и соработка се испреплетуваат, Република Македонија е исправена пред предизвик, но и историска шанса трајно да ги затвори прашањата на сопствената национална безбедност и одбрана. Соочени со предизвиците на новото време свесни сме дека неделивоста на безбедноста добива секојдневна потврда, а изградбата на заеднички безбедносни политики станува неопходна потреба. Затоа, за нас, цврстата заложба и непоколебливата определба својата иднина да ја градиме заедно со другите членки на НАТО со кои ги споделуваме евроатланските вредности нема алтернатива.

Заштитата на темелните вредности на македонското општество и неговите институции, зачувувањето на независноста, суверенитетот и територијалниот интегритет, како и заштитата и унапредувањето на мирот и безбедноста, животот и здравјето, имотот и личната безбедност на граганите и мирниот и хармоничен развој на мултиетничкото општество се врвен приоритет за СДСМ,

Заштитата на темелните демократските вредности е неможна без соодветна безбедносна и одбранбена политика која ке биде поставена врз демократски принципи и начела, во која, во центарот на вниманието е поставен човекот, заштитата и почитувањето на основните човечки права и слободи, како и легалитет и легитимитет во постапувањето на безбедносните органи.

За жал, изминативе неколку години сме сведоци на политиката  на актуелната гарнитура на власт која со своите секојдневни постапки и однесување отвора бројни прашања, вклучувајки го и прашањето за  искреноста на јавно декларираните заложби за подготвеност за реализација на стратешките определби за интеграција во евроатланските и европските структури. Сето тоа може да нанесе непоправливи штети и да ги доведе во прашање важните, виталните и трајните национални безбедносни и одбранбени интереси на Република Македонија.

***ЗАТОА, НА МАКЕДОНИЈА И ТРЕБААТ ЧИСТИ СМЕТКИ И ИСКРЕНОСТ ПРИ ВОДЕЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСНАТА ПОЛИТИКА! НА МАКЕДОНИЈА И ТРЕБА ВЛАСТ КОЈА БРЗО ЌЕ НЕ ВНЕСЕ ВО НАТО И ЌЕ ГИ ОСИГУРА ИДНИТЕ ПОКОЛЕНИЈА!***

## НАТО ИНТЕГРАЦИЈА И РЕФОРМИ ВО ОДБРАНАТА

Почитувајќи го ставот на повеќе од 90% од граѓаните на Република Македонија, како и потребата за трајно решавање на стабилноста и безбедноста на државата, СДСМ се залага за брз прием на Македонија во НАТО.

Република Македонија не смее да се откаже од стратешката цел да се интегрира во НАТО. Тоа не е прашање на избор на која било владејачка гарнитура, тоа мора да биде врвен приоритет на СЕКОЈА власт во Република Македонија. Ние сме убедени дека промовирањето и ефикасната реализација на нашите стратешки цели за Република Македонија како стабилна, просперитетна и демократска држава најефектно може да се оствари со полноправно членство во овој колективен безбедносен систем затоа што ја споделуваме неговата безбедносна филозофија и вредностите врз кои се обединети неговите членки. Речиси целиот наш регион е веќе во НАТО, и ние не можеме да ги негираме или минимизираме овие процеси. Притоа, ***НАТО НЕ ЗНАЧИ САМО БЕЗБЕДНОСТ И ЗАЧУВУВАЊЕ НА НАШИТЕ ГРАНИЦИ, ТУКУ И НАЈСТАБИЛНА ОСНОВА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРОСПЕРИТЕТ И СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ.*** Примерот со Албанија и Хрватска и инвестицискиот прогрес во овие држави во изминативе години јасно го покажува тоа.

***МАКЕДОНИЈА - ЧЛЕНКА НА НАТО, ЗНАЧИ БЕЗБЕДНА И БОГАТА МАКЕДОНИЈА!***

Република Македонија од 2006 година наваму ја загуби лидерската улога на планот на одбраната и безбедноста во регионот на ЈИЕ. Нашата земја која во периодот пред тоа беше препознавана како иницијатор и главен актер на бројни активности на регионален план, државата која во 2002-та ја иницираше Јадранската повелба, претседаваше со Процесот за соработка во Југоисточна Европа и која беше промотор на значајни активности во рамките на СЕДМ процесот и Пактот за стабилност, ниту во 2009-та не стана членка на НАТО и се најде во ситуација да заостане во интегративните процеси зад другите држави. Во секторот одбрана кој до 2006 година беше предводник на успешните реформски активности на државата, во последните три години застојот во предвидените реформи е повеќе од очигледен. Несериозниот однос на Владата најмногу е видлив во сферата на финансирањето на одбраната каде што сме сведоци на ***ТРИГОДИШНО КОНТИНУИРАНО СКРАТУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА***. Имено, буџетот на ова министерство, чијшто износ е деклариран во стратешките документи усвоени во Парламентот на РМ и е во согласност со НАТО стандардите (2.3%-2.6% од БНД), три години по ред со ребаланс, на предлог на Владата, се намалува без логично објаснување и образложение. Како последица на ова, буџетот на одбраната од проектираниот износ е сведен на износ од околу 1,9% од БНД што неминовно доведе до пореметување на односот на буџетските категории за персонал, за обука и операции и за опрема и модернизирање, а кој е прецизно утврден со усвоените стратешки документи за национална безбедност и е во целосна согласност со стандардите на Алијансата. Со тоа Владата прави преседан и директно ги руши основите на системот за повеќегодишно планирање, програмирање

и извршување на буџетот, воспоставен согласно практиката со буџетите за одбрана на развиените западни земји.

Истовремено, значајни буџетски средства се префрлуваат на буџетот на МВР, односно УБК. Таквата тенденција, лимитираните ресурси за одбрана без предходно добро осмислен концепт за пренасочување кон Министерството за внатрешни работи прави дебаланс во системот на внатрешната безбедност и создава основа за ***МИЛИТАРИЗАЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА ЧИЈ КРАЕН ЕФЕКТ МОЖЕ ДА БИДЕ ПОТКОПУВАЊЕ НА ТЕМЕЛИТЕ НА ДЕМОКРАТСКИОТ ПОРЕДОК.*** Воедно праќа лоша порака кон стратешките партнери за искреноста и сериозноста за реализација на декларираната стратешка определба за полноправно членство во НАТО и за посветеноста на исполнување на сите услови за интеграција, вклучително и реформите во одбраната и АРМ.

***НАМ НИ ТРЕБА СИЛНА АРМИЈА ЗА БЕЗБЕДНА МАКЕДОНИЈА! НАМ НЕ НИ ТРЕБААТ ЛАЖНИ ФАЛАНГИ КОИ НЕ ВРАЌААТ ВО МИНАТОТО И СЛУЖАТ ЗА ПОТСМЕВ КАЈ НАШИТЕ МЕЃУНАРОДНИ ПАРТНЕРИ.***

## НАШИТЕ РЕШЕНИЈА

СДСМ ќе го врати процесот на НАТО интеграција на врвот на приоритетите на Република Македонија. Во таа насока, ние ќе промовираме голем број проекти и ќе предложиме нови идеи за побрз прием на Македонија во НАТО, но и за ефикасна реализација на реформските зафати откако ќе станеме членка на НАТО. СДСМ отсекогаш бил лидер во оваа област. Затоа, ***НУДИМЕ ДОЛГОРОЧНА ВИЗИЈА ЗА ТРАЈНО СТАБИЛИЗИРАЊЕ НА НАШАТА ДРЖАВА.***

## НАШИТЕ ПРИОРИТЕТИ СЕ:

- Натамошен развој на системот на одбраната кој треба да биде оспособен за одбрана на земјата, заштита на независноста и територијалниот интергритет во мир, кризи, и кризни ситуации, вонредна и воена состојба.
- Подготвеност за операции за поддршка на мирот и хуманитарна помош, помош во операции на превенција, задржување и решавање на кризи и конфликти и придонес во напорите за справување со хуманитарни кризи и катастрофи.
- Подигање на капацитетите за придонес во силите во состав на НАТО, во операциите предводени од НАТО, ООН, ЕУ или од друг магународно договорен аранжман.
- Трансформација на АРМ со зголемување на распоредливите капацитети поддржани со одржливи капацитети за борбена и сервисна поддршка. Обезбедувањето континуирана и кредибилна поддршка на трансформацијата на АРМ и обезбедувањето функционален систем на планирање, програмирање, буџетирање ке биде на врвот на

листата на приоритетите.

- Зголемени активности за унапредување на процесите на одбранбено планирање од страна на МО, менаџирање со човековите ресурси, модернизирање на АРМ според стандардите на Алијансата и зголемување на оперативната способност.

***СОРАБОТКАТА СО НАТО И ПОСТИГНУВАЊЕТО ПОЛНОПРАВНО ЧЛЕНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО АЛИЈАНСАТА ПРЕТСТАВУВА НАША СТРАТЕШКА ЗАЛОЖБА И ВРВЕН ПРИОРИТЕТ***. Во делот на одбранбените реформи и учеството во меѓународни мисии предводени од НАТО, Република Македонија во изминатите години успеа преку суштинска трансформација на Армијата и армиските структури да се профилира како ***ПОЧИТУВАН ВОЕН ПАРТНЕР НА АЛИЈАНСАТА***, за што доби највисоки оценки од НАТО. Сепак, и покрај, генерално позитивните оценки, факт е дека Република Македонија мора да се концентрира на доисполнување на критериумите кои подеднакво се бараат и од НАТО и од ЕУ. Во процесот на интегрирање, приоритетни области се: целосно спроведување на Рамковниот договор, реформи во судството, реформи во полицијата со мерки за спречување на политизацијата на полициските кадри. Воедно, со несмалено темпо треба да продолжат реформските активности во одбраната, реализацијата на тековните и подготовката на новите циклуси на Акциониот план за членство.

За СДСМ, распределбата на средства за потребите на одбраната на земјата треба да се врши во согласност со економските потенцијали на стопанството и повеќегодишните обврски предходно преземени спрема нашите надворешни партнери. Тие обврски се преземени во име на Република Македонија како држава, а не во име на некоја партија или коалиција на власт. Државата мора да ги почитува предходно преземените обврски ако сака да биде почитувана и третирана од останатите како рамноправен партнер и соговорник.

## ***ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО - ГАРАНЦИЈА ЗА ВЛЕЗ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ!***

***ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО НЕ ПРЕТСТАВУВА САМО БЕЗБЕДНОСНА ПРИДОБИВКА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА СЕГМЕНТИТЕ ВО ДЕМОКРАТИЈАТА, ТУКУ ПРЕТСТАВУВА ОДЛИЧНА ОСНОВА ЗА ПОДГОТОВКА И ЗАЖИВУВАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА ВО ЗЕМЈАТА.*** Со зачленувањето во НАТО се испраќа силен сигнал до останатите земји и потенцијални инвеститори дека се работи за сигурен (безбедносен и економски) пазар. СДСМ ке се ангажира на воспоставување на општи економски предуслови за реализација на придобивките од членството во НАТО со што ке се прикаже позитивниот имиџ на земјата како сигурна економска дестинација. Во тој контекст, СДСМ е подготвен, во пресрет на добивањето покана за членство во НАТО, за отворање процес на подготовки на соодветен број претставници оспособени за вклучување во работата на околу 400 нови

комитети, поткомитети и работни групи во кои ќе учествува земјата како полноправна членка. Воедно, ќе биде формирано тело со кое раководи МО надлежно за едукација и спроведување на НАТО стандардите, а со цел олеснување на ***МАКЕДОНСКИТЕ КОМПАНИИ ПОУСПЕШНО ДА УЧЕСТВУВААТ НА ТЕНДЕРИТЕ СПРОВЕДЕНИ ОД СООДВЕТНИТЕ ТЕЛА НА АЛИЈАНСАТА***. Најголем е интересот за Комитетот за инфраструктура, Комитетот за воен буџет, Комитетот за цивилен буџет и Високиот комитет за ресурси низ кои практично се финансираат сите тековни активности на Алијансата, командната структура, цивилните и воените сегменти и капиталните инвестиции. ***ДА НЕМАМЕ ДИЛЕМИ: НЕМА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ ДОКОЛКУ ДРЖАВАТА НЕ Е БЕЗБЕДНА!***

Паралелно со активностите на генерален план, во областа на одбраната ***СДСМ СЕ ЗАЛАГА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА СЛЕДНИТЕ КОНКРЕТНИ АКТИВНОСТИ:***

## *1. ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ РЕФОРМСКИ ЗАФАТИ ВО АРМ И МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА*

- Континуирана реорганизација на АРМ и усвојување нова структура на силите согласно новите предизвици и потреби преку донесување и усвојување соодветни концепти.
- Следење, донесување и измена на стратешките документи за реформите во одбранбениот сектор согласно НАТО стандардите и новите предизвици и потреби.
- Обезбедување на сите потребни материјално-технички ресурси и средства за нормално функционирање на АРМ согласно определениот буџет .
- Согласно динамичните планови, реализација на подготовката на средниот пешадиски баталјон за потребите на нашите воени мисии како и баталјонската борбена група.
- Континуирана реорганизација и преструктурирање на МО согласно НАТО стандардите.
- Ефикасна реализација на планот за дивестирање на несуштинските објекти на МО и АРМ.
- Координација на МО и сите цивилни субјекти инволвирани во дивестирањето на несуштинските објекти на МО и АРМ – државни органи, институции и органи на локалната самоуправа.
- Потреба за измена и дополна на законската регулатива околу ефикасната реализација на планот за дивестирање на несуштинските објекти.

## 2. УЧЕСТВО НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ВОЕНИ МИСИИ

- Професионална подготовка, обука и обезбедување на потребните ресурси на припадниците на АРМ – учесници во меѓународните воени мисии и нивните единици од сите аспекти, со посебен акцент на социјалниот, здравствениот и безбедносниот аспект на припадниците на АРМ.
- Осигурување на припадниците на АРМ, учесници во меѓународните воени мисии од безбедносните ризици – понуда на нов концепт за решавање на ова прашање.
- Решение за ресоцијализација и реафирмација на припадниците на АРМ, учесници во меѓународните воени мисии и нивните семејства по завршувањето на ротациите во мисиите.

## 3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БУЏЕТ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОДБРАНБЕНИОТ СЕКТОР И ФИНАНСИРАЊЕ НА ОДБРАНАТА СОГЛАСНО НАТО СТАНДАРДИТЕ

- Дециден став за доделување на буџетските средства за потребите на одбраната во висина од 2.3% до 2.6% од БНП.
- Обезбедување финансиска структура и средства потребни за покривање и зголемување на трошоците на нашите мисии во странство, пред се во Авганистан, БиХ, Либан и предвидените мисии во рамките на ЕУ.

## 4. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КАДРИТЕ ВО МО И АРМ

- Реализација на планот во делот на персоналниот менаџмент за вработување на професионални војници во АРМ – припадници на етничките заедници.
- Создавање услови за професионална и континуирана обука и образование на вработените во МО и АРМ со цел напредување во кариерата, како и ефикасна систематизација на работните места во МО.
- Интензивирање на активности околу имплементацијата на Проектот за продолжување на кариерата на пензионираниот воен персонал.

## 5. ПРОГРАМА ЗА РЕШАВАЊЕ НА СТАНБЕНОТО ПРАШАЊЕ НА ПЕРСОНАЛОТ ВО АРМ И МО

- Елаборација на конкретни предлог-идеи околу дефинирањето на станбената политика во АРМ – можност за изградба на станбени објекти за потребите на воениот персонал во АРМ во услови на постоечка инфраструктура и соодветно земјиште за

изградба на станбени единици во владение на МО и АРМ.

- Понуда на решение кое ќе биде оправдано и прифатливо за вработените во АРМ и тоа и од социјален и од финансиски аспект. Овој проект треба да овозможи и понуди подолгорочно решавање на станбениот проблем на вработените во АРМ:

1. изградба, уредување и опремување на станбени комплекси во рамките на касарните, т.н. „американски стил“;
2. изградба, уредување и опремување на станбени комплекси во урбани средини со т.н. „службени станови“.

## 6. ВОЕНА АКАДЕМИЈА

- Проект – регионализација на военото образование, организирање и реализација на институција за продуцирање воен персонал по стандардите на НАТО на регионално ниво.
- Промоција на модел за продукција на офицерски персонал во Воената академија за потребите на АРМ и МО со стручно доусовршување по завршување на високото образование на некои од постоечките високообразовни институции во земјата, како и моделот на школување на офицерски кадар за потребите на АРМ и МО надвор од земјата, на воените академии во земјите - членки на НАТО.

## 7. ВОЕНА БОЛНИЦА И ВОЕНО ЗДРАВСТВО

- Исполнување на партнерските цели – постигнување на ниво ROLE 1 и ROLE 2, подготвеност и одржување на потребниот медицински персонал за потребите на нашите воени и цивилни мисии надвор од државата.
- Персонален аспект - обезбедување на статусот и потребниот стандард на вработените во Воената болница во рамките на јавното здравство.
- Зачувување на инфраструктурата и ресурсите на Воената болница за потребите на јавното здравство.

## ВНАТРЕШНА БЕЗБЕДНОСТ И РЕФОРМИ ВО ПОЛИЦИЈАТА

За нас, безбедноста на нашите граѓани е предуслов за нормален, здрав и спокоен живот. Безбедноста не се потпира на сеење страв кон сопствениот народ, туку на почит кон институциите и лична и колективна одговорност во спроведувањето на законите. ***НАШИТЕ ГРАЃАНИ НЕ САКААТ ДА ЖИВЕАТ ВО СТРАВ!*** За нив, безбеден и спокоен живот не значи постојана грижа за тоа дали некој ги прислушкува, дали нешто и згрешиле на партијата на власт, дали ќе осамне утрото, а тие ќе бидат спроведени пред телевизиски камери во судот.

Во областа на безбедноста и внатрешните работи состојбите се загрижувачки во подолг временски период. Министерството за внатрешни работи, наместо сервис и столб на сигурност и верба од страна на граѓаните, се претвори во груба партизирана структура, со двојни аршини, засновани врз еден и единствен критериум: партиската книшка! Оваа лоша практика, која се провлекуваше низ сите влади во изминативе години, мора да престане. Полицијата нема да ја врати довербата кај граѓаните со грубо кршење на законите и постапките. Полицијата нема да го подобри својот углед преку промовирање на партиската хиерархија. Полицијата има една и единствена можност да стане столб на сигурноста и безбедноста во нашето општество: преку ***ДЕПАРТИЗАЦИЈА, ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА И ЈАСНИ ПРАВИЛА НА ИГРА.*** Ние имаме решенија за овие проблеми. Ние сакаме да ја вратиме довербата кај граѓаните за полицијата да биде блиска до народот и одговорна пред законите. ***МАКЕДОНИЈА МОРА ЦВРСТО И ОДГОВОРНО ДА СЕ ОСЛОБОДИ ОД ТОВАРОТ НАРЕЧЕН „ПАРТИЗИРАНА ПОЛИЦИЈА“.*** За СДСМ, тоа ќе биде еден од врвните приоритети во оваа област. Сакаме и решени сме тоа да остане нашиот траен влог за иднината на следните генерации. Бидејќи полицијата е на сите граѓани, таа не смее да има партиска ниту етничка боја. Таа не смее да биде сфатена како фамилијарен бизнис. Таа мора еднакво да ги гледа и Јован, и Бесим, и Касум и Воислав. ***САКАМЕ ПОЛИЦИЈА ВО СЛУЖБА НА НАРОДОТ, НЕ ЗА НЕКОЛКУМИНА, НЕ ЗА МНОЗИНСТВОТО, ТУКУ ЗА СИТЕ.***

Изминативе неколку години, бевме сведоци дека наместо забрзани реформи и исполнување на критериумите за подемократска, блиска до народот и модерна полиција во согласност со меѓународните норми и добри практики, нашата полиција бележи сериозен реформски дисконтинуитет проследен со ***ЦЕЛОСНА ПАРТИЗАЦИЈА НА ПОЛИЦИСКИТЕ СТРУКТУРИ***, злоупотреба на законските овластувања и специјалните мерки и привидна борба против корупцијата и организираниот криминал со секојдневни медиумски спектакли во форма на директни преноси од приведувања.

Дисконтинуитетот во реформските активности на МВР е присутен во речиси

сите области. Бројни се забелешките, нотирани во годишните извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, кои се однесуваат на напуштањето на првично усвоениот концепт за реформа на полицијата, доцнењето на  спроведувањето на Стратегијата за менаџирање на човечки ресурси, необезбедениот развој на кариерата заснован на заслуги и оценување, политизацијата на полицијата, недоволната соработка помеѓу јавните обвинители и криминалистичката полиција на регионалните полициски сектори, слабиот вкупен административен капацитет во спречувањето на трговија со луѓе, како и проблемот со организираниот криминал кој останува сериозен проблем и недостатокот во судскиот и парламентарен надзор врз Управата за безбедност и контраразузнавање.

Целосната политизација на полицијата со промовирањето на партиски кадри без соодветно или никакво работно искуство резултираше со ставање на овој важен државен сегмент целосно во функција на чисто партиските интереси на владејачката коалиција. Сите сме свесни дека таквата партизирана полиција не може да спречи изборни нерегуларности, не сака да спречи тепање на студентите по архитектура на скопскиот плоштад, не е подготвена да спречи инцидент мегу навивачка група и месно население со потенцијал за предизвикување мегуетнички конфликт, и нема капацитет да спречи вооружен грабеж среде бел ден во центарот на главниот град на земјата. Ние сме свесни за тоа, но свесна е и меѓународната заедница. Затоа, нашата држава во континуитет добива сериозни забелешки по ова прашање. Да не заборавиме дека делот од Извештајот на Европската комисија (ноември 2008) во врска со изборите нагласува дека полицијата "не успеа да ги спречи и соодветно да одговори на сериозните инциденти за време на изборната кампања и на денот на изборите", дека "одредени единици беа активно вклучени во нерегуларностите додека други беа несовесни", што се должи на "политизацијата на повисоките полициски службеници во овие региони, како што беше забележано од страна на набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР. Во овој поглед Законот за полиција не се почитуваше".[1]

Изминативе години исто така се соочивме со грубо законско проширување на основите за употреба на специјалните истражни мерки од страна на МВР во целосно нетранспарентна процедура. Со експресното донесување на бројните значајни новини во правниот систем, без законски обврзувачката соодветна стручна, политичка и јавна расправа и често без суштинска парламентарна дебата, се врши ***СЕРИОЗЕН УПАД ВО ДЕМОКРАТСКИОТ МОДЕЛ НА ЗЕМЈАТА.*** Со измените во ЗКП (член 142-б), на Законот за следење на комуникациите (член 8) и последните измени во Законот за внатрешни работи (член 23) практично се овозможува ***ПРИСЛУШКУВАЊЕТО ДА СТАНЕ ПРАВИЛО, А НЕ ИСКЛУЧОК ВО ПОСТАПКАТА ЗА СОБИРАЊЕ ДОКАЗИ.*** Содржината на новите одредби претставува основа за потенцијален атак врз правната сигурност и основните човекови

1 ***ИЗВЕШТАЈ ЗА НАПРЕДОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2008, Брисел, 5 ноември 2008 г., СЕЦ (2008) 2695;***

права и слободи, посебно ако се има предвид отсуството на контролата на законитоста и можноста за злоупотреби при примената на мерките за следење на комуникациите. Експертската јавност не беше консултирана за овие суштински промени.

***ВИСТИНСКАТА БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА СЕКОГАШ ЗАПОЧНУВА И ЗАВРШУВА СО БОРБА ВО СОПСТВЕНИТЕ РЕДОВИ, МЕЃУ НОСИТЕЛИТЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ФУНКЦИИ. НО ВО ИЗМИНАТИТЕ ТРИ ГОДИНИ НОСИТЕЛИТЕ НА ВЛАСТА УПОРНО НЕ УБЕДУВААТ ДЕКА КРИМИНАЛОТ ПОСТОИ САМО КАЈ ДРУГИТЕ, ДОДЕКА ТИЕ, СПОРЕД СОПСТВЕНАТА ПРОПАГАНДА - СЕ БЕЗГРЕШНИ. ТАКВОТО ПРАКТИКУВАЊЕ НА ВЛАСТА НЕ ПРЕТСТАВУВА БОРБА ПРОТИВ КРИМИНАЛОТ, ТУКУ ЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА СОПСТВЕНИТЕ БИЗНИС И ПАРТИСКИ ИНТЕРЕСИ. НАШАТА ДРЖАВА МОРА ДА СЕ СООЧИ СО ОВОЈ ПРОБЛЕМ. И ДА ГО РЕШИ НА НАЈЕФИКАСЕН МОЖЕН НАЧИН. СДСМ ИМА РЕШЕНИЈА ЗА ВАКВИТЕ СОСТОЈБИ.***

***НАШИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА СЕ ТЕМЕЛАТ НА 4 КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ:***

- ***ЦЕЛОСНА ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА И ДЕПАРТИЗАЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА;***
- ***КОМПЛЕТНО РЕФОРМИРАН СИСТЕМ НА ТАЈНИ СЛУЖБИ;***
- ***ПРИСЛУШКУВАЊЕТО ДА БИДЕ ИСКЛУЧОК, А НЕ ПРАВИЛО;***
- ***СИСТЕМ НА ЦИВИЛНА КОНТРОЛА ВРЗ БЕЗБЕДНОСНИТЕ СЛУЖБИ И ВОВЕДУВАЊЕ НА Т.Н. ПОЛИЦИСКИ ОМБУДСМАН.***

Во остварувањето на овие приоритети, СДСМ многу ќе внимава тие да бидат поставени врз демократски принципи и во функција на заштита на внатрешната безбедност и јавниот мир. Притоа, во секој реформски зафат, во центарот на нашето вниманието ќе биде човекот, заштитата и почитувањето на основните човечки права и слободи, како и легалитет и легитимитет во постапувањето на безбедносните органи. Реализацијата на ваквите заложби е невозможна без активно учество на сите елементи на системот на безбедноста во заштитата на внатрешната безбедност и без зајакнување на капацитетите на компетентните безбедносни структури со акцент на професионализмот и достигнување на највисоки перформанси и безбедносни стандарди.

Поаѓајки од потребата за заокружување на правната рамка како основа за изградба на современ систем на национална безбедност**,** подобрување на фунционирањето и кординацијата на надлежните органи со посебни овластувања, како и избегнување на повторување на активностите, СДСМ ќе понуди ***НОВО ЗАКОНСКО РЕШЕНИЕ ЗА РЕФОРМИРАН БЕЗБЕДНОСЕН СИСТЕМ*** кој ќе овозможи подобра и поефикасна координација на надлежните институции со воспоставување на единствени евиденции, размена на информации и цивилна контрола како законска обврска.

### 1. ЦЕЛОСНА ДЕПАРТИЗАЦИЈА И ДЕПОЛИТИЗАЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА

Целосната деполитизација и департизација на полицијата ќе биде извршена како траен влог во развојот на демократијата во македонското општество, поаѓајќи од ставот на СДСМ дека ***ПОЛИЦИЈАТА НЕ ТРЕБА ДА БИДЕ ПОДДРЖУВАЧ НА КОЈА БИЛО ОД ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ, ТУКУ ВИСТИНСКИ СЕРВИС ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ.*** Ние веруваме дека со овој чекор ќе се создадат услови за вистинска професионализација на полицијата, за санкционирање на појавите на селективното дејствување, односно нееднаков третман кон сите граѓани, како и за укинување на ланецот на интервенционизам, посебно од страна на оние кои се наоѓаат на повисока положба во процесот на командување. Воедно, убедени сме дека со ова ќе се овозможи примена на принципот на самостојност на полицијата во границите на законот и на принципот на оперативна независност, односно автономност.

### 2. РЕФОРМА НА СИСТЕМОТ НА СПЕЦИЈАЛНИ СЛУЖБИ СО АКЦЕНТ НА УПРАВАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ (УБК)

Управата за безбедност и контраразузнавање треба да се реформира во насока на воспоставување мала, но ефикасна државна служба која ќе биде во единствена функција на заштита на поредокот утврден со Уставот. Целта е работата на овој сервис да стане компатибилна со интересите на безбедноста на државата и да создаде целосно професионален сервис. Во тајната полиција не смее да има тајни кои ќе им служат само на неколкумина и кои ќе бидат злоупотребувани против другите. Тајната полиција мора да им служи само на однапред дефинираните интереси на државата. Новата законска рамка ќе одговара на барањата на правната држава заснована врз владеењето на правото и ќе ги примени најдобрите практики на европските демократии во оваа сфера. За да се спречи арбитрарност и политичка злоупотреба на службата за цели на политичките елити на власт, и да се обезбеди владеењето на правото и почитување на човековите права, особено е важно јасно да се регулираат надлежностите на службата и овластувањата на нејзините припадници. ***УБК МОРА ДА СЕ ОСЛОБОДИ ОД ПОЛИЦИСКАТА КОМПОНЕНАТА ВО НЕЈЗИНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ*** и да се концентирара на изворната функција на контраразузнавањето: собирање, анализирање и оценување податоци и информации за

дејствувањето на поединци, групи, организации и странски служби на територијата на Република Македонија кои се насочени против националната безбедност. Примената на мерките за тајно собирање на податоци со кои привремено се ограничуваат некои права и слободи на граѓаните може да се побара само за легитимни цели и врз основа на закон и, само доколку податоците не може да се соберат на друг начин или нивното собирање е поврзано со несразмерни тешкотии. Во секој поединечен случај, доколку постои можност на избор во мерките за тајно собирање на податоци, треба да се избере онаа мерка со која помалку се навлегува во уставно заштитените права и слободи на граѓаните.

Реформата вклучува и соодветно законско решение во функција на подобрување на координираноста и ефикасноста на специјалните служби, како и рационално и ефективно користењето на расположливите ресурси.

### 3. РЕФОРМА ВО ОБЛАСТА НА СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ СО СИСТЕМСКИ ИЗМЕНИ И ПОСТАВУВАЊЕ СОСЕМА НОВИ ОСНОВИ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЗАКОНСКИ ОВЛАСТЕНИТЕ СЕРВИСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОВАА МЕРКА

***ВО ЕДНА РАЗВИЕНА ДЕМОКРАТСКА ДРЖАВА ПРИСЛУШКУВАЊЕТО МОРА ДА БИДЕ ИСКЛУЧОК, А НЕ ПРАВИЛО*** во постапката на собирање на докази. СДСМ сака Македонија да биде развиена демократија во којашто граѓаните нема да се плашат дека некој им ѕирка во приватноста. Приватноста е света работа во развиените општества. ***НИЕ НЕ САКАМЕ "ПАПАРАЦИ" ПОЛИЦИЈА СО ТОТАЛИТАРНИ МАНИРИ, НИЕ САКАМЕ ОДГОВОРНА ПОЛИЦИЈА КОЈА ЌЕ РАБОТИ СТРОГО ЗАКОНСКИ.*** Реформските зафати што ќе ги предложи СДСМ во областа на следење на комуникациите имаат за цел создавање основа за трајно надминување на можностите за злоупотреба на примената на специјалните истражни мерки. Со овие системски измени сакаме на законски овластените органи за спроведување на специјални мерки да им овозможиме интегрирање на постојните капацитети и ***ЦЕЛОСНА САМОСТОЈНОСТ ОД МВР***. Новата поставеност, која вклучува прецизно дефинирана и контролирана постапка за примена на посебните мерки, ќе овозможи функционална независност на овие органи, но и одговорност за законитоста во работењето. Со тоа примената на специјалните истражни мерки наместо закана, ќе стане значаен инструмент за обезбедување податоци неопходни за успешно водење на кривичната постапка, како што се прави насекаде во развиените демократски општества.

### 4. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ РАМКА ЗА СУШТИНСКА ЦИВИЛНА КОНТРОЛА НА ИНСТИТУЦИИТЕ ИНВОЛВИРАНИ ВО БЕЗБЕДНОСТА

Контролата на законитоста во работата на полицијата е еден од најчувствителните елементи во секое општество. Таа бара примена на цела лепеза од мерки и контролни механизми кои ќе овозможат целосна заштита на граѓаните во остварувањето на своите права и одговорности. Затоа, СДСМ ќе се залага за суштинска цивилна контрола на институциите инволвирани во безбедноста. За нас, парламентарната контрола треба да биде еден од клучните коректори на работењето на МВР и останатите безбедносни органи. Затоа, ние ќе се залагаме Собранието на Република Македонија, парламентарната Комисија за одбрана и безбедност и Комисијата за контрола на работата на УБК и Агенцијата за разузнавање да бидат клучни столбови во гарантирањето на демократското работење на полицијата. Постојаната контрола од страна на правосудните органи, посебно врз законитоста при применувањето на посебните мерки и проценката за нивната оправданост, како и ангажманот на Народниот правобранител во случаите на кршење на човековите слободи и права од страна на МВР, се од особено значење за нас.

Заради надминување на слабостите кои најчесто се однесуваат на повреда на професионалната етика на овластените лица и директно кршење на човековите слободи и права, ***СДСМ ЌЕ ИНИЦИРА ВОВЕДУВАЊЕ НА ПОТПОЛНО НЕЗАВИСНА ИНСТИТУЦИЈА - ПОЛИЦИСКИ ОМБУДСМАН*** како надворешен облик на контрола на полицијата. Тој ке има надлежност да спроведува независна истрага за утврдување на пречекорувањата на полициските овластувања и кршење на човековите слободи и права. Донесувањето на закон за полициски омбудсман поблиску ќе ги уреди прашањата за неговата инстиуционална поставеност, организација, функционирање, кадровска екипираност и финансирање.

Паралелно на тоа, Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР ке се трансформира во вистински професионален сервис, ослободен од било какви политички влијанија, како и од влијанието на полициската супкултура врз постапувањето по претставките за злоупотреба на полициските овластувања. Посебен акцент ке биде ставен на селективниот пристап во постапувањето на Секторот за обезбедување на сознанија за пречекорување или злоупотреба на полициските овластувања.

***СО ЦЕЛ ОВИЕ РЕФОРМСКИ РЕШЕНИЈА ДА БИДАТ ЕФИКАСНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ, СДСМ ЌЕ СЕ ЗАЛАГА И ЗА ЦЕЛОСНА ОТВОРЕНОСТ И СОРАБОТКА СО ПОЛИТИЧКАТА И ЕКСПЕРТСКАТА ЈАВНОСТ, КАКО И СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР, МЕДИУМИТЕ И МЕЃУНАРОДНИОТ ФАКТОР, ПОСЕБНО ВО ПОСТАПКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИ РЕШЕНИЈА КОИ НАВЛЕГУВААТ ВО ДОМЕНОТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ.***

Покрај овие четири клучни приоритети, СДСМ континуирано ќе се залага за враќање на довербата на граѓаните во полицијата. Неопходен е активен ангажман за да се

отстранат сите причини за сомнеж кај граѓаните дека постои соработка меѓу полицијата и криминалот и за отстранување на корупцијата внатре во полициската структура.

Нашата цел е безбедносните органи да бидат вистински оспособени за справување со современите безбедносни закани, но и спротиставување на класичните форми на криминал. Во тие рамки, ***НАШ ПРИОРИТЕТ Е ЕФИКАСНОТО СПРОТИСТАВУВАЊЕ НА ТЕРОРИЗМОТ И БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈАТА,*** како и спречување на нелегалната миграција и трговија со луѓе со обезбедување услови за заштита и ресоцијализација на жртвите. Посебен акцент ќе биде ставен на ***БОРБАТА ПРОТИВ ТРГОВИЈАТА И ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ДРОГАТА И НЕЛЕГАЛНИТЕ ТРАНСАКЦИИ СО ОРУЖЈЕ***, воена опрема и материјали за двојна употреба. Особено внимание ќе биде посветено на појавата на пролиферација на оружје за масовно уништување и трансфер на технологиите кои можат да бидат злоупотребени за развој на тоа оружје. Во областа на справување со кризи ќе работиме на унапредување на системот на кризен менаџмент и подобрување на координацијата со останатите државни институции со надлежности во оваа област.

Подобрувањето на квалитетот на услугите на МВР, поедноставувањето на процедурите за апликација и скратувањето на времето за одлучување по нив, се мошне важен сегмент во односот на МВР кон граѓаните.

Управувањето со човечките ресурси е од исклучително значење за реформата на полицијата. Реформата на полицијата бара промена во составот, етосот, нивото на професионализам, одговорноста и компетенциите. Овие прашања можат да бидат решени со образование и обука, структурна реорганизација и подобро управување со човечките ресурски на што СДСМ е подготвен да посвети посебно внимание. Во овој контекст неопходно е базично и континуирано образование на кадрите во Министерството заради успешно справување со предизвиците на современиот криминал; Воедно, потребно е воспоставување поблиска соработка на Министерството за внатрешни работи со државниот факултет за безбедност и другите високообразовни институции од областа на безбедноста во земјата.

Мошне значајна е и соработката со партнерски институции во странство со цел полициските кадри да се запознаат со најдобрите странски искуства и практики.

***ЕДНА ОД КЛУЧНИТЕ ЦЕЛИ НА РЕФОРМАТА НА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИЦИЈА Е СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ НЕ СЕ МНОЗИНСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ПОЛИЦИЈА БЛИСКА ДО НАРОДОТ МОЖЕ ДА БИДЕ САМО ОНАА ПОЛИЦИЈА КОЈА ГО ОДРАЗУВА МУЛТИЕТНИЧКИОТ КАРАКТЕР НА НАШАТА ДРЖАВА.***

***ЈАКНЕЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА*** во услови на зголемени закани и ризици на национално, регионално и глобално ниво исто така претставува неопходна

потреба. Можноста за рамена на информации, искуства и идеи е значаен дополнителен инструмент во напорите за успешно спротивставување на класичните и современи безбедносни предизвици. Воедно, соработката со безбедносните сервиси на стратешките партнери и соодветните структури на мултилатерално ниво можат да отворат значителни дополнителни канали за финансиска поддршка за спроведување на реформските процеси.



15

# ЕУ ИНТЕГРАЦИИ: ЕВРОПСКАТА ПРИКАЗНА -НАША ПРИКАЗНА

# *ЕУ ИНТЕГРАЦИИ: ЕВРОПСКАТА ПРИКАЗНА – НАША ПРИКАЗНА*

Европската комисија во последните три години разви навика да ја критикува Македонија и да зборува дека не се соодветно исполнети политичките критериуми за членство во Европската Унија. Извештаите од 2006, 2007 и 2008 година се полни со критики, има многу малку пофалби, а никаде ја нема препораката за започнување на преговори за членство во ЕУ. Всушнот ЕУ го потврдува она со што сите ние живееме во Македонија.

Ние најдобро знаеме дека од 2006 во Македонија помалку се почитуваат граѓаните и нивните слободи и права. Ако се собереме на јавните плоштади да го изразиме нашето мислење, не тепаат. Ако се собереме во јавните паркови да се дружиме, не апсат. Внимаваме во која кафеана седнуваме и со кого се дружиме, а во јавност избегнуваме да зборуваме за политика. По телефон внимаваме што зборуваме, оти не знаеме кој слуша. Јавно ги напаѓаат и заплашуваат малцинствата, во нашата мулти-културна Македонија. Граѓаните живеат во страв, фамилиите се партиски поделени, соседите се етнички раздвоени, пријателите стануваат верски непријатели.

Живеењето во страв и несигурност е спротивно на нашата традиција на мирен соживот и толеранција за разликите. Ова го нема никаде. А најмалку го има во ЕУ. Европските политички стандарди значат почитување на разликите, политичка соработка, преовладување на дух на соработка и разбирање. Во ЕУ нема место за страв и заплашување, нема место за партиски притисоци и политичко самоволие. Но од 2006 година за жал тоа ни се случува. Сите ние го знаме тоа. Европската Унија го знае тоа. Затоа и не критикува во своите извештаи.

Во последните 3 години слушаме само критики од ЕУ, а не слушнавме датум за преговори. Но сепак добивме една добра вест. Ќе добиеме визна либерализација. Ќе можеме слободно да патуваме низ Европа. Уривањето на Шенгенскиот ѕид го започнавме во 2003-2004 година, а истиот заврши во 2009. Студентите ќе можат да се дружат и учат со своите врсници, бизнисмените ќе можат да тргуваат и продаваат на нивните европски партнери, шоферите нема да мора да чекаат за визи, уметниците ќе можат да се претставаат пред цела Европа.

Добро е што процесот кој го започна владата на СДСМ, оваа Влада го доврши. А кога владата на СДСМ го доби и статусот на кандидат во 2005 година, тогашната опозиција со право рече дека поважно е да се започнат преговорите за членство во ЕУ. За жал дури ни по 3 години откако се на власт не го ги започнаа преговорите за членство. ***ДЕНЕСКА***

***НИЕ ВЕЛИМЕ ДЕКА НАЈВАЖНО Е РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДА СТАНЕ ЧЛЕНКА НА ЕУ. ТОА Е НАЈВАЖНАТА И КРАЈНА ЦЕЛ.***

Влезот во Европската Унија е последниот и најважен резултат во интегративниот процес. Добивањето на статусот на кандидат, визната либерализација, добивањето на датум и започнувањето на преговори се одделни чекори на тој пат. Ние бевме и остануваме посветени на крајната цел, а тоа е полноправното членство во ЕУ.

Ние први кажавме дека "И сонцето е ѕвезда„. Ние ја донесовме првата национална стратегија за Европска интеграција. Владата на чело со СДСМ ја започна имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Претходната Влада на СДСМ и го донесе на Македонија статусот "земја-кандидат„ за ЕУ. А идната Влада на СДСМ ќе ја внесе Македонија во ЕУ.

Процесот не е завршен се додека Република Македонија не стане полноправна членка на Унијата. Нашата држава и сите нејзини граѓани не заслужуваат ништо помалку. Кандидатскиот статус не е замена за членство. Визната либерализација не е замена за членство. Почнувањето на преговорите не е замена за членство. ***ДЕНОТ КОГА ЌЕ СТАНЕМЕ ЧЛЕНКА НА ЕУ Е ДЕНОТ КОГА ЌЕ ЗАПОЧНЕ ВИСТИНСКАТА ПРЕРОДБА НА МАКЕДОНИЈА.***

Членството во ЕУ не е цел сама за себе. Ние не се водиме од интересите на Брисел. Ние работиме за интересите на државата и сите нејзини граѓани. Тие интереси се да имаме политички стабилна држава, каде индивидуалните човекови слободи и права нема да бидат загрозени. Каде секој ќе има право јавно да го изразува своето мислење, без страв и без реперкусии. Членството во ЕУ ќе значи дека ги почитуваме малцинствата, дека веруваме во вредностите на толеранција и соживот.

Но најмногу од се, го посакуваме членството во ЕУ бидејќи тоа значи повисок стандард и подобар и побогат живот за сите граѓани. Не за неколкумина, не за мнозинството, туку за СИТЕ. Нашите интереси се да имаме стабилна и безбедна демократија, со силна економија и добар стандард на живот. Тоа е нашата цел, тоа ќе го постигнеме кога ќе се зачлениме во ЕУ.

За да го постигнеме тоа, мора да ги достигнеме политичките критериуми на ЕУ. Тоа го правиме за нас, тоа е од наш интерес. Критериумите на ЕУ се нашиот патоказ, но политичките цели си ги задаваме ние.

1) Наша политичка цел е да имаме ***ПОДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ.*** Тоа е политички критериум за членство во ЕУ, но тоа е и наша потреба.

Сега политиката во Македонија се води од клановско-фамилијарни интереси. Највисоките позиции во Владата и владеачката партија се резервирани за кумови, братучеди. Една фамилија со својата дружина сака да направи приватна своина во

Македонија. Тоа не ни е потребно, тоа не е македонски, а не е ни европски. Така во ЕУ не се оди. Досега во Македонија имаше само лоши примери, примери на лошо владеење. Бизнисмените последни дознаваа за реформите во стопанството, докторите последни дознаваа за промените во здравството, наставниците од медиумите дознаваа за промените во образованието. За наше добро и за членство во ЕУ потребно е подобро владеење. Тоа е темелен политички принцип.

За подобро владеење, како наш интерес и политички критерум за членство во ЕУ, СДСМ ќе гради ***МОДЕЛ НА КОРПОРАТИВНА ПОЛИТИКА.*** Тоа значи дека политичките решенија ќе бидат изработувани и имплементирани во партнерство со стопанските комори, синдикатите, професионалните здруженија, единиците на локалната самоуправа, невладините организации и граѓаните. Засегнатите страни, оние на кои се однесуваат законите, ќе бидат информирани и вклучени во процесот на нивното донесување.

Решенијата за развој на економијата ќе се прават во соработка со коморите, синдикатите и професионалните здруженија. Стратегиите за локален развој ќе се прават во соработка со општините, за реформите во здравството ќе се консултираат најпрво лекарите, за реформите во образованието ќе ги прашаме прво професорите, учениците и студентите. Следејќи го принципот на подобро владеење СДСМ политички ќе ја донесе Македонија на ниво на ЕУ.

2) Втора наша цел е да имаме ***ФУНКЦИОНАЛНА ДЕМОКРАТИЈА СО СТАБИЛНИ ИНСТИТУЦИИ.*** Тоа значи да градиме политички партнерства, да креираме стабилна и предвилива политика. Да ги замениме политичките расправии и раздорот, со соработка и политичко единство.

Во последните неколку години во Македонија имавме проблеми со кохабитацијата. Владата и владеачкото мнозинство не го почитуваше Претседателот и гледаше само да започне кавга со него. Тоа одеше на штета на државата и на штета на нашите интереси. Тоа е далеку од европските практики и вредности. Од друга страна, пак, се соочивме со недостаток на политички дијалог, и во владината коалиција и надвор од неа. Една владина коалиција се растури по 2 години, а мнозинството во Парламентот одбива да соработува со опозицијата и со сила ги носи сите закони што наумиле, без разлика што голем дел од нив беа лоши или не беа корисни или беа непотребни. Со политичко кавгаџивство и инаетење не се влегува во ЕУ. Затоа не добиваме датум за преговори, затоа веќе трета година не напредуваме во европската интеграција.

А ЕУ не потсетува веќе неколку години дека кај нас и слободата на медиумите не се почитува. Владата ги купува половина од медиумите преку скапите рекламни кампањи, трошок што се покрива од буџетот што го полнат сите граѓани со даноци и давачки. Другата половина се под притисок, со страв и уцени, се заплашуваат да не известуваат објективно,

да не ја критикуваат Владата и да не известуваат за проблемите на граѓаните. Владата е најголем инвеститор во медиумите. Тоа ЕУ го нарекува политичка корупција. А тоа го нема во ЕУ.

СДСМ е целосно и одговорно посветена на градењето на функционална демократија со стабилни институции. Ние почнавме да ги спроведуваме широките мулти-етнички коалиции. Ние знаеме како да го негуваме и промовираме дијалогот и политичката соработка. СДСМ кога била власт се трудела да ја вклучи опозицијата, и имала добра соработка со Претседателот дури кога тој бил од друга партија. Ние не ги омаловажуваме нашите коалициони партнери, нашите коалиции, владини и изборни, биле стабилни и цврсти, засновани на взаемно разбирање и почитување. Нашите коалициони партнери секогаш наоѓале стабилен и одговорен соговорник и партнер во СДСМ.

Ние го негуваме политичкиот дијалог, ги зајакнуваме институциите, и секогаш ја развиваме соработката. СДСМ гради функционална демократија со стабилни институции за да ја внесе Македонија во ЕУ.

3) Наша цел е и ***ФУНКЦИОНАЛЕН И ЕФИКАСЕН ПАРЛАМЕНТ.*** Законодавниот дом е одлика на нашата демократија, ако тој е нефункционален и неефикасен тогаш таква е и нашата демократија.

Денеска Парламентот и владеачкото мнозинство се сведени на ниво на гласачка машинерија. Законите кои се носат се неквалитетни, и има многубројни повреди на постапките. Со донесените 150-тина закони во една недела поставивме европски рекорд. Но тоа е рекорд за срамење, а не за фалење. Срамота за цела држава е претседателот на парламентот да се извинува пред европските амбасадори дека таква грешка нема да се повтори. Така покажуваме колку сме далеку од ЕУ, така покажуваме дека не сме достојни за членство во ЕУ. Во ЕУ не само што Европскиот парламент добива се повеќе значење и ингеренции, туку и националните парламенти се повеќе се вклучуваат во работата на ЕУ. Во сегашната состојба Парламентот не може да излезе во пресрет на домашните предизвици, а уште помалку на динамичните европски потреби.

За да ја подобри работата на Парламентот, ***СДСМ ЌЕ ЈА ВРАТИ ПРАКСАТА НА МЕЃУ-ПАРТИСКА СОРАБОТКА ШТО ЈА НЕГУВАВМЕ ДОДЕКА БЕВМЕ НА ВЛАСТ.*** Ќе го отвориме и подобриме Собранискиот деловник за да можат пратениците да имаат повеќе права и можности да одговорат на своите обврски. Нема да градиме куполи на собранието, туку ќе вложиме повеќе средства за да ги подобриме условите за работа на пратениците и парламентарните служби. СДСМ ќе ги следи европските стандарди за парламентарна работа. Ќе изградиме функционален и ефикасен парламент за да бидеме дел од ЕУ.

4) Наша цел е и да имаме ***СТАБИЛНИ МЕЃУ-ЕТНИЧКИ ОДНОСИ.*** Тоа е главниот предуслов за стабилноста и безбедноста на Македонија. Не смее да ги потценуваме етничките заедници, туку напротив целосно да ги вклучиме во државата. Рамковниот договор треба да се почитува и имплементира. Неговите одредби и принципи ги штитат малцинствата од дискриминација, но и ги спречуваат барања на етничките заедници кои се надвор од овој договор, а кои можат да бидат неосновани или неоправдани. Но ние сме потполно свесни дека Рамковниот договор е само рамка за дефинирање на меѓуетничките односи. Таа рамка треба да се надополнува, да се проширува и да се гради. А таа рамка се гради со искрен и чесен однос кон нашите сограѓани од немакедноска етничка припадност. Овој завет ни го оставиле нашите предци, ние мораме да го развиваме и да го оствариме. Тоа им го должиме на идните генерации кои ќе живеат во слободна и европска Македонија. СДСМ секогаш ќе го почитува тоа, и како и досега, напорно и искрено ќе работи на подобрувањето на меѓуетничките односи.

Сведоци сме денес дека имаме нецелосна и несоодветна имплементација на Рамковниот договор. Наместо принципиелно почитување на меѓу-етничките разлики, односите се сведени на политички пазарења. Принципот на правична застапеност наместо да ги унапредува потребите на малцинствата и да ја зајакне државата, се користи за партиски вработувања и коалициски поткусурувања. Владата отворено пропагира етно-центризам, наместо да ја гради Македонија како место за живеење и напредок на сите свои граѓани, таа развива модел каде некои ги смета за подобри и поеднакви од другите само заради нивната етничка припадност. Етно-центризмот е рак рана за демократијата. Ова Европа го знае, а го знаеме и ние. Не се влегува во ЕУ ако нема стабилни меѓу-етнички односи.

СДСМ се залага за враќање на довербата помеѓу граѓаните од различни етнички заедници. Да се биде човек и граѓанин на Македонија е на прво место. Секој припаѓа во некоја етничка група, некои се дел од мнозинството, а други од малцинството. Кон малцинствата СДСМ гради искрен и чесен однос. Ние ја создадовме првата мулти-етничка коалиција, што до денес се покажува дека е најдобрата гаранција за безбедноста и стабилноста на државата. Македонија била и ќе остане мулти-етничка држава, и затоа има потреба од силен и развиен механизам на заштита на малцинските права. СДСМ ќе ги штити прописите и стандардите за да не дојде до непотребна и прекумерна етничка поделеност. Ние бараме компетентност и професионалност во имплементацијата на принципот на правична застапеност. СДСМ продолжува да гради стабилни меѓу-етнички односи за да влеземе побрзо во ЕУ. Европа го бара тоа од нас. Но уште поважно, Европа има и што да научи од нас. Да влеземе во Европа и да ја раскажеме нашата успешна мултиетничка приказна на Европјаните!

5) Наша цел е и ***ЕФИКАСНА БОРБА СО ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ.*** За тоа е потребна бескомпромисна битка со корупцијата, суштински промени во полицијата и

пред се во судството.

До скоро изгледаше дека во Македонија има некаков напредок во борбата со организираниот криминал и корупцијата. Но веќе се гледа дека се е сведено на медиумски циркуси и јавни спектакли. На сите ни е јасно колку сме далеку од европските стандарди. Многу луѓе со лисици на рацете се прикажаа пред телевизиските камери, дури и стотина како во случајот со вработените на патарина. Во ниту еден случај не се почитува презумпцијата на невиност, никој не е виновен се додека не е осуден. Така апсењата и јавните судења служат или за политичка пресметка со оние кои и сметаат на власта или служат за замајување на јавноста од вистинските проблеми. Во судството и обвинителството имаме партиско-фамилијарни вработувања и трули договори за распределба на позиции во МВР. Државната комисија за спречување на корупција е под целосна доминација на Владата. Нема кој да ги проверува и контролира безбројните тендери и матни зделки на кои постојано предупредуваме.

СДСМ ќе се залага за суштинска и безкомпромисна борба со организираниот криминал и корупцијата. Државната комисија за спречување на корупцијата мора да биде независна и непартиска, како што беше во времето кога ние бевме на власт. Ние ја основавме таа институција и ќе се залагаме истата да функционира како што треба, коректор на власта и главен борец за спречување на корупцијата. Промените и реформите во полицијата ќе се прават според европски стандарди, а вработувањата во судството и обвинителството нема да биде со партиска препорака туку со сертификат од Академијата за судии и обвинители. Ќе ја почитуваме презупмцијата на невиност, знаеме дека поважни се објективните судски пресуди и несоборливи докази, отколку што се медиумските спектакли. Ќе ја водиме борбата со организираниот криминал и корупција затоа што сакаме Македонија да стане целосна и рамноправна членка на ЕУ.

6) Наша цел е ***ФУНЦИОНАЛНА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА.*** Европа се повеќе се потпира на Евро-регионите, на прекуграничната општинска соработка, а во својата основа го има локалниот економски развој и локалната демократија. Европското темелно начело на субсидијарност, значи дека сите проблеми што можат да се решат на локално ниво не смеат да бидат пренесувани на централно ниво.

Денеска во државата повторно има процес на централизација, Владата сака да ги контролира и да доминира врз сите општини. За жал соочени сме со ситуација на бирократски-централизам каде наместо граѓанинот да биде во фокусот на внимание на локалната власт, општините се повторно зависни од Владата и централната власт. Наместо општините да се посветат на решавање на комуналните и локални проблеми на граѓаните, тие гледаат како да и удоволат на централната власт. Голем дел од општините сеуште не се фискално независни и не можат да располагаат со имотот кој се наоѓа на нивната територија. Тоа не е во склад со стандардите на ЕУ, така тие не можат да донесат локален

економски развој.

СДСМ ќе го штити и развива Европскиот принцип на субсидијарност. Сите проблеми кои се од локален карактер ќе се решаваат во самата општина. На пример за решенијата за градба и локални инвестиции треба да одлучува општината во соработка со локалните фактори. СДСМ ја промовираше децентрализацијата и денес повторно се залагаме за повеќе надлежности за локалната самоуправа. Тоа е наша потреба, а и европски стандард. Ќе ги поддржиме сите иницијативи за локален економски развој. Особено ќе ги мотивираме пограничните општини сериозно да влезат во соработка со пограничните општини од другите земји. Наша цел е што поголем дел од општините во Македонија да бидат вклучени во Евро-регионите кои се формираат со општините од соседните земји. Децентрализацијата која ја почнавме, функционално ќе ја зајакнеме за да станеме што поскоро членка на ЕУ.

7) Наша цел е да изградиме и ***ПРОФЕСИОНАЛНА И КОМПЕТЕНТНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА.*** Ова е барање на здравата логика за силна држава, а не само политички критериум за ЕУ. Ние го основавме Секретаријатот за европски прашања, што е главното административно тело задолжено за нашата интеграција во ЕУ. Ние ја промовиравме функционалната реорганизација, воведовме професионални тренинзи за јавната администрација, и ги поставивме главните параметри за транспаретност и отчетност.

За жал денес гледаме дека јавната администрација целосно се партизира, партиската книшка е поважна од професионалноста и компетентноста. Нестручноста и непрофесионалноста резултираат во лоши законски решенија и бавна имплементација на стандардите. Заради тоа имаме успорување наместо забрзување на нашата интеграцијата во ЕУ. Наместо слободен пристап до јавните информации, граѓаните добиваат само пропаганди и реклами. Тие не нудат квалитетни, точни и навремени информации, повеќе се “перење на мозок„.

СДСМ со основањето на Секретаријатот за европски прашања и со воведувањето на функционалната реорганизација покажа дека знае и умее да внесе стратешки и функционални промени. Ние почнавме да ги носиме вистинските луѓе на вистинските места. Тоа го покажаа и европските резултати од 2005 кога го добивме статусот земја-кандидат за членство во ЕУ. Јавната администрација покажа дека може да биде компетентна, професионална и одлично организирана, ако има добро политичко водство. СДСМ ќе посвети повеќе ресурси за подобрување на јавната администрација. Ние нема да ги трошиме буџетските средства на скапи реклами и да тераме пропаганда со парите на граѓаните. Ние ќе бидеме целосно транспарентни, ќе го почитуваме доследно Законот за пристап до јавни информации и секогаш ќе обезбедуваме точни и навремени информации. СДСМ ќе инсистира на зачувување на стандардите за професионалност и компетентност при вработувањата во јавната администрација. Но СДСМ ќе инсистира и оние кои веќе

се вработени да ги исполнуваат највисоките европски стандарди за професионална и компетентна јавна администрација. Тоа ќе биде носечкиот столб на државата, и нашата најдобра гаранција за членство во ЕУ.

8) Наша цел е да имаме ***ДОБРИ ОДНОСИ И СОРАБОТКА СО СОСЕДИТЕ.*** ЕУ е сојуз на многу мали и големи држави во Европа. Некои од нив имаат лоша историја, биле соседи но често војувале едни против други. Најважната европска лекција денес е дека ако сакаш мир и напредок, тогаш соседите мора да ти бидат први пријатели, а не први непријатели. За Република Македонија како најмала држава на Балканот, оваа лекција е од суштинско значење за нашата заедничка иднина, а уште повеќе за нашето членство во ЕУ.

Денеска во регионот имаме прилично лоши односи со соседите. Се чини дека наместо да ја развиваме соработката со нашите соседи, ние само ги зголемуваме кавгите. Со некои од нив имаме тешки и непремостиви разлики, за кои е потребна голема дипломатска вештина и посветеност за да се надминат проблемите, како на пример спорот со Грција. Но наместо да ги подобруваме односите и да одиме напред, ние ги зголемуваме проблемите и стоиме во место. Бугарија одамна е веќе членка на НАТО и на ЕУ, а и Албанија пред нас стана членка на НАТО. Хрватска исто така влезе во НАТО, а веќе е и пред вратата на ЕУ.

Земјите од Балканот се блиски една на друга и се принудени на соработка. Граѓаните имаат потреба да патуваат кај соседите без разлика дали се работи за размена, трговија или летување. Свесни сме дека секоја година наши сезонски работници одат да работат во туристички поатрактивните дестинации во Грција, Бугарија, Црна Гора, Хрватска. Знаеме дека имаме највисока трговска размена со Косово, Србија и Грција. Македонија е центар на Балканот. Таа мора да биде отворена кон сите, да ги вкрстува сите транспортни патишта и енергетски коридори. На тој начин како држава ќе бидеме посилни и поблиску до членство во ЕУ. СДСМ активно ќе се залага за добри односи и соработка со соседите, за взаемно разбирање и надминување на проблемите. Тоа не е само европска вредност и политички критериум, тоа е наша потреба и најдобра стратегија за стабилност и напредок.

9. Наша цел е да имаме ***ПРАВЕН СИСТЕМ УСОГЛАСЕН СО ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ.*** Усвојувањето на правото на Европската унија и неговото спроведување во практика е важен дел од процесот на пристапување во членство во ЕУ. Клучната новина што Владата на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ќе ја воведе во оваа област е суштински, наместо механички пристап кон процесот. Процесот на подготовка и усвојување на

законите ќе се отвори за сите граѓани, деловниот сектор и засегнатите групи. Со тоа, ќе се подобри не само транспарентноста на законите, туку и проценката на ефектите од нивното донесување. Така, принципот на пишување на закони во канцеларија, ќе се замени со вистинска директна демократија, во која оние на кои законите се однесуваат (граѓани, деловен сектор) ќе имаат можност да учествуваат во нивното креирање. Планираме да го отвориме процесот на подготовка на програми и сите заинтересирани да имаат право да учествуваат во дефинирање на законите што ќе се носат и роковите за нивна реализација. Ќе ги вклучиме засегнати групи во подготовка на законите и сите заинтересирани ќе имаат можност да даваат свои предлози и механизми за воведување на различните ЕУ стандарди во областа во која дејствуваат.

10. Конечно, наша цел е ***ДОСЛЕДНО ДА ГИ СПРОВЕДЕМЕ ЕКОНОМСКИТЕ КРИТЕРИУМИ*** кои се предуслов за влез во ЕУ. Економските критериуми за членство во ЕУ се еднакво значајни како и политичките и земјата кандидат, како Република Македонија, е должна да посвети значаен дел од своите напори во нивна реализација. Искуствата од процесот на проширување на ЕУ говорат дека со стекнувањето на статусот кандидат за членство, државата се смета дека ги исполнила политичките и во целост треба да се фокусира на економските критериуми. Клучната точка на политиката на исполнување на економските критериуми ќе биде ослободување на економијата од политичките притисоци и влијание. Ова, особено се однесува на улогата и активностите на Управата за јавни приходи и Царинската управа, како и различните институции поврзани со доделување на одобренија, дозволи и согласности. Дополнително, посебно внимание ќе се посвети на воведување на европски практики во јавните набавки, особено во делот на контролата на тендерската документација и системот на бодување.

Европската унија ги поставува критериумите кои бара од нас да ги исполниме за да станеме полноправен член на Унијата. Нам ни е потребно членството за да може да ги исполниме нашите најважни интереси. Да имаме стабилна и силна држава со функционална демократија. Држава со развиена пазарна економија и добар стандард на живот. Тоа ќе го добиме со членството во Унијата.

Затоа ги поставуваме пред нас политичките цели за да го добиеме членството во ЕУ. СДСМ ќе ги исполни сите политички цели за да Македонија стане полноправна членка на ЕУ. Ќе го направиме тоа за да ја започнеме вистинската преродба на Македонија. Ќе го направиме тоа за европска Македонија.

**НИЕ ВО СДСМ, ЈА САКАМЕ МАКЕДОНИЈА И САКАМЕ ДА ЈА ВИДИМЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА. ТОА ЗА НАС ЗНАЧИ:**

- МАКЕДОНИЈА ЧЛЕНКА НА ЕУ, СТАБИЛНА И БЕЗБЕДНА
- СО СИЛНА МЕЃУНАРОДНА ПОЗИЦИЈА И ПАРТНЕР ОД ДОВЕРБА
- КОНТИНУИРАНИ РЕФОРМИ И РЕЗУЛТАТИ, БАЗИРАНИ НА ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ, ПРЕД СЕ ЗА НАШЕ ДОБРО, А НЕ ЗАРАДИ НЕКОЈ ДРУГ
- СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА, КАКО СТРОГ НО ОБЈЕКТИВЕН, ФЕР И НАЈДОБАР ПРИЈАТЕЛ НА ЗЕМЈИТЕ КАНДИДАТИ НА ПАТОТ КОН ЕУ
- СО ПРОФЕСИОНАЛНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА И ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО СЛУЖБА НА НАРОДОТ.
- СО ДЕМОКРАТСКИ, ЕФИКАСЕН И ФУНКЦИОНАЛЕН ПАРЛАМЕНТ И ДОСЛЕДНО ПОЧИТУВАЊЕ И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ
- ЕКОНОМСКИ РАЗВИЕНА, СО СЛОБОДНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА И ИНТЕНЗИВНА РАЗМЕНА НА СТОКИ И УСЛУГИ И ПОДОБАР СТАНДАРД НА НАСЕЛЕНИЕТО
- СО ИНВЕСТИЦИИ И ПОДЕДНАКОВ ТРЕТМАН НА СИТЕ КОМПАНИИ
- СО МОЖНОСТ ЗА СТУДИРАЊЕ, ОБУКА, УСОВРШУВАЊЕ ИЛИ РАБОТА ВО ЕУ
- СО НОВИ КУЛТУРНИ ИНСТИТУЦИИ
- СО НОВИ ПАТИШТА
- СО ЗАЈАКНАТИ ФОНДОВИ ЗА ПОДДРШКА НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ
- ЗЕМЈА СО ЈАСНА ИДНИНА И ОРИЕНТАЦИЈА



16

# НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА -ДА БИДЕМЕ ПОВТОРНО ПОЧИТУВАНИ ВО СВЕТОТ!

## ***НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА***
## ***- ДА БИДЕМЕ ПОВТОРНО ПОЧИТУВАНИ ВО СВЕТОТ!***

***НАШАТА НАДВОРЕШНА ПОЛИТИКА ЌЕ ЈА БАЗИРАМЕ НА СЛЕДНИВЕ 5 ПРИОРИТЕТИ:***

- ***МАКЕДОНИЈА – ДЕЛ ОД ГОЛЕМОТО ЕВРОПСКО СЕМЕЈСТВО***
- ***ВЛЕЗ ВО НАТО ЗА СТАБИЛНОСТ И ЕКОНОМСКИ ПРОГРЕС***
- ***МАКЕДОНИЈА ЛИДЕР ВО РЕГИОНОТ***
- ***ПРОФЕСИОНАЛНА ДИПЛОМАТИЈА- НЕ БИРО ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИСТРОШЕНИТЕ ПАРТИСКИ КАДРИ***
- ***МАКЕДОНИЈА – ДОБАР И ИСКРЕН ПРИЈАТЕЛ НА СВОИТЕ СОСЕДИ***

Македонија- лидер во регионот и Македонија- успешна приказна беа двете најчесто употребувани реченици за нашата држава изминативе десетина години. Своето лидерство Република Македонија го оствари така што прва во регионот склучи Спогодба за соработка со Европската Заедница, се здоби со кандидатски статус за членство во НАТО, прва склучи Спогодба за стабилизација и асоцијација со ЕУ. Македонија исто така беше иницијатор и водечка држава во т.н. Јадранска Повелба (како предворје на НАТО), држава-кандидат за членство во ЕУ и прва во регионот отпочна со реформски активности кои денеска финализираа со визна либерализација за нашите граѓани. ***ЗАТОА БЕВМЕ ЛИДЕРИ ВО РЕГИОНОТ.***

Постигнатите успеси се резултат на остварените внатрешни реформи, градењето на вистинско и фунционално мултиетничко општество, посветеноста на развојот на добрите односи со соседите и активниот ангажман на унапредување на регионалната соработка, градењето на партнерски односи со земјите членки на ЕУ и НАТО, како и градењето на стратешките односи со САД. ***ЗАТОА БЕВМЕ НАРЕКУВАНИ "УСПЕШНА ПРИКАЗНА".***

За жал, во изминатите неколку години ***МАКЕДОНИЈА ЈА ИЗГУБИ ВОДЕЧКАТА ПОЗИЦИЈА*** во регионот. Веке неколку години нашата држава не успева да направи прогрес на планот на добивање на датум за преговори за членство во ЕУ. Во Букурешт не добивме покана за членство во НАТО. Нашата држава веке не се смета за држава промотор на регионалната соработка и градењето на добрососедски односи, а односите со нашите соседи бележат надолна линија. Нивото на странски инвестиции е далеку под нивото во другите држави од регионот. Република Македонија е оставена настрана и од сите

магистрални гасоводи, нафтоводи и патна инфраструктура кои поминуваат низ државите од регионот.

Со други зборови, Македонија од „држава-лидер" и „држава успешна приказна" на Балканот, полека се маргинализира и, за разлика од другите држави во регионот, стагнира на планот на евро-атланските интегративни процеси. Натамошното останување во таквиот статус носи во себе потенцијал од дополнителен негативен развој на севкупните сотојби во државата.

***НИЕ, ВО СДСМ, ВЕРУВАМЕ ДЕКА САМО СИЛНА, РАЗВИЕНА И ДЕМОКРАТСКА МАКЕДОНИЈА, ЦЕЛОСНО ИНТЕГРИРАНА ВО НАТО И ЕУ, КЕ БИДЕ СПОСОБНА - ВО РАМКИТЕ НА СЕМЕЈСТВОТО НА ЦИВИЛИЗИРАНИ НАРОДИ - ДА ГО НЕГУВА И РАЗВИВА СВОЈОТ НАЦИОНАЛЕН И КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ. СДСМ Е ЦВРСТО РЕШЕН, КАКО ТРАЈНА ОПРЕДЕЛБА, ДА ГО ЗАЧУВАМЕ МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН ИДЕНТИТЕТ.***

СДСМ е убеден дека Република Македонија, како членка на НАТО и ЕУ, може и ке создаде услови ***НЕ САМО ЗА ЗАШТИТА, ТУКУ И ЗА ЈАКНЕЊЕ И НАТАМОШНА ПРОМОЦИЈА*** на македонскиот национален идентитет, македонската нација, култура и јазик. Исклучително големо мнозинство на граѓаните на РМ се за ***ЗАЧЛЕНУВАЊЕ ВО НАТО И ЕУ И ТОА ПРЕСТАВУВА ОБВРСКА КОЈА СЕКОЈА ВЛАСТ МОРА ДА ЈА ПОЧИТУВА И ОСТВАРИ.***

За постигање на таа посакувана и неодминлива цел потребна е ***ВИЗИЈА, СПОСОБНОСТ, ВИСТИНСКИ ПАТРИОТИЗАМ И ДРЖАВНИЧКИ КАПАЦИТЕТ.*** Досегашните успеси на Република Македонија на патот на евроатланските интеграции потврдуваат дека СДСМ ги поседува тие квалитети и дека во решавањето на најсложените прашања секојпат се раководи исклучиво од трајните интереси на државата и нејзините граѓани.

Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија се залага за надворешна политика базирана на изградба на пријателства и цврсти односи на регионално, европско и светско ниво. Ние сакаме да водиме надворешна политика базирана на дијалог, преговори и градење пријателски односи. ***САКАМЕ ДА ГРАДИМЕ МОСТОВИ НА ПРИЈАТЕЛСТВО СО ДРУГИТЕ ДРЖАВИ.*** Ние не сакаме политика на изолационизам со враќање кон минатото. ***НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НЕ И ДОЛИКУВА ДА БИДЕ ОСТАВЕНА ВО ЧЕКАЛНИЦА,*** ние сакаме да ги отвараме вратите на нашите пријателски држави и да седиме на иста маса со нив. Така ќе бидеме посилни и така ќе се слушне нашиот глас и ќе се остварат нашите државни интереси.

***СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА, ВО НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА ГИ ДЕФИНИРА СЛЕДНИТЕ 5 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ И ПРИОРИТЕТИ НА МАКЕДОНИЈА:***

- ***МАКЕДОНИЈА КАКО ПОЛНОПРАВЕН И РАМНОПРАВЕН ЧЛЕН НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ДЕЛ ОД ГОЛЕМОТО ЕВРОПСКО СЕМЕЈСТВО***
- ***МАКЕДОНИЈА ЧЛЕН НА НАТО КАКО ГАРАНЦИЈА ЗА СОПСТВЕНАТА БЕЗБЕДНОСТ СО СОПСТВЕН ПРИДОНЕС КОН ИЗГРАДБА НА ПОБЕЗБЕДЕН СВЕТ И РЕШИТЕЛЕН ПАРТНЕР ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ И ДРУГИТЕ СОВРЕМЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО СВЕТОТ.***
- ***МАКЕДОНИЈА КАКО ГРАДИТЕЛ НА ДОБРИ ПРИЈАТЕЛСКИ ОДНОСИ СО СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ ВРЗ РАМНОПРАВНИ ОСНОВИ.***
- ***МАКЕДОНИЈА КАКО ЛИДЕР ВО РЕГИОНОТ И ИНИЦИЈАТОР НА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА И ПРИЈАТЕЛСТВО, ДЕМОКРАТСКИ И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ***
- ***МАКЕДОНСКА ДИПЛОМАТИЈА СО ПРОФЕСИОНАЛНА, СТРУЧНА И РАСПРОТРАНЕТА ДИПЛОМАТСКА МРЕЖА***

## ***МАКЕДОНИЈА КАКО ДЕЛ ОД ГОЛЕМОТО ЕВРОПСКО СЕМЕЈСТВО***

Интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија е стратегиска цел за нашата држава. Ние не сакаме друга алтернатива за земјата. Ние цврсто веруваме дека Република Македонија е дел од Европа не само географски, туку политички, цивилизациски и културно. Затоа Македонија, најмногу заради себе но и заради партнерските цели, е должна да ги исполни сите обврски и критериуми за членство во ЕУ. СДСМ е изворно проевропска партија и во своето политичко постоење на македонската партиска сцена, недвосмислено ги има потврдено европските вредности. Но, ЕУ не е безусловна гаранција за брз економски, политички и демократски развој.

Тоа зависи од политичката волја и капацитетот да се исполнат критериумите и обврските кон ЕУ и само добро подготвена Македонија е предуслов за успешно интегрирање на државата во Унијата. Затоа, ***НИЕ ВЕРУВАМЕ ДЕКА ЕВРОПСКАТА ПРИКАЗНА Е ВСУШНОСТ НАША, МАКЕДОНСКА ПРИКАЗНА,*** и тешките реформи што треба да ги спроведеме се за наше добро, за доброто на нашата демократија и идните генерации.

СДСМ се залага за Македонија како партнер на Европа, а не нејзина сопственост, грижа или обрвска. СДСМ промовира политика која ја претставува Македонија не само како корисник на вредности од влезот во ЕУ, туку и како важен субјект кој заради својата специфична и оригинална демократска, политичка и културна традиција може да даде значаен придонес во градењето на мултикултурното европско општество. СДСМ

промовира надворешна политика која ќе биде извозник и промотор на успешните модели на меѓуетнички односи кој може и треба да послужи како пример и модел во решавањето на меѓуетничките спорови во Европа во иднина.

## *МАКЕДОНИЈА ЧЛЕН НА НАТО КАКО ГАРАНЦИЈА ЗА СОПСТВЕНАТА БЕЗБЕДНОСТ СО СОПСТВЕН ПРИДОНЕС КОН ИЗГРАДБА НА ПОБЕЗБЕДЕН СВЕТ И РЕШИТЕЛЕН ПАРТНЕР ВО БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ И ДРУГИТЕ СОВРЕМЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО СВЕТОТ*

Интеграцијата на Република Македонија во НАТО е од витален интерес за Република Македонија. Огромната поддршка на граѓаните за влезот на земјата во Северно-Атлантската Алијанса е потврда дека тоа е еден од клучните приоритети на македонската надворешна политика која треба да биде насочена, без исклучок, кон исполнување на оваа цел. Македонија треба да влезе во НАТО заради нас самите и заради зачувување на придобивките кои толку ревносно ги оствaруваме изминативе дваесетина години. Нашите најголеми и најважни интереси можеме подобро и поефикасно да ги оствариме ако стоиме рамо до рамо со нашите сојузници од НАТО.

Интеграцијата во НАТО значи гаранција за безбедноста на државата и неменливоста на нејзините граници, учество во сојуз кој е промотор на демократските вредности и гаранција на човековите слободи и права, како и учество во антитерористичката коалиција во глобални рамки. Поради тоа СДСМ го дефинира интегрирањето во НАТО како еден од највисоките национални интереси. Ние веруваме дека не постои алтернатива за Македонија надвор од овој сојуз.

## *МАКЕДОНИЈА КАКО ГРАДИТЕЛ НА ДОБРИ ПРИЈАТЕЛСКИ ОДНОСИ СО СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ*

Добрососедските односи со сите пет соседи на Република Македонија се од исклучителна важност за СДСМ. Промовираме и се залагаме за градење на пријателски односи базирани на рамноправна меѓусебна соработка на политичко, економско и културно ниво. Ние веруваме дека само со интензивен дијалог и преговори помеѓу страните можат да се надминат проблемите и споровите помеѓу соседите. СДСМ се залага за односи со соседите кои нема да бидат заложник на постоечките спорови или недоразбирања, туку ќе се базираат на интензивирање и продлабочување на соработката во оние сегменти каде постои заеднички интерес помеѓу земјите со паралелна работа на решавање на отворените прашања. Интензивната економска, политичка и културна

соработка е гаранција за просперитет на целиот регион.

Во односите со Србија, СДСМ се залага за продлабочена економска и културна соработка која се должи на заедничките стратешки цели на земјите. Почитувајќи го начелото на секуларност и одвоеноста на црквата од државата, СДСМ се залага за стимулирање и поддршка на преговорите помеѓу двете цркви заради решавање на меѓусебните спорови.

Во односите со Албанија, СДСМ промовира соработка помеѓу двете земји во сите области и го подржува реципроцитетот во промовирање на правата на припадниците на македонскиот и албанскиот народ во двете држави.

СДСМ се залага за интензивни политички и економски односи со Република Косово. Постои реален простор за продлабочени односи во областа на стопанството и посебно во енергетиката.

СДСМ смета дека споровите помеѓу Македонија со Бугарија и Грција, кои се рецидив на историските случувања и се производ на деструктивниот национализам, не смеат да ги блокираат политичката, економската и културна соработка помеѓу земјите. СДСМ смета дека надворешната политика нема улога да се впушта во расправа за објективната неправда и неразумност врз кои се базираат споровите кои особено во случајот со Грција претставуваат пречка не само за нормализирање на односите помеѓу двете земји туку и за европските и евроатлантските интеграции на Македонија. Дебатата за неправедноста во која е доведена Република Македонија може да се води помеѓу интелектуалците, публицистите и граѓаните, а надворешната политика треба да се базира на изнаоѓање излезни решенија.

## *МАКЕДОНИЈА – ГРАДИТЕЛ НА ПРИЈАТЕЛСКИ ОДНОСИ НА СИТЕ КОНТИНЕНТИ*

Еден од клучните приоритети на надворешната политика на СДСМ ќе биде негувањето на исклучително добрите односи со Соединетите Американски Држави. ***САД СЕ НАЈЗНАЧАЕН СТРАТЕШКИ ПАРТНЕР НА МАКЕДОНИЈА И ПРИЈАТЕЛСКА ДРЖАВА*** - силен подржувач на евроатлантските интеграции на земјата, Македонија ќе продолжи активно да учествува во антитерористичката коалиција предводена од САД и ќе стимулира создавање услови за поголема економска соработка помеѓу двете земји и извоз на македонски производи на американскиот пазар. Соработката и искреното партнерство со САД ќе останат трајна определба и основен принцип во нашата надворешна политика. Во таа смисла, за нас и улогата на македонската дијаспора во САД е од исклучително значење во остварувањето на нашите цели.

СДСМ го дефинира негувањето на одлични билатерални односи со Руската Федерација како исклучително важно за Република Македонија. Ние се залагаме за

продлабочување на политичките и економските односи помеѓу двете земји. Веруваме дека постои огромен простор за поинтензивна соработка во областа на енергетиката како значаен дел на вкупната стопанска соработка, како и за негување и зајакнување на традиционалните културни врски помеѓу двете држави и народи.

СДСМ се залага за продлабочување на односите со Народна Република Кина и ја поддржува политиката на признавање на една Кина. СДСМ верува дека постои голем простор за соработка на политичко и особено на економско поле низ стимулирање на кинеските инвестиции во Македонија и зголемување на можноста за извоз на македонски производи на кинескиот пазар.

СДСМ ќе ги јакне пријателските односи со Република Турција и се залага за јакнење на политичката, економската и културната соработка со овој традиционален пријател и партнер на Република Македонија и ќе стимулира создавање услови за зголемување на инвестициите од оваа земја во Македонија.

СДСМ верува дека соработката со земјите од Средниот и Далечниот Исток како и Северна Африка се важни од економски аспект за Македонија и ќе стимулира нивно продблачување, особено на економски план.

Ние веруваме дека Република Македонија треба да игра активна улога во Организацијата на Обединетите Нации и да искаже амбиции за учество во органите на ООН. ООН како најширок глобален форум е клучната мултилатерална рамка за остварување на надворешно-политичките приоритети на Република Македонија. Исто така, сметаме дека улогата на Македонија во Советот на Европа (како своевидно предворје на ЕУ) е многу важна и нашата држава треба активно и со поголем капацитет да се вклучи во остварување на своите права и принципи преку ова тело.

## *МАКЕДОНИЈА КАКО ЛИДЕР ВО РЕГИОНОТ И ИНИЦИЈАТОР НА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА И ПРИЈАТЕЛСТВО*

Принципиелната, активна и стратешки ориентирана надворешна политика на СДСМ, ја осведочи Република Македонија како предводник на Западниот Балкан и Југоисточна Европа во евроатлантските интеграции и како најголем промотор и иницијатор на регионалната соработка и пријателство. Таа позиција многу лесно беше испуштена. Македонија од лидер во регионот се претвори во пасивен сведок на прогресот во регионот. Наместо држава ориентирана кон иднинатата и напредокот, стана земја опседната со минатото и пример за инаетење и непринципиелност. Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија ќе ја смени оваа неповолна ситуација. Ние сме убедени дека негувањето активни политички, економски и културни односи и со Хрватска, Црна Гора,

Босна и Херцеговина е од исклучителен интерес на прогресот и развојот на Македонија.

### ЗАТОА, СДСМ САКА ДА ЈА ПОВРАТИ ЛИДЕРСКАТА ПОЗИЦИЈА НА НАШАТА ДРЖАВА ВО РЕГИОНОТ.

Ние повторно ќе иницираме регионални проекти и ќе промовираме поинтензивна регионална соработка во областа на евроатлантските интеграции, како и економијата и културата. Интензивната соработка во областа на политиката и економијата се гаранција за побрз економски развој. За Македонија од исклучителен интерес е довршувањето на изградбата на Коридорите 8 и 10 како и соработката во областа на енергетиката.

### МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА СО ПРОФЕСИОНАЛНА, СТРУЧНА И РАСПРОТРАНЕТА ДИПЛОМАТСКА МРЕЖА

СДСМ промовира воспоставување на професионална, стручна и распространета дипломатска мрежа. Македонската дипломатија ќе биде водена од квалитетно обучени и стручни професионалци со искуство во надворешната политика и меѓународните односи. Процесот на професионализација на дипломатијата е важен приоритет на СДСМ. Ние се залагаме за компактна дипломатска мрежа со јасно утврдени стратешки приоритети и долгорочни цели.

Дипломатско-конзуларните претставништва на Македонија мора да бидат и најголемите економски промотори на земјата и лобисти за привлекување странски инвестиции во државата како и промотори на македонските производи во странство. Нивните професионални капацитети ќе бидат постојано отворени за потребите на сите граѓани на нашата држава, да можат слободно и безбедно да патуваат низ светот, ако сакат да живеат надвор од границите на сопствената татковина и да ги остваруваат своите деловни активности.

### НАМ НИ ТРЕБААТ ДОБРО ОБУЧЕНИ МЛАДИ ДИПЛОМАТИ И ИСКУСНИ ПРОФЕСИОНАЛЦИ КОИ ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ ПРЕНЕСАТ СВОИТЕ ЗНАЕЊА.

Дипломатијата не е и не смее да биде биро за вработување на старите истрошени партиски кадри. Не смееме да дозволиме импровизации во надворешната политика. Нашите дипломати се сликата и огледалото на нашата држава во странство. Ние сакаме Република Македонија да се претстави со убаво лице во промовирањето на својата

надворешна политика.

Не постои успешна и ефикасна надворешна политика без стратешка и развојно ориентирана внатрешна политика. ***НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА ВО ПРВ РЕД И НАЈЕФИКАСНО СЕ КРЕИРА ВНАТРЕ ВО ДРЖАВАТА.*** Успешната внатрешна политика е гаранција за ефикасна надворешна политика. Надворешната политика се гради и промовира дома, па потоа се спроведува на надворешен план, но почнувајќи од самите наши граници. Надворешната политика е специфичен облик на внатрешната политика на една земја. Затоа, за нас принципот на кохабитација и соработка помеѓу сите чинители на надрворешната политика во државата е клучен предуслов са успешна и координирана надворешна политика.

***НАШИТЕ ВО СВЕТОТ***

***ВО ОДНОСИТЕ СО ДИЈАСПОРАТА, СДСМ ЌЕ СЕ ЗАЛАГА ЗА:***

***1. ЗАШТИТА НА НАЦИОНАЛНИТЕ, КУЛТУРНИТЕ, ЈАЗИЧНИТЕ И ВЕРСКИТЕ ПРАВА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО СОСЕДСТВОТО И ДИЈАСПОРАТА.***

***2. ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА ВРСКИТЕ МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА- ТАТКОВИНАТА И ПРИПАДНИЦИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД КОИ ЖИВЕАТ ВО СТРАНСТВО, НА ФЕР И ПРИНЦИПИЕЛНА ОСНОВА И БЕЗ ЗЛОУПОТРЕБА НА ПОЛИТИЧКИ ТЕМИ ЗАРАДИ СИТНО-ПАРТИСКИ ЦЕЛИ И ДОБИВАЊЕ КРАТКОРОЧНИ ПОЛИТИЧКИ ПОЕНИ, КОИ ИМААТ ДОЛГОРОЧНИ ПОСЛЕДИЦИ ПО УГЛЕДОТ НА ДРЖАВАТА НА МЕЃУНАРОДЕН ПЛАН.***

***3. ВИСТИНСКА И ЕФИКАСНА ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ КОИ ЖИВЕАТ ВО СТРАНСТВО ЗА РАЗЛИКА ОД АКТУЕЛНАТА ЛАЖНА ГРИЖА И МАТЕРИЈАЛНОТО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА НАШИТЕ СОНАРОДНИЦИ.***

***4. ФОРМИРАЊЕ НА НАТПАРТИСКА КОМИСИЈА СОСТАВЕНА ОД ПОЛИТИЧАРИ, ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ, ПРЕТСТАВНИЦИ НА ДИЈАСПОРАТА, ПРЕТСТАВНИЦИ НА МПЦ, ЕКСПЕРТИ И НОВИНАРИ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ И СОРАБОТКАТА СО ДИЈАСПОРАТА.***

***5. ПОМОШ И ПОДДРШКА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНИОТ И НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД СОСЕДНИТЕ ДРЖАВИ, КООРДИНАЦИЈА МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА, МАКЕДОНСКИТЕ КУЛТУРНИ ЦЕНТРИ И ЛЕГИТИМНИТЕ ПАРТИИ***

***НА МАКЕДОНСКОТО МАЛЦИНСТВО, СО ЦЕЛОСНО ПОЧИТУВАЊЕ НА ИНТЕГРИТЕТОТ И СУВЕРЕНИТЕТОТ НА СОСЕДНИТЕ ЗЕМЈИ, КАКО И ИСКОРИСТУВАЊЕ ПОЧИТУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ПРАВНИ МЕХАНИЗМИ И ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ ВО ОВАА ОБЛАСТ***

***6. АКТИВНОСТИ ЗА ПОМИРУВАЊЕ/ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ АСОЦИЈАЦИИ, КЛУБОВИ И ЗДРУЖЕНИЈА ЗА СИЛНА, ОБЕДИНЕТА И ПОЛИТИЧКИ ВЛИЈАТЕЛНА МАКЕДОНСКА ДИЈАСПОРА ВО СВЕТОТ.***

***7. ИЗРАБОТКА НА ПРОПИСИ ЗА ОЛЕСНЕТО ИНВЕСТИРАЊЕ ВО МАКЕДОНИЈА ОД СТРАНА НА СИТЕ ЕТНИЧКИ МАКЕДОНЦИ И ПРИПАДНИЦИТЕ НА ОСТАНАТИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ (АЛБАНЦИ, ТУРЦИ, СРБИ, РОМИ, БОШЊАЦИ ИТН.) КОИ ЖИВЕАТ НАДВОР ОД ГРАНИЦИТЕ НА Р.М, РЕ-ИНТЕГРАЦИЈА НА ПОВРАТНИЦИТЕ И МАКЕДОНЦИТЕ КОИ ПОСТИГНАЛЕ ЗНАЧАЈНИ МЕЃУНАРОДНИ РЕЗУЛТАТИ НА НАУЧЕН, СТРУЧЕН И КУЛТУРЕН ПЛАН А КОИ САКААТ ДА ГИ ПРЕНЕСАТ СВОИТЕ ЗНАЕЊА ВО МАКЕДОНИЈА,***

***8. КРЕИРАЊЕ НА ПРОГРАМИ ФОКУСИРАНИ КОН ВОСПОСТАВУВАЊЕ ДИРЕКТЕН КОНТАКТ МЕЃУ МЛАДИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА И ДИЈАСПОРАТА, КАКО ИДНИ ЛИДЕРИ ВО ОПШТЕСТВАТА.***

***9. ОСОБЕН ЗНАЧЕЊЕ ЌЕ ИМ СЕ ДАДЕ И НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ КОИ ЗАМИНАЛЕ ВО СТРАНСТВО НА СТУДИИ ИЛИ НА РАБОТА И ОДЛУЧИЛЕ ДА ГО ПРОДОЛЖАТ СВОЈОТ ЖИВОТ ТАМУ. ТИЕ ЛУЃЕ ПРЕТСТАВУВААТ ВАЖНА НИШКА ВО ПОВРЗУВАЊЕТО НА ДИЈАСПОРАТА СО ТАТКОВИНАТА.***

***10. ЌЕ ВЛОЖИМЕ СИЛНИ НАПОРИ НА ОБЕДИНУВАЊЕ НА ДИЈАСПОРАТА ВРЗ ОСНОВА НА ГРАЃАНСКИ ПРИНЦИП, ПОЧИТУВАЈЌИ ГО ЗНАЧЕЊЕТО И УЛОГАТА НА СИТЕ ЕТНИЧКИ ЗАЕДНИЦИ ВО ПРОМОВИРАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НИЗ СВЕТОТ.***